РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

# ЕКОНОМСКОТО РАЗУЗНАВАЊЕ КАКО ИНСТРУМЕНТ НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА СОВРЕМЕНИТЕ ДРЖАВИ

**-Магистерски труд-**

Ментор:

Доц.д-р Тања Милошевска

Кандидат:

Силвана Јовановска

Скопје, 2017 година

*Се барам, се пронаоѓам, го изртувам посеаното.*

*Го предизвикувам успехот, го размножувам успехот.*

*Ќе ги наквасам очите што први ги видов на светов, ќе потера нова среќа.*

*Градам на нивните темели.*

***На моите градители, на моите родители.***

## СОДРЖИНА

*АПСТРАКТ*..........5

1. ВОВЕД..........6

1.1. Формулирање на проблемот на истражувањето..........6

1.2. Предмет на истражување..........10

1.3. Цели и задачи на истражувањето..........15

1.4. Хипотетичка рамка..........18

1.5. Варијабли на истражувањето..........20

1.6. Методи на истражувањето..........21

2. Општо за поимот „разузнавање"..........23

2.1. Поим за разузнавачките служби..........31

2.1. Историја на разузнавачките служби..........41

3. Економско разузнавање..........45

3.1. Историја на економското разузнавање..........49

3.2. Разликата помеѓу економската шпионажа и економските разузнавачки активности..........51

3.3. Мотиви за економска шпионажа..........52

3.4. Економската шпионажа како конкурентска предност..........53

3.5. Бизнис етика на економската шпионажа..........54

4. Национална безбедност........................................................................56

4.1. Економските категории-најголема закана за националната безбедност.............60

4.2. Организација на системот за национална безбедност на РМ..............................61

4.3. Безбедносно-разузнавачки служби на Р. Македонија..........................................61

4.4. Дирекција за безбедност на класифицирани информации..................................65

4.5. Агенцијата за разузнавање......................................................................................66

4.6. Управа за безбедност и контраразузнавање..........................................................70

4.7. Управување со кризи во РМ....................................................................................71

4.8. Национална стратегија за безбедност на РМ.........................................................72

5. Бизнис разузнавање........................................................................................................75

5.1. Бизнис разузнавачки служби......................................................................................77

5.2. Бизнис разузнавањето како инструмент на национална безбедност на современите држави..............................................................................................................79

5.3. Корпоративно разузнавање........................................................................................85

5.4. Шпионски софтвер.......................................................................................................88

5.5. Важноста и вредноста на бизнис информациите.....................................................89

5.6. Крадење податоци од фирми.......................................................................................92

5.7. Примери на бизнис шпионажа....................................................................................94

5.7.1 Renault..........................................................................................................................94

5.7.2. McLaren vs Ferrari.......................................................................................................95

5.7.3. Ericson..........................................................................................................................98

5.7.4. Hewlett-Packard......99

5.7.6. Хакерски напад на сметки на компании......100

6. Меѓународно економско разузнавање......102

6.1. Односот на Америка, Јапонија, Франција и Србија кон економската шпионажа......106

6.2. Школи за економско разузнавање......109

7. Индустриската шпионажа......113

7.1. Врската помеѓу индустриската и економската шпионажа......115

8. Економско разузнавање и новите технологии во глобализираната заедница......120

8.1. Шпионирање без граници во дигиталната ера......121

8.2. Современа технологија и општествената моќ на информациите......123

9. Модел на бизнис разузнавачки активности......126

9.1. Планирање и управување......128

9.2. Собирање на податоци......129

9.3. Анализа на податоци......132

9.4. Стратешки систем за рано предупредување......132

10. Модел на бизнис контра-разузнавање......134

11. ЗАКЛУЧОК......138

12. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА......142

*АПСТРАКТ*

Основниот предмет на ова истражување е насочено кон разоткривање на улогата на економското разузнавање како инструмент на националната безбедност на современите држави во ова денешно брзорастечко индустриско и технолошко опкружување.

Во согласност со предметот на истражување на овој магистерски труд, се наметнува и потребата од определување на клучни поими кои се поврзани со концептот на економското разузнавање како инструмент на националната безбедност на современите држави. Поради тоа во ова истражување ќе преовладуваат следните клучни поими: безбедност, разузнавање, разузнавачка служба, разузнавачка дејност, разузнавачки круг (циклус), економско разузнавање, шпионажа, економска шпионажа, економско (бизнис) информирање, економска контраразузнавачка активност, национална безбедност, економска безбедност.

**ABSTRACT**

The basic object of this research is aimed at unveiling the role of economic intelligence as an instrument of national security of the modern states in this modern fast-growing industrial and technological environment.

In accordance with the subject of research of this master's thesis, there is the need to specify key concepts related to the concept of economic intelligence as an instrument of national security of the modern states. Therefore, in this study will prevail following key concepts: security, intelligence, reconnaissance, intelligence activity, intelligence circle (cycle), economic intelligence, espionage, economic espionage, economic (business) information, economic counterintelligence activity, national security, economic security.

# 1. ВОВЕД

## 1.1. ФОРМУЛИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Традиционалното сфаќање на поимот национална безбедност е фокусирано на военото и политичкото поле. Современото сфаќање на националната безбедност е значително проширено и покрај овие две полиња ги вклучува економското, социјалното и еколошкото поле, додека економската димензија на националната безбедност е една од централните димензии на овој нов концепт. Во новиот концепт на националната безбедност, економското-разузнавачко дејствување има значајно место во спектарот на инструменти за остварување на економската димензија на националната безбедност. На тој начин, економското-разузнавачко дејствување стана инструмент на националната безбедност, но и израз на информациската и општествената моќ.

Промените кои се случија во глобализираните светски движења битно влијаеа на многу подрачја на човековата активност кои денес се значително поразлични од минатото. Сите тие промени во економските, политичките, вкупните социјални и други процеси пресудно влијаат на начинот и квалитетот на живот на современиот човек. Драматичните промени, во однос на традиционалните сфаќања, се случија всушност во современите сфаќања на националната безбедност. Националната безбедност е една од темелните категории на безбедноста. Стандардната единица на безбедноста во современи услови претставува безбедноста на суверена национална држава (национална безбедност) која ги одредува сите останати категории на безбедноста (индивидуалната, економската, регионалната, колективната, итн). Националната безбедност е рамка која доминантно го одредува начинот, квалитетот и условите на живот на современиот човек, односно целокупните економски, политички, социјални, воени, еколошки и останатите трендови и процеси. Последиците на значајните светски промени ги приморaa државите на поразлични размислувања и формулирање на националната безбедност. За разлика од претходниот период, кога примат имаа воената и политичката димензија на

националната безбедност, во новите стратегиски документи на многу современи држави централно место го заседе економската димензија на националната безбедност. Многу држави сфатија дека економската стабилност, развојот на економијата, конкурентноста на глобалните пазари и растот на животниот стандард претставуваат најважни национални интереси. Новите предуслови наметнаа и потреба за барање на нови инструменти за дејствување во поинакви рамки и предизвици. Тоа не се однесува само на страгиските инструменти на дејствување на национално и на државно ниво, туку и на степенот на дејствување во поодделни подрачја (на пр. економијата), и одделни организациски форми (пр. компании). Во тие нови побарувања и прилагодувања, новите инструменти постанаа составен дел на вкупните инструменти од спектарот на националната безбедност. Со други зборови, тие нови инструменти добија значајно место во остварување на националната безбедност и националните интереси и постанаа инструмент на општествена моќ. Еден од тие инструменти е економското разузнавање кое претставува и израз на информациска моќ. Економското разузнавање резултира со знаење а оние кои го имаат тоа знаење им дава предност во однос на оние кои го немаат. Тоа е знаење кое има улога на надреденост, супериорност, позиција на надмоќност, во однос на оние кои не го поседуваат тоа знаење. Затоа, економското разузнавање претставува инструмент на информациската и на општествената моќ.

Новиот светски поредок сѐ повеќе наметнува економски натпревари, наместо воени судири. Уште еднаш во светот доаѓа времето на доминација на бизнис (економската) шпионажа.

Економското натпреварување станувало планетарно. Извозувајќи повеќе производи, услуги, вкупно знење (што Англосаксонците гоословуваат како know-how, а Французите savoir-faire) секаде низ светот, секоја нација се стреми кон тоа да ја добие оваа војна од нов вид, во којашто жртви се компаниите со непосредни последици по вработувањето и брутонационалниот производ. Како што американскиот геополитичар, Е. Лутвак, има речено: „тоа е продолжување на дипломатските и воените стратегии со трговски и економски стратегии".

Веќе со години поголемиот дел од владите на низа држави од целиот свет и придаваат сè поголемо значење на оваа област. Се признава дека запоставувањето на разузнувачките економски активности во функционирањето на секоја современа држава може да има негативни економски последици врз развојот на општеството. Затоа и собирањето, т.е. анализата на тн. макроекономска разузнавачка дејност станала неизбежна активност на современите влади. Воопшто, овој вид разузнавачки дејности се извршува со проучување на пазарот на стоките и цените, трговијата, договорите, како и низ следење на позициите на другите влади и трговските меѓународни организации. На ова ниво, пак, дејствувањето многу малку е различно од секојдневната работа на финансиските и индустриските аналитичари, како и медиумските финансиски експерти, ангажирани во најголемите светски медиуми или големите коорпорации. Таа работа, всушност, е легална и во ништо не зависи од класичните разузнавачки агенции. Вистинската шпионска работа се извршува низ собирањето макроекономски податоци, така што се настојува да се дојде до подобри информации, што веќе постојат во т.н. отворени извори. Целта отсекогаш, без разлика на кое ниво се работи и за чија страна, е да се дојде до што поквалитетни сопствени одлуки во областа на финансиите, индустријата, маркетингот или за достигнување предност на бројните светски конкуренти во трговските преговарања. Важен момент на овие активности е доаѓањето до техничките податоци за странските производи, процеси и иновации.

Многу земји посветуваат посебно внимание проучувајќи ги економските односи во една земја, квантитетот, квалитетот и разновидните производи, силите на нејзината индустрија, увозот и извозот, пласирањата на странските пазари, техничкиот и научен развој се со цел да се заштитат економските интереси на сопствената земја. Економската шпионажа не претставува само собирање економски податоци за една земја, туку и заштита на сопствените интереси, од штети што може да и ги нанесе друга земја. Таа воедно решава и проблеми на своето стопанство и индустрија и овозможува нивен брз развој. Со шпионажа, односно со непрофесионален однос кон овие сериозни закани за една држава, во

определени критични ситуации во голема мерка може да биде загрозена нејзината национална безбедност.

„Оние кои што ги познаваат своите непријатели толку добро како што се познаваат себеси, никогаш нема да бидат поразени"[1] цитат на познатиот воен теоретичар Сун Цу уште во IV-от век пред нашата ера. Историски гледано шефовите на државите, владите како и сите останати раководства имале потреба однапред да ги знаат опасностите поради што се појавила и потребата од прибирање на различни видови на информации и податоци. Прибирањето и обработката на информациите за намерите на другите земји всушност претставува разузнавање. Разузнавањето постои откако постои и човекот. Ако знаењето е сила тогаш тајното знаење е скриена сила и има огромна моќ бидејќи познавањето на противникот претставува половина од успехот на било која операција. Разузнавањето е секогаш поврзано со некоја информација, но таа информација ќе биде уште поголема доколку противникот не знае дека имаме податоци за неговите капацитети. Разузнавањето претставува неопходен дел од безбедносниот систем на секоја држава. Тоа претставува збир на информација, знаење и паметење, всушност означува тајно прибирање на информации со цел истражување на определена област, предмет или лице. Денес разузнавањето претставува витален елемент на секоја меѓународна активност на сите земји во светот, бидејќи разузнавачките информации имаат огромно значење за економијата, политиката, одбраната како и за националната безбедност на земјите. Така разузнавачките служби претставуваат „очи и уши" на современите држави односно ја предвидуваат иднината која е од посебен интерес за националната безбедност.

Улогата на разузнавањето за националната безбедност ќе биде поширока и потешка во иднина во сложеното меѓународно безбедносно опкружување.

Разузнавањето од овој аспект претставува значаен сегмент, инструмент и функција во рамките на системот за национална безбедност за целосно функционирање на сложениот систем за национална безбедност на современата држава.

[1] Сун Цу, Вештина на војувањето, Штрк, Скопје, 1996, стр. 19.

## 1.2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Основниот предмет на ова истражување е насочено кон разоткривање на улогата на економското разузнавање како инструмент на националната безбедност на современите држави во ова денешно брзорастечко индустриско и технолошко опкружување.

Во категоризацијата според предметот за разузнавање, обично се јавуваат неколку основни видови: „политичко", „воено" и „економско" разузнавање.

Економското разузнавање првенствено подразбира разузнавање за економиите на странските држави, како и за меѓународната трговија и финансии.

Економското разузнавање првенствено се реализира преку отворени извори, додека тајното прибирање повеќе се применува за некои посебни (многу сензитивни, доверливи прашања од клучни стратегиски-економски аспекти) на микро-ниво. Дипломатската поддршка во овој контекст се користи за воспоставување на нови трговски мрежи, зачувување и обезбедување на постојните инвестиции, економските преговори и договори.

Предмет на истражување на економското разузнавање претставува економското разузнавање во економското подрачје и инкорпорира три карактеристики:

1. Процес на собирање на податоци и информации кои после соодветна обработка (изработка на аналитички извештаи) постануваат знаење;
2. Фокусирано е на оние информации со основа на кои може да се антиципираат идните процеси, збиднувања, активности;
3. Инструмент кој има улога на потпора во процесот на донесување на одлуки.

Заради целосно и прецизно доловување на предметот на истражување, се тргнува од основата на теоретските сознанија, со цел успешно и јасно дефинирање на посочениот проблем на истражување.

Во согласност со предметот на истражување на овој магистерски труд, се наметнува и потребата од определување на клучни поими кои се поврзани со концептот на

економското разузнавање како инструмент на националната безбедност на современите држави. Поради тоа во ова истражување ќе преовладуваат следните клучни поими: безбедност, разузнавање, разузнавачка служба, разузнавачка дејснот, разузнавачки круг (циклус), економско разузнавање, шпионажа, економска шпионажа, економско (бизнис) информирање, економска контраразузнавачка активност, национална безбедност, економска безбедност.

**Безбедноста** е многу широк поим, па затоа поради неговата комплексност, понекогаш се здобива и со епитетот на „неодреден симбол" кој може, но и немора да има некое значење[2]. Безбедноста можеме да ја третираме како состојба во која е осигуран урамнотежениот физички, духовен, душевен и материјален опстанок на поединецот и општествената заедница во односот кон другите поединци, општествени заедници и природата.[3] За да се постигне чувството на безбедност, треба адекватно да се одговори на променливата природа на различните видови закани, ризици и предизвици. И покрај неодредливоста на овој поим, таа го зазема местото на најзначаен атрибут на секоја држава.

**Разузнавање** претставува производ кој е резултат од прибирање (собирање), складирање, интегрирање, анализирање, обработка и интерпретација на расположливите информации што се однесуваат на други држави и региони. Разузнавањето претставува збир на информации и факти што се однесуваат наодредени непријатели добиени преку опсервација, истражувања, анализирања или разбирања. Разузнавањето може да се сфати како процес, односно серија од интерактивни чекори познати како „разузнавачки круг", или „разузнавачки циклуси". Разузнавањето може да се разгледува како група мисии изведена од стара на тајните разузнавачки служби.[4]

**Економското разузнавање** е поим кои сеопфатно ги толкува многу богатиот репертоар на активности на современото настојување на сите држави да дојдат до знаењата на другите нации кои ги користат во науката, технологијата и производството,

---

[2] Arnold Wolfers, National Security as an Ambiguous Symbol, *Political Science Quarterly*, Vol.67, no.4, 1952.
[3] Митко Котовчевски, *Национална безбедност на Република Македонија*, Скопје 2000 г. стр. 21.
[4] Митко Котовчески, *Основи на разузнавање*, Филозофски факултет, Скопје, 2013, стр.38-39.

кои отсекогаш постоеле во сите држави. Тоа што денес го нарекуваме економско разузнавање ги прати човековите активности уште од најстарите периоди на историјата. [5]

**"Business intelligence"** подразбира такво разузнавачко дејствување во областа на стопанството, каде со континуирано собирање на јавно достапни податоци се врши и облагодарување и дообликување на податоците собрани по пат на класично разузнавање. Во оваа сфера преовладува мислењето дека со континуираното собирање и со темелна анализа на таквите податоци може да се дојде и до содржините на тајните податоци, кои разузнавачките служби ги добиваат на класичен начин.

**Разузнавањето** претставува производ кој е резултат од прибирање (собирање), складирање, интегрирање, анализирање, обработка и интерпретација на расположливите информации што се однесуваат на други држави или региони"[6].

Според дефиницијата, од макро аспект, **економското (бизнис) информирање** е поим што, генерално, опфаќа богат репертоар на активности и современи напори на сите држави да дојдат до знаењата што другите нации ги поседуваат и ги користат за своите потреби во технологијата и производството а коишто отсекогаш постоеле во светот. Од микро аспект, пак, тоа се сите активности и напори на деловните субјекти и големи и силни комплекси во една иста или различни национални економии да дојдат до знаењата што другите конкурентски деловни субјекти и трговски комплекси ги поседуваат и користат за своите потреби во технологијата и производството, а сè со цел да се присвојат нивните строго чувани деловни тајни, што натаму ќе се користат за остварување поголем профит и обезбедување повисоко конкурентско место во дејноста.

**Економска шпионажа** води потекло од зборовите –(грч. oikonomikos –стопански; фр.espionnage; гер. Spionage; анг. espionage–следење, поткажување, доставување), а се реализира преку:

---

[5] Зоран Петрович Пирочанац, *Економска шпијунажа*, Институт за политички студии, Белград, 2005, стр. 5
[6] Котовчевски, М, *Македонско-англиски речник на разузнавачка терминологија*, Боматграфикс, Скопје, 2009.

1. организирано собирање податоци, што претставуваат деловна тајна, од одделни стопански организации (претпријатија, фирми), во корист на други претпријатија во, или надвор од земјата, обично од конкурентски побуди;
2. Собирање важни податоци за одделни претпријатија, стопански гранки и за целото стопанство на една држава во корист на друга, што ќе можат да се користат за економски, воени и општополитички државни цели.[7]

**Економското разузнавање** претставува разузнавачка активност која подразбира процесс на легално собирање на јавни достапни податоци со етички средства, нивна анализа и претворање во готови економски-разузнавачки анализи (знаење) со цел потпора на раководителите на економските дејности за да донесат и реализираат квалитетни бизнис одлуки насочени кон сочувување на постојните позиции на субјектите во работното опкружување, избегнување на закани и квалитетен напредок.[8]

**Економската разузнавачка активност** може да се дефинира како збир на координирани акции на истражување, обработка и дистрибуции на информации корисни за економски афери, поради нивна експлоатација.[9]

**„Business intelligence"** подразбира такво разузнавачко дејствување во областа на стопанството, каде со континуирано собирање на јавно достапни податоци се врши облагодарување и дообликување на податоците собрани по пат на класично разузнавање. Во оваа сфера преовладува мислењето дека со континуирано собирање и со темелна анализа на таквите податоци може да се дојде и до

[7] Ристо Фотов и др, *Економско-финансиски лексикон, Универзитет*, Гоце Делчев, Штип, 2013.
[8] Javorovic, B., Milandzic, M. *Poslovne informacije i business intelligence*, Zagreb: Golden marketing-Tehnicka knjiga, 2007.
[9] Neskovic S. *Ekonomska spijunaza u savremenoj megunarodnoj konstelaciji*, Ekonomija, teorija i praksa, Godina IV, broj 1, 2011.

содржините на тајните податоци, кои разузнавачките служби ги добиваат на класичен начин.[10]

**Економска контраразузнавачка активност** претставува активност насочена кон безбедност на економските субјекти и воспоставување на механизми за негова заштита. Тоа подразбира активности кои се насочени кон елиминација или редуцирање на последиците на разузнавачките активности од страна на конкурентите, односно заштита на информациите на работните субјекти во однос на економската шпионажа поради остварување на три цели: задржување на статус кво поврзано со позицијата на економските субјекти во нивното работно опкружување; проценка на можните опасности, закани и заштита на економските субјекти од нелегални и неетички интервенции на други субјекти.[11]

**Националната безбедност** е дефинирана како активност на држави-нации со која државите во рамките на нивните општествени капацитети во сегашноста и иднината, имајќи ги предвид глобалните промени и развојот, го штитат својот идентитет, постоење и интереси. Оваа активност вклучува: посебни мерки (во трговијата и економијата, културата, итн) да се заштитат и одбранат самите од која било закана од средината; -безбедносни мерки на општеството, кои мора да бидат во согласност со капацитетите на општеството (во спротивно тие би можеле да водат до небезбедност);-овие мерки мора да бидат планирани (долгорочни и краткорочни); -и прилагодени на глобалните и регионалните промени во светот.

**Разузнавачката служба** претставува значајна државна специјализирана организација која врши собирање и анализа и проценка на разузнавачките податоци и информации за другите држави, за нивните воени и економски потенцијали, за политичката состојба, за следење на намерите на другите држави, за научните

[10] Котовчевски, М. *Основи на разузнавање*. Филозофски факултет, 2013.
[11] Bernhardt, D. *Competitive Intelligence: How to acquire and use corporate intelligence and counter-intelligence*. London: Prentice Hall Financial Times, 2003

откритија, за посредување помеѓу државите (и тајната дипломатија) и други податоци од витален интерес за успешно функционирање на државата.[12]

**Разузнавачка дејност**-собирање, анализа и проценка на разузнавачките податоци и информации за другите држави, нивните воени и економски потенцијали, политичка состојба, како и откривање на намерите на другите држави, преку следење на тајната дипломатија, научните откритија и други податоци од витален интерес.

**Разузнавачки круг (циклус)** претставува процес преку кои се добиваат информациите кои се трансформираат (преобразуваат) во финален разузнавачки материјал (производ) приспособен за крајните корисници.[13]

**Економска безбедност** е заштита на економските потенцијали од физичка загрозеност и отсуство на закани кои можат да ја загрозат економската стабилност и независност.

## 1.3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

*Цели на истражувањето*

Идејата за истражувањето е резултат на поттикот да се дојде до одредени научни и практични сознанија за економското разузнавање како инструмент на националната безбедност на современите држави. Да се осознаат последиците и бенефитите од економското разузнавање врз националната безбедност, да се дознаат начините за поквалитетно разузнавање во ова поле и неговата улога во подобрувањето на развојот на современите држави.

Со брзиот развој на новите информациски системи, податоците стануваат брзо достапни. Банките на податоци располагаат со огромен број информации, но сега проблем е нивното обработување и систематизирање. И покрај меѓународните бази

[12] Котовчевски, М. *Основи на разузнавање*, Филозофски факултет, 2013.
[13] Котовчевски, М. *Основи на разузнавање*, Филозофски факултет, 2013.

на податоци, кои се мошне транспарентни, се уште постојат (и ќе постојат) документи и податоци кои се чуваат како тајност, што пред разузнавачките служби поставуваат нови предизвици, нови и посложени задачи. Новите корисници се заинтересирани за целосни и за студиозни информации, а не само за податоци што неминовно придонесува и за повисок степен на интелектуално збогатување на конкретното општество.

Истражувањето за економското разузнавање како инструмент на националната безбедност на современите држави има научна и практична цел.

***Научна цел***

Научната цел на ова истражување е да се дојде до сознание дали и колку економското разузнавање претставува инструмент на националната безбедност на современите држави и дали економското разузнавање има позитивно влијание врз националната безбедност.

***Практична цел***

Практичната цел на ова истражување е насочена кон укажување на потребата од економското разузнавање како инструмент на националната безбедност на современите држави. Со солиден поставен систем за разузнавање ќе се подобри економскиот раст на земјите и со самото тоа ќе се овозможи напредок на земјите во транзиција. Со економското разузнавање ќе се избегнат манипулациите во економијата кои влијаат штетно врз националната безбедност. Со овој труд ќе се согледат сегашните системи за економско разузнавање во современите држави и ќе се извлечат заклучоци за недостатоците и предностите на одделните системи.

Кои се најзначајните промени и тенденции во развојот на разузнавачките служби, претставува значајно прашање од посебна теоретска и практична важност. Современите промени што ги зафатија овие значајни сегменти се многубројни и различни и со различен интензитет. Но, тежиштето, сепак, е насочено од сферата на воено-одбранбениот комплекс кон стопанско-политичкиот комплекс.

Покрај научната и практичната цел ова истражување ќе ги има и следните *општи цели*:

- Да се потврди меѓусебна поврзаност на економското разузнавање со националната безбедност;
- Да се согледа начинот на дејствување на економско разузнавање во однос на пронаоѓање на пософистицирани средства за превентивно решавање на одредени критични ситуации.
- Да се види дали економските разузнавачи во земјите во транзиција се квалитетен кадар, кој е обучен и подготвен за прибирање на податоци, контрола и превенција на идни позитивни и негативни состојби;
- Да се согледа можноста од присуство на експерти разузнавачи или користење на одредени експертски ставови кои би можеле да придонесат во ефективноста и ефикасноста во однос на донесувањето на клучни одлуки за подобрување на националната безбедност во земјите во транзиција;
- Да се истражи колку е применувано економското разузнавање во државите со цел осигурување на националната безбедноста и на елиминирањето на заканите ризиците и предизвиците.

***Задачи на истражувањето***

Врз основа на вака поставените цели ќе произлезат и следниве задачи:

- Да се согледа поврзаноста на економското разузнавање и националната безбедност;
- Да се истражи влијанието на софистицираните средства врз економското разузнавање;

- Да се увиди стручноста и способноста на човечките ресурси вклучени во економското разузнавање во современите држави;

- Да се согледа дали експертите во областа на економското разузнавање би ја подобриле националната безбедност;

- Да се истражи можноста од манипулации во економијата во земјите во транзиција поради нивниот нестабилен економски развој и влијанието врз нивната национална безбедност.

- Да се увиди дали економското разузнавање претставува инструмент кое има сериозно влијание на националната безбедност на современите држави.

## 1.4. ХИПОТЕТИЧКА РАМКА

Врз основа на општиот пристап на проблемот за економското разузнавање и националната безбедност и врз основа на веќе поставените цели на ова истражување ќе ја поставам следнава **општа хипотеза**:

*Општа хипотеза*

Развојот и унапредувањето на економско разузнавање во спектарот на инструменти за остварување на економските димензии на националната безбедност придонесува кон зајакнување на националната безбедност на современите држави.

*Посебни хипотези*

1. Економското разузнавање е елемент на различни активности на разузнавањето за обезбедување на националната безбедност на државата.
2. Економското разузнавање е неопходно да биде имплементирано заедно со другите компоненти кои го поддржуваат националниот безбедносен систем на државата.

3. Со подобрување на системот на економското разузнавање, користењето на пософистицирани средства како и знаењата на разузнавачите се зголемува нивото на националната безбедност.

4. Професионалноста и компетентноста на разузнавачите ја гарантира националната безбедност, при што секоја донесена одлука резултира со заштита и разоткривање на опасноста.

5. Развојот на разузнавањето е битен елемент во создавање на солидни разузнавачко-безбедносни заедници.

6. Улогата на економското разузнавање е значајно во обезбедување на економска безбедност на државата и е критично за приватниот економски сектор.

7. Соработката на земјите во транзиција со развиените земји придонесува за подобрување на националната безбедност.

8. Со успешно спроведување на економското разузнавање се намалува злоупотребата во економската сфера, а со самото тоа се овозможува и правилен развој на државата.

9. Високото ниво на транспарентност на економските информации е ризично во услови на војна.

10. Науката и образовниот систем се важни елементи на економското разузнавање.

11. Економското разузнавање може да ги зајакне државните способности за контролирање на економијата.

12. Државите е неопходно да развијат стратегија за креирање и имплементација на економското разузнавање.

13. Соработката помеѓу современите разузнавачко-безбедносни заедници на полето на економското разузнавање е недоволно развиена.

14. Соработката помеѓу современите разузнавачко-безбедносни заедници на полето на економското разузнавање е возможна кога целите се заеднички на економски но и на безбедносен план.

15. Културните традиции, позицијата на државата насочена кон контрола на сопствената економија се важни фактори во создавање на разузнавачко-безбедносен систем со фокус во сферата на економскиот развој.

16. Солидно поставен, координиран и развиен систем на економското разузнавање води кон зајакнување на националната економска безбедност.

## 1.5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Независна варијабла

*Економско разузнавање* претставува солидно планирани и стручни активности со цел прибирање на економски информации за големи проекти како во приватниот сектор така и во државниот сектор. Економското разузнавање се фокусира на капацитетите и можностите на природните и човечките извори, а посебно на функционирањето на националните економии и економски релации помеѓу земјите.

Зависна варијабла

*Националната безбедност* претставува дејност на националните држави со која тие го заштитуваат својот национален идентитет, опстанок и интереси, во согласност со своите општествени и национални можности, притоа земајќи ги во предвид новите глобални промени и развој. Националната безбедност е дефинирана и како активност на држави-нации со која државите во рамките на нивните општествени капацитети во сегашноста и иднината, имајќи ги предвид глобалните промени и развојот, го штитат својот идентитет, постоење и интереси. Оваа активност вклучува: посебни

мерки (во трговијата и економијата, културата, итн) да се заштитат и одбранат самите од која било закана од средината.

## 1.6. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Посебна примена во истражувањето ќе заземат следните методи: Индуктивниот метод, дедуктивниот метод, методот на анализа и синтеза, компаративна метода и историска метода.

*Индуктивниот метод*, ќе заземе своја примена, во однос на начинот на согледување на работите поврзани со економското разузнавање, а кој се темели на комплетна анализа на поединечните и важни фактори, при што од конкретни поединечни економски појави се доаѓа до општи заклучоци за националната безбедност, кои резултираат со нејзино целокупно согледување во однос на нејзиното влијание врз современите држави. Одредените заклучни согледувања пред се зависат од бројот на факторите за одредена економска појава како и од нивото на анализираната репрезентативност.

*Дедуктивниот метод* ќе се користи за издигнување на општите познавања на она што всушност претставува економското разузнавање па се до основните поединечни и посебни познавања во однос на неговата улога, системот на функционирање и влијанието врз националната безбедност современите држави. Во склоп на ова, наеѓа примена и *Методот за анализа и синтеза* кој ќе се користи во однос на проучување и извлекување на одделни судови, поими и заклучоци од импликациите на економското разузнавање како инструмент на националната безбедност.

*Компаративната метода* ќе заземе место во сите случаи каде постои потреба од споредување на одредени прашања за влијанието на еконмското разузнавање, како и анализа на одредени ситуации кои се случувале во минатото, во однос на оние што се присутни денес. Овде ќе стане збор за споредба на појавите што се истражувале со исти

појави во развиени држави, кои веќе имаат добро поставен систем за економско разузнавање.

Со *историската метода* ќе се даде една историска ретроспектива за состојбите кои се случувале во минатото. Доколу немаме јасна претстава за случувањата кои претходат на денешните состојби, тогаш ситуациите со кои се соочуваме денес нема да се следбеници на соодветен ризик, а со самото тоа и импликациите стануваат непредвидливи. Меѓутоа сите ситуации не мора да се резултат на она што се случувало од порано. Историскиот метод појавите ги набљудува во континуитет и при согледување на состојбите се раководи на околностите кои се случувале во минатото. За веродостојна примена на овој метод ќе се користи соодветна научно верификувана документација и литература.

## 2. Општо за поимот „разузнавање"

Со најопшти зборови разузнавањето може да биде дефинирано како процесирана информација, или пак како знаење и анализа осмислени за да помогнат во акција.[14] Во Random House Dictionary е опишано како „собирање на тајни информации", информации за противникот или за потенцијален противник".[15] Слично на тоа поимот „разузнавање"се дефинира како „информација која е собрана, споредена и анализирана и од која е извлечен заклучок кој претставува одговор на претходните барања на крајните корисници".[16]

Разузнавањето се однесува на свеста и разбирањето на државата за нејзиното стратешко опкружување стекнато преку собирање и анализа на тајни и достапни информации. Покрај ова, кога се мисли на разузнавање тоа може да биде организација која продуктира такво знаење, може да се мисли на дејствијата кои ги преземаат тој тип на организации или самиот производ кој се добива од овие дејствувања. Попрецизно разузнавањето може да се дефинира како " продукт или резултат кој произлегува од собирањето, обработката,интеграцијата, анализата, евулацијата и толкувањето на расположливите информации кои се однесуваат на странски држави".[17]

**Разузнавачка дејност** е собирање, анализа и проценка на разузнавачките податоци и информации за другите држави, нивните воени и економски потенцијали, политичка состојба, како и откривање на намерите на другите држави, преку следење на тајната дипломатија, научните откритија и други податоци од витален интерес.

**Разузнавачката служба** претставува значајна државна специјализирана организација која врши собирање и анализа и проценка на разузнавачките податоци и

[14] Graeme R. Newman & Ronald V. Clarke. 2010. „*Policijska dejavnost proti terorizmu*". učbenik za vodilno osebje na policijskih postajah, urednika dodanih slovenskih prispevkov Iztok Podbregar, Andrej Sotlar. - Ljubljana: Fakulteta za varnostne vede, Ljubljana, стр. 48.

[15] Adams J.1995, „*Exploring the Frontiers of Espionage*", Pimlico, London, p. XXVII

[16] Polmer, N. & Allen, B.T. 1997, „*Encicloрedia of Espionage*", Gramercy Books, New York, p. XVIII.

[17] Котовчевски Митко, Божиновска Слаѓана, *Англиско-Македонски Речник на Разузнавачка Терминологија*, Скопје, Филозофски Факултет, 2007, стр. 90.

информации за другите држави, за нивните воени и економски потенцијали, за политичката состојба, за следење на намерите на другите држави, за научните откритија, за посредување помеѓу државите (и тајната дипломатија) и други податоци од витален интерес за успешно функционирање на државата.[18] Исто така, денес разузнавачките служби се занимаваат "со предвидување на иднината" од посебен интерес за националната безбедност. Тие претставуваат "очи и уши" на современите држави и нивното потценување неизбежно ги прави државите "слепи и глуви" доведувајќи го во прашање нивниот национален опстанок.

Според Митко Котовчевски, "разузнавачката дејност се врши преку собирање, анализа и проценка на разузнавачките податоци и информации за другите држави, за нивните воени и економски потенцијали, за политичката состојба, за следење на намерите на другите држави, за научните откритија, за посредување помеѓу државите (и тајна дипломатија) и други податоци од витален интерес за успешно функционирање на државата".[19]

Според Алекса Стаменковски, разузнавачките служби се клучна компонента на секоја држава, кои даваат независна анализа на информациите што се однесуваат на безбедноста на државата и на општеството и заштита на неговите витални интереси.[20]

Според Љубомир Стајиќ, разузнавачката служба се дефинира како специјализирана, релативно самостојна институција на државниот апарат која е овластена со легални, но и со тајни средства и методи да прибира значајни разузнавачки податоци и информации за други држави или нивните институции и можни внатрешни противници на државата, потребни за водење на државната политика и преземање други постапки во војна и мир, и со сопствена активност, самостојно или со други државни органи да спроведува дел од државните и политичките цели на земјата.[21]

[18] Котовчевски.М., *Основи на разузнавањето*, Филозофски факултет, Скопје, 2013.
[19] Котовчевски Митко, *Тајни Служби*, Македонска Цивилизација, Скопје, 1999, стр. 30
[20] Алекса Стаменковски, *Основи на разузнавањето*, НИП ЃУРЃА, Скопје,1999.
[21] Љубомир Стајиќ, *Основи безбедности*, Полициска академија - Београд, 2004, стр. 201.

Според Милан Милошевиќ под разузнавачка служба се подразбира специјализирана организација на државниот апарат, која со специфични методи и средства извршува разузнавачки, безбедносни, субверзивни и други активности, со цел заштита на внатрешната и надворешната безбедност и реализација на стратегиските цели на сопствената држава, како и заштита на самата служба.[22]

Според Маслеша, разузнавачката служба треба да се дефинира како специфична, специјализирана, високопрофесионална и релативно самостојна општествена институција која во согласност со законски дадените овластувања и со користење посебни легални и тајни методи и средства на системски начин прибира заштитени релевантни информативни податоци и други информации за плановите и намерите на другите држави или нивни одделни институции, кои се потребни за обликување, креирање и водење на глобалната политика особено на надворешно-политички план. Истовремено должност на разузнавачката служба е да ги заштити виталните интереси на сопствената држава, така што таа открива, следи, проучува и оневозможува дејствување на странските разузнавачки служби, како и на други структури кои првенствено на тој начин се занимаваат со разни видови недозволени дејности.[23]

Целите на службите за разузнавање се:

• Обезбедуваат анализа во области кои се однесуваат на националната безбедност;

• Даваат рано предупредување за претстојни кризи;

• Му служат на националното и меѓународното управување со кризи со тоа што помагаат да се откријат намерите на постојните или потенцијалните противници;

• Информираат за национално планирање на одбраната и воените операции;

• Ги штитат тајните, како на своите извори и активности, така и на оние од другите државни агенции; и

[22] Милан Милошевиќ, *Систем државне безбедности*, Полициска академија, Београд, 2001.

[23] Masleša R., *Teorije I sistemi sigurnosti*, "Magistrat" Sarajevo, 2001, str. 196-198.

• Може да делуваат тајно за да се влијае врз резултатот од настаните во полза на националните интереси.[24]

Во седумдесетите години на XX век Енциклопедија Британика ги дефинира задачите на разузнавачките служби на одредена држава како "постојано прибирање и анализирање на податоци за ставот, можностите или веројатните политички одлуки на други држави", како и „да набљудува, известува, анализира и резимира, како и непрекинато да го извршува тој процес".[25]

**Разузнавачки круг** (циклус) претставува процес преку кои се добиваат информациите кои се трансформираат (преобразуваат) во финален разузнавачки материјал (производ) приспособен за крајните корисници.[26]

Добивањето на информации е всушност прибирање. За прибирање се користат сите достапни и тајни извори како што се шпиони, агенти и дезертери. Анализата претставува снимање и прибирање на податоци и нивно трансформирање во разузнувачки производи што им помагаат на политичарите со тоа што им обезбедуваат релевантни и сигурни информации наменети да им се даде смисла на сложени ситуации и прашања.

**Контраразузнавањето** е усмерено да се спречат странските служби за разузнавање или други групи контролирани од странство да вршат шпионажа, субверзија и саботажа против државата. Тоа се состои од дефанзивни мерки како што се истраги, проверки и надзор и офанзивни мерки како што се спроведување на операции за да се навлезе во, да се измамат, да се разбијат и изманипулираат овие организации. Некои земји исто така практикуваат тајна акција. Тоа претставува директно влијание врз странски политички, воени или економски ситуации без ова влијание да и се припише на државата. Тајната

[24]Мухамед Ибраими, Југослав Ачкоски, Зборник на трудови од конференцијата МИЛКОН'12, Современи трендови на разузнавањето во борба против тероризмот, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" – Скопје, Министерство за одбрана на РМ, 2012.

[25] Milašinović R., *Eyclopaedia Britanica, 1970/XII, Tajne paralele – obaveštajna služba u međunarodnim odnosima*, NIRO, 4. Jul, Beograd, 1981. str. 15.

[26] Котовчевски.М., *Основи на разузнавањето*, Филозофски факултет, Скопје, 2013

акција е опција во која нема воена акција за да се постигнат целите кои неможе да се постигнат со дипломатија и други политички средства. Ваквата акција вклучува, но не се ограничува само на:

• Пропаганда;

• Поддршка на странски политички или воени фракции;

• Помош на странски влади; и

• Прекинување на нелегални активности на странско тло.[27]

Во повеќето демократии со повеќе разузнувачки агенции, тајната акција ја вршат само надворешни разузнувачки агенции. Обработка претставува претворање на прибраните информации во форма којашто е посоодветна за анализа по пат на средства како што се дешифрирање и преведување. Анализа и произведување претставува претворање на информациите во готови разузнувачки производи. За да може овие производи да се од корист, анализата мора да е соодветна, навремена и точна. Тие треба да објаснат како се дошло до таквите заклучоци и во случаи кога е можно, кои извори се користеле. Треба да се објаснат примарните фактори кои ја поткрепуваат анализата, како и алтернативните резултати доколку овие фактори се сменат. Ефективното разузнавање исто така јасно истакнува што е она што останува непознато. Ширење претставува дистрибуирање на крајниот разузнувачки производ до проверени или на друг начин овластени доносители на одлука и креатори на политика.[28] Доверливите информации се добиваат со процес којшто се состои од пет чекори: планирање, прибирање, обработка, анализа, произведување и ширење. Планирањето претставува управување со целиот напор да се изготват доверливи информации, вклучувајќи:

[27] DCAF, достапно на: www.dcaf.ch/Project/UN-Compilation-of-Good-Practices-on-Intelligence-Services-and-their-Oversight

[28] Закон за класифицирани информации, Службен весник на Република Македонија бр. 9 од 27 февруари 2004 г.

• Барање за конкретни доверливи информации од извршната власт, законодавната власт или од самата агенција;

• Утврдување на потребите за соодветни податоци;

• Приоритизација на прашањата; и

• Идентификување на државни и недржавни актери кои одобруваат надзор.

Прибирање претставува собирање на информации користејќи ги методите како што се:

• Достапни доверливи информации – собирање на информации коишто се слободно достапни, како што се оние што се даваат во медиумите и академските списанија;

• Доверливи информации од луѓе – информации прибрани од агенти, соработници, дипломати; или од извештаи од контраразузнавачки операции, сослушувања, разговори со странски персонал, итн; и

• технички доверливи информации – податоци и информации прибрани преку прислушкувања, набљудувања и лоцирање на радио, микробранови, радарски и други средства за електромагнетно емитување; комуникациски доверливи информации; електронски доверливи информации; телеметриски доверливи информации; доверливи информации од странски инструментациони сигнали; криптолошки доверливи информации; доверливи информации од мерења и потписи; доверливи информации од слики; доверливи информации од фотографии и експлоатација на компјутерска мрежа. [29] Во земјите со повеќе служби за разузнавање постојат повеќе видови агенции. Службите за разузнавање чиј мандат се однесува на конкретна географска област на операција ги вклучуваат:

• Надворешни или странски служби за разузнавање кои прибираат, анализираат и произведуваат доверливи информации што се однесуваат на надворешната безбедност на државата и предупредуваат за непосредни надворешни закани;

---

[29] DCAF, достапно на: www.dcaf.ch/Programmes/Intelligence-Governance

•Внатрешни или домашни служби за разузнавање, честопати наречени служби за безбедност, кои прибираат и анализираат податоци што се однесуваат на внатрешната безбедност на државата и одржувањето на јавниот ред и сигурноста.

Процесот на разузнавање ги продуцира разузнавачките информации и како такви ги доставува до крајните корисници т.е до креаторите на политиката. Постојат неколку чекори на разузнавачки процес:

- Планирање - Овој чекор е од клучно значење за исходот од разузнавачкиот продукт. Во оваа фаза се утврдуваат разузнавачките потреби на креаторите на политиката од повисоките нивоа на власта.
- Процес на собирање на информации- Во овој чекор разузнвачките служби ги користат добиените податоци, кои подоцна може да се обработат во готови разузнавачки информации.
- Обработка и експлоатација- Третиот чекор во разузнавачкиот циклус е обработка и експлоатација. Во овој чекор се врши обработка на информациите во форма која ќе биде погодна за разузнавачкиот извештај. Оваа обработка вклучува декодирање на пораки, превод на странски јазик од документација и сл.
- Анализа и производство- Во овој чекор се врши евалуација и анализа на сите достапни инфромации и подготовка на разузнавачки продукти.
- Дисеменација- Овој чекор опфаќа дистрибуција на готовите разузнавачки продукти до релевантни лица. Важноста на дисеменцијата е процес кој треба да претставува сигурност дека информацијата стасала до вистинските луѓе, бидејќи крајната информација е бескорисна ако стигне до погрешни лица.[30]

[30] For an in depth description of the intelligence cycle, see Central Intelligence Agency, 2009; United States Intelligence Community, 2009; Federal Bureau of Investigation, 2009.

Во основа разузнавањето има обврска:

- Да ги штити суверенитетот, независноста итериторијалниот интегритет на една земја;

- Да обезбеди заштита на уставниот правен поредок, заштита на човековите права и основни слободи;

- Да извршува разузнавачки активности (да превзема дествија насочени спрема надворешните и внатрешните противници, односно кои актуелните или потенцијални непријатели на одредени држави или општествени групи, чиј предмет на интересирање се најсуптилните и најдобро чувани тајни на странските држави и другите општествени субјекти, а кои се превземаат со цел реализација на виталните интереси на државите, односно други општествени групи), за да ја обезбедат националната безбедност на една држава;

- Да извршува контраразузнавачки активности за да ги идентификува, оневозможи и елиминира разузнавачките акции на странски разузнавачки служби или организации или поединци вклучени во шпиунажа, саботажа, субверзија или тероризам;

- Да ги обезбеди безбедносните структури на земјата како што се Претседателот на државата, владата и парламентот со потребните информации неопходни за решавање на одредени проблеми поврзани со остварување на безбедноста во сферата на внатрешната и надворешната политика, општествениот и економскиот развој, научниот и технолошкиот прогрес;

- Да се бори против тероризмот, организираниот криминал, корупцијата кои влијаат на интересите на националната безбедност, како и да ги идентификува, да ги спречи и да ги елиминира другите закани;

- Да обезбеди заштита на високи владини функционери и странски дипломати, заштита на владата и нејзините тела, да ги штити странските и јавни личности за време на нивниот престој во одредена држава.[31]

## 2.1. Поим за разузнавачки служби

Како постојан и специјализиран орган на државната управа со разузнавачка функција, разузнавачката служба, настанува на преминот од средниот во новиот век, во периодот на развиениот феудализам и апсолутната монархија. Процесот на трансформирање на разузнавачката служба во посебен државен орган траел неколку стотици години и завршил во целост дури во 19 век со создавање на националните безбедносно-разузнавачки системи. На тој начин дошло до институционализирање на разузнавачките активности.[32]

Во најширока смисла, разузнавачкиот феномен го сочинуваат разузнавачката дејност и организациите кои ја спроведуваат. Всушност, разузнавачките активности настанале со долготраен еволутивен процес, и поради тоа неможе прецизно да се утврди ниту времето ниту местото на нивното настанување. Меѓутоа може да се каже дека се стари колку и самата човечка цивилизација, бидејќи за нив сведочат многубројни споменици од материјална и духовна култура. Постојат теоретичари кои разузнавачката активност ја прифаќаат како историска категорија, меѓутоа меѓу нив нема потполна согласност за тоа, кога временски разузнавачката активност всушност настанува. Едни автори појавата на тие активности често ја врзуваат за настанокот на правната држава, поточно за четврт милениум пред новата ера. Според други сфаќања (поткрепени се и со резултатите на современите антрополошки истражувања), раните форми на разузнавачките активности егзистираат уште во првобитната заедница, или попрецизно, разузнавачките активности настануваат во родовско-племенските заедници, паралелно со

[31] Татјана Гергинова, *Научно и теоретско одредување на поимите разузнавачка дејност и разузнавачка служба*, Факултет за безбедност – Скопје, 2013.

[32] За ова види повеќе кај д-р Милан Милошевич, "*Систем државне безбедности*".

појавата на социјалните нееднаквости на внатрешен план и воените судири на надворешен план. Настанувањето на овие активности непосредно е условено со појавата на тајните како општествена категорија и судирите кои се резултат на различни интереси. Собирањето на тајни податоци од воена и политичка природа постоеле уште во најстарите државни заедници на Средниот Исток. Од извидување и набљудување, кои постојат во најпримитивните заедници, разузнавачката дејност квалитативно се разликува, бидејќи со неа се откриваат тајни кои противникот намерно ги крие (со организирани дејствија).

Достапни сознанија за развојот на разузнавачките активности во стариот век, односно во првобитната заедница и робовладетелското општество, како и во средниот век до периодот на ренесансата, покажуваат дека тие биле исклучиво од политичка, односно воено- политичка природа. Воглавно се манифестираат во форми на класична шпиунажа, вклучувајќи пласирање дезинформации и користење на примитивни средства (за тајнопис, шифрување, сигнализација и др.).

Носителите на разузнавачките активности во поголем дел биле поединци мотивирани со авантуризам, и кои истовремено имале и други функции, пред се војнички, дипломатски и полициски. Постојана и стручно оспособена организација која ке се занимава со исклучиво разузнавачка работа не била дефинирана, додека методите на разузнавачката работа се сведувала на вештини на маскирање, лукавство, досетливост и слично. Разузнавачките проблеми, владарите и војсководците ги решавале според укажаната потреба, а најчесто непосредно пред самата битка. Следна карактеристика на разузнавачките активности од тој период е нивната поврзаност за војувањето, бидејќи исклучиво се сведувале на воена шпионажа. Разузнавачите дејствија се користеле не само во борби против други држави, туку и во гушење на внатрешни судири и побуни. Нивната улога во другите области била периферна.

Разузнавачката работа не била постојана и систематска, туку се превземала од случај во случај, најчесто во време на вооружен судир. И во мирнодопско време, разузнавачката активност била во склоп на непосредни подготовки за воени походи.[33]

[33] Во овој период, разузнавачките активности ги користеле интензивно, како средство во политичка борба (дворски сплетки, династиски борби), поединци и одредени групи.

Исто така во стариот и средниот век разузнавачката активност се спроведувала илегално, бидејќи се сметала дека не е достојна да се изразува со витештво.[34]

Разузнавачките и безбедносните служби постојат уште од античките времиња, а со текот на времето поради различните потреби се развиле и можат да бидат поделени на воени, политички и индустриски. Разузнавачките и безбедносните служби во повеќето демократски држави постојат за заштита на земјата и не се обврзани да им помагаат на судските органи, освен ако тоа не е во интерес на земјата. За мониторинг, надзор и прислушување не треба да се бара специјална дозвола од владата, бидејќи тоа е регулирано со закон. Извештаите се доставуваат до највисоката извршна власт. Најчесто тие се организирани во голем број на сектори, и можно е да не знаат едни за други. Некои од најчестите сектори се: Министерството за мобилизирање и обука, Одделение за собирање на податоци, одделот за анализа на податоци, одделот за дезинформација, Одделот за планирање, Одделение за терористички операции, Секторот за внатрешна безбедност, како и одделот за финансии. Најпознати и интелектуално најјаки се израелски Мосад и британскиот сервис МИ6, иако технички најдобро опремени се американските ЦИА и НСА.

За да се заштитат интересите на компанијата, развиени се и контра-разузнавачките служби, чии цели се одбраната и безбедноста. Се фокусираат на заштита на своите разузнавачки операции и тоа го прават на начин со спречување на другите разузнавачки активности да стигнат до правата информација и манипулираат со нив. Им ги откриваат напаѓачките акции, ги неутрализираат, ги спречуваат нивните активности. Често се шири дезинформација за да се збунат "напаѓачите". [35]

---

[34] Од аспект на кривичното право таа активност се сметала за акт на предавство и е строго казнувана. На пример во стара Грција разузнавачката дејност (шпиунажа) е санкционирана со смртна казна, со конфискација на целокупниот имот и фрлање на телото на осудениот надвор од границите на земјата. Извор- Татјана Гергинова, *Научно и теоретско одредување на поимите разузнавачка дејност и разузнавачка служба*, Факултет за безбедност – Скопје, 2013.

[35] Bozidar Javorović, Mirko Bilandžić, Poslovne informacija i business intelligence, Golden marketing-tehnicka knjiga-Zagreb, 2007, стр. 177-178.

Важно е да се направи разлика помеѓу разузнавачка служба и индустриска шпионажа. Разузнавачките агенции работат главно легални дејствија, но може да се справи и со индустриска шпионажа, која обично е казнива. Многу автори се согласуваат дека индустриска шпионажа, како и разузнавањето, е процес на пристап до информации од компанијата, откривање на деловни информации, како што се информации за производство и производи, бизнис планови, клиенти и слично. Значи, тоа е збирка од заштитените податоци на компанијата. Често се случува да вработените поради дополнителните приходи или уцена се вмешуваат во овие постапки на обезбедување на информации за другите, кои се казниви. Индустриската шпионажа користи легални и нелегални практики за собирање на податоци, со цел спречување на конкурентските компании да ја работат својата работа како што е планирано или за купување на информации од конкурентските компании, како и да бидат отстранети од пазарот.

Исто така, со концептот на разузнавачките активности, често се појавува терминот "бизнис разузнавање", кој во првичниот концепт означува различни начини на истражување, собирање и анализа на информации. Во модерна смисла, бизнис разузнавање значи правно дејство на собирање на информации од јавен карактер, кои се достапни за секого и овие информации може да се објавени и необјавени, се со цел да стекнат конкурентска предност. Според Јаворович и Биланџич, бизнис разузнавањето како разузнавачка активност има три карактеристики, и тоа:

1. Процесот на собирање на податоци и информации, нивна обработка и анализа по што стануваат "знаење".

2. Се фокусира на информации, од кои може да се предвиди или да се визуелизираат идните процеси, настани, активности или движења.

3. Улога во процесот на донесување на одлуки.

Постојат многу бизнис разузнавачки алатки кои се користат денес, а стануваат се повеќе популарни, бидејќи го олеснуваат бизнисот. [36]

Разузнавачката служба како специјализиран дел на државниот апарат придонесува за успешно функционирање на државниот апарат на внатрешен и надворешен план, и нејзина основна цел е да ги сочува сопствените, а истовремено да ги открие тајните на другите држави. Целокупната нејзина активност, дејност и задачи се строго усогласени со целите и задачите на државата, односно нејзините раководни органи. Како дел од државниот апарат, на истиот му доставува информации и податоци за политичките, воените и економските состојби во соседните и другите држави. На тој начин разузнавачката служба на секоја национална држава и овозможува целисходно да ја води надворешната политика и да ги усогласува сите облици на меѓународни односи и врски.

Во научната и во друга литература постојат многу сваќања и поимни определувања за тоа што претставува разузнавачката дејност, кои се нејзините домени и кои се органите, телата и службите што ја извршуваат. Суштината на разузнавачката дејност и служба како општествено-политички феномен и државен продукт се уште не е доволно научно и теориски објаснета и детерминирана. Многу од овие сваќања не ја опфаќаат вистинската содржина на оваа дејност, а некои го упростуваат предметот на нејзиното истражување. Така, едни ја поистоветуваат со установа за прибирање податоци и информации. Други сметаат дека се работи за државен орган кој извршува некои технички работи. Трети ја одредуваат содржината на работата на разузнавачките служби врз основа на видливи манифестации на нејзината активност или со законот пропишаните надлежности.[37]

Денес постојат размислувања дека разузнавачката дејност претставува област на државна активност во која од сите носители се бара висока прецизност, навременост, ефикасност и аналитичност. Секоја разузнавачка информација и дејствување мора да ги

[36] Božidar Javorović, Mirko Bilandžić, Poslovne informacija i business intelligence, Golden marketing-tehnicka kniga-Zagreb, 2007, str.201.

[37] Котовчевски М. *Тајни служби*, Македонска цивилизација, Скопје, 2000, стр. 55.

задоволи следниве стандарди: праведност, објективност, употребливост, подготвеност, целовитост, точност и важност.[38]

Прво поимот разузнавачка служба се употребува двострано, за означување на дејноста и за означување на носителот на дејноста. Второ, во англискиот јазик, на пример, поимот intelligence се користи за податок односно податоци (информација/информации) и за разузнавачка дејност: како дејност на прибирање на тајни податоци за други земји или за тајното дејствување на поединечни групи внатре во самата држава или пак, како државна организација која ги прибира таквите податоци.[39]

Рој Годсон, професор на универзитетот Џорџтаун, кој воедно е претседател на Националниот центар за стратегиски информации и претседател на Невладиниот конзорциум за проучувањето на разузнавањето, разузнавањето го опишува како "знаење, организација и активност која резултира во:

(1) собирање, анализа, производ, дистрибуција и специјализирана експлоатација на информации што се поврзуваат со која било друга влада, политичка група, партија, воена сила, движење или друго здружение за кои се верува дека се поврзани со безбедноста на групата или владата;

(2) Неутрализација и спротиставување на слични активности од други групи, влади или движења и

(3) Тајните активности преземени да влијаат на составот и однесувањето на такви групи или влади.[40]

---

[38] Joint Publications 2-0: Joint Doctrine for intelligence Support to Operations, Joint Chiefs of Staff, Washington, 1995, pp. 4-15.

[39] Содржината на поимот разузнавачка служба, подеднакво се однесува на дејноста и организацијата која таа дејност ја извршува, и така сочинуваат една целина. Љубомир Стајич, *Основи безбедности*, Полициска академија - Београд, 2004, стр. 201.

[40] Roy Godson, *Intelligence and National Security* vo Rishard Shultz, Roy Godson, Ted Grenwood (eds.) Security Studies for the 1990s, Washington, New York, London: Brassey' s /US , A Maxwell Macmillan Company, 1993, p. 213.

Врз основа на дефиницијата Рој Годсон утврдува четири елементи на разузнавањето:

1. Тајно собирање што претставува добивање важни информации низ употребата на специјални, обично тајни, човечки и технички методи;

2. Контраразузнавање што претставува идентификување, неутрализирање и искористување на други државни служби за разузнавање;

3. Анализа и процена односно процена на собирање и други податоци и испорачување до креаторите на политиката заврпшен производ кој е појасен отколку што може да биде во самите податоци;

4. Тајна акција што претставува обид да се влијае на политиката и настаните во други држави пред да се открие сопствената вмешаност.

Поимот разузнавачка служба има свое пошироко и потесно значење: потесното подразбира национален разузнавачко-безбедносен систем кој се состои од специјализирани организации и установи на некои држави; додека поширокото значење ги подразбира носителите на вкупните разузнавачки активности кои ги преземаат и други институции, организации, групи или поединци на одредена држава.[41]

Во основа многу автори генезата и егзистирањето на поимот разузнавачки служби го врзуваат за појавата на тајни. Така во таа насока, С. Родиќ го дефинира поимот разузнавачка служба како државен орган кој има основна задача да информира за тајните на противникот. За таа цел, разузнавачката служба развива одредена дејност која е многу разновидна, составена од редица конкретни одделни дејности и со секоја од нив се остваруваат поблиски цели кои се сведуваат на заедничка, општа и крајна цел која се состои во разузнавање за тајностите на противникот.[42]

---

[41] Savić A., Delić M., Bajagić M., *Bezbednost sveta: od tajnosti do javnosti*, Beograd, 2002, str. 6-18.

[42] Rodić S., *Obaveštajna služba kao društveno-politička kategorija*, Beograd, 1969, str. 58.

Ханс Борн ги дефинира разузнавачките служби како владини служби кои се одговорни за собирање, средување и давање на информациите со цел да се осигура безбедноста на општеството и слободата на нејзините граѓани. Ханс Борн го дефинира поимот разузнавачки служби и како инструмент во рацете на државните институции кои можат да бидат користени во два прииода - добар и лош. Позитивното значење на разузнавачките служби се објаснува, преку определувањето на разузнавачките служби како инструменти во рацете на одговорни демократски лидери и тогаш функционираат добро. Кога разузнавачките служби претставуваат инструменти во рацете на луѓе кои се интересираат за конфликти и корекции, тогаш овие служби се користат за лоши цели.[43]

Разузнавачката служба претставува специјализиран дел од државната управа што прибира, класифицира, анализира, проценува и презентира пред државниот врв, податоци, оценки и предлози од политички, воен, економски, културен и друг карактер, во врска со виталните државни интереси и цели, се ангажира на извршување други задачи добиени од државниот врв, а се однесуваат на остварување стратешки национални цели и ги заштитува сопствените интереси од противникот.[44]

Посочените дефиниции ги истакнуваат фундаменталните аспекти на работата на разузнавачките служби, и врз основа на нив можеме да го заклучиме следново:

♣ Разузнавачката служба е специјализиран дел на државниот апарат;

♣ Со разузнавачката служба раководи најтесниот политички врв на државата (шефот на државата, премиерот, комисија на парламентот итн.);

♣ Разузнавачката служба е релативно самостојна во однос на другите структури на власт;

♣ Со легални но и со тајни средства и методи ги собираат потребните податоци и

♣ Со закон се овластени да ги реализираат своите задачи.

---

[43] Born H., *Democratic and Parlamentary Oversight of the intelligence Services: Practices and Procedures*, во Sourcebook on Security Sector Reform, Fluri P., Hadžić M. (eds.) Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces/Centre for Civil-Military Relations, Belgrade, Geneva/Belgrade, 2004, pp 275-277.

[44] Бајковски, Т., *Разузнавачка, безбедносна и контраразузнавачка тактика*, Скопје, 2008, стр. 17.

Како карактеристики на разузнавачките служби во современи услови можеме да ги одредиме следниве:

♣ Разузнавачката служба е еден од основните инструменти во функција на остварување на виталните интереси на стварните носители на власт (политички, економски и др.) во државата на која и припаѓаат. Без оглед на тоа дали нивната улога во конкретниот случај е непосредна или посредна, овие служби имаат истакнато место во креирање на внатрешната и надворешната политика. Бидејќи се специјализирани установи на државниот апарат и делуваат во рамките на постоечките национални безбедносно-разузнавачки системи, јасно е дека својата функција ја вршат исклучиво на национално ниво.

♣ Основен елемент на постоење и делување на разузнавачката служба претставува тајноста, која претставува основ на предметот на разузнавачките дејности (тајните во меѓучовечките односи). Од друга страна, разузнавачката служба во својата работа, применува разноврсни тајни методи и средства и воедно ги чува во најголема тајност од противничките разузнавачки служби. Тајноста постои како принцип и во реализацијата на задачите кои ги добива од носителите на власта, без оглед на тоа дали станува збор за заштита на виталните вредности и тајните на сопствените држави или за откривање на тајните на противникот.

♣ Разузнавачката служба се карактеризира со специјализирана, професионална и тимска работа, кои се огледуваат првенствено во планско насочување на нејзините активности во одредена област (проблематика) и постојано стручно усовршување на нејзините кадри. Истовремена разузнавачка обработка на голем број прашања од стручен карактер, налага потесен стручен пристап кон широката категорија на проблемот. За да може на нив ефикасно и благовремено да се одговори, неопходно е тимско делување на сите нивоа и во сите фази на разузнавачкиот процес.

♣ Основни видови на делување на разузнавачката служба се разузнавачките и субверзивните активности, како и други помошни активности;

♣ Примена на специфични методи и средства во спроведување на разузнавачките и субверзивните активности, кои не се карактеристични за делување на другите установи и служби внатре во државниот апарат, но и се поголемо користење на легалните можности (извори и средства) за разузнавачка работа. Се развиваат нови средства на разузнавачката пракса и оригинални решенија во тактиките и методите на делување;

♣ Превентивност како основна активност, односно дејствување на разузнавачката служба на планот на предвидување и предупредување на многуте активности на противникот насочени против виталните интереси на сопствената држава. Со постојано проширување и интензивирање на своите активности во нови услови, современата разузнавачка служба истовремено остварува и заштитна и информативна функција. Затоа со право се смета дека дејноста на современата разузнавачка служба по обем и цели ги надминува рамките на заштита на државната безбедност.

♣Примената на најновите научни и технолошки достигнувања (средства) во реализацијата на двата вида активности на разузнавачките служби. Одредувајќи ги поимите "разузнавачка служба" и "разузнавачка дејност", теоретски можеме да го одредиме и поимот "разузнавање".[45]

[45] Татјана Гергинова, *Научно и теоретско одредување на поимите разузнавачка дејност и разузнавачка служба*, Факултет за безбедност – Скопје, 2013.

## 2.1. Историја на разузнавачките служби

"Разузнавачката служба ако не е мозок на државата, тогаш е важно средство за разбирање и водење на политика. Таа е окото и увото на државата"

(Petar Ostojik, "Tajni neprijatelj"–Beograd, 1931 god.)

Со појавата на државите, се раѓа и поимот "тајна"- нешто што треба да се штити и направи недостапно за одредена група луѓе, класа или држави. Во исто време (а најчесто заради војувањата) се тежнее да се дознаат тајните на противникот. На овој развоен степен таа задача ја добивале доверливи и способни поединци (трговци, патници, гласници и сл.) и воглавно за потребите на суверенот (кнезот, кралот, царот). Тој лично или преку доверлив човек, им давал задачи, ги наградувал или казнувал, спрема преданоста. Ваквата состојба во Европа е се до XV век кога од Италија се испраќаат првите пратеници во поедини држави. Првенствена задача им била собирање податоци за државата во која биле, а во XVI век по овој пример тргнуваат и други држави. Ова се смета за почеток на организираното собирање на разузнавачки податоци.

Низ развојот на човековата историја па се до денес разузнавачката дејност, како важен составен дел на вкупната човечка дејност, се извршува пред сè тајно и преку тајни активности. Првиот познат пишан извор за некаков вид разузнавачка дејност датира од 4000 години пред нашата ера, напишан на глинена плоча, пронајден во археолошки ископини на подрачјето на денешна Сирија, а со него се врзува името на Банум, најстариот познат "шпиун" во историјата.[46]

Процесот на прераснување на разузнавачката активност во разузнавачка служба- како посебен, постојан и професионален орган на државната управа со разузнавачка функција почнува во 13-от и трае до 19-ти век. Силен интензитет на тој процес му даваат големите географски откритија и првите колонијални освојувања во 15 и 16-от век кои ги

[46] Љубомир Стајић, *Основи безбедности*, Полициска академија - Београд, 2004, стр. 201.

прошириле и зајакнале стоковно паричните односи и трговските врски во земјите од Западна Европа, посебно во Холандија, Шпанија, Португалија, Франција и Англија. [47]

Во текот на историјата називите за собирачите на тајни се менувал (повереници, шпиони, соработници, информатори, агенти, кодоши и сл.), но суштината на работите кои ги извршувале останала непроменета до денес. Некои владетели поголемо внимание оддавале на известувањата за противникот – што ни го потврдуваат и зборовите на Фридрих Велики: "Господинот маршал Де Субиз дозволува да го следат 100 кувари, а јас подобро да ми предходат 100 шпиони".[48]

Но на следните развојни степени (доцниот феудализам и капитализам) односите помеѓу државите (политичките, економските, културните и воените) се поразвиени и не се само војување или преговори за мир. Ова барало многу поголем обем на податоци, но поединците колку и да биле способни, не можеле да ги обезбедат, ниту пак едно лице било во состојба да ја организира и раководи цела работа. Со други зборови се јавува потреба за организација чија исклучива задача би била организирање, собирање и обработка на податоци за другите земји – се јавува разузнавачката служба во облик кој е близок со денешниот (дел за раководење и организирање на разузнавачката дејност и дел за собирање на податоци и информирање на државното водство). Разузнавачката служба претставува единство од известувачки дејности и организација која сите тие дејности ги спроведува, што во најопшта смисла, може да биде едно, релативно прифатливо, објаснување на поимот разузнавачка служба. Организацијата која се бави со собирање на податоци за други држави е – надворешна разузнавачка служба и – внатрешна разузнавчка служба – чија задача е разузнавачка за внатрешните проблеми на државата и заштитата на сопствените тајни. Овие називи се условни зашто внатрешната разузнавачка служба во некои земји се нарекува, контраразузнавачка во други служба за безбедност, додека надворешната се нарекува стратегиска, централна и сл. Но нивната дејност е тешко прецизно да се разграничи зашто задачите многу често им се преплетуваат. Со јакнење на воената организација се развива и посебна – војноразузнавачка служба, а со технолошкиот

[47] Милан Милошевич, "*Систем државне безбедности*", Полициска академија, Белград, 2001.

[48] Стоянов Ж., *История на шпионажа*, И-во "Албатрос", С., 1998

развој се развиваат и посебни разузнавачки служби: поморски, вселенски, политички, економски и сл. Во однос на минатото современите разузнавачки служби прераснаа во современи и модерни "индустрии" во кои работат десетици илјади експерти и стручни лица од различни области. Овој развој во некои земји достигна монструозни размери, така да серозно се заканува да разузнавањето од "важно средство за разбирање и водење политика", сега прераснува во создавач и реализатор на државната политика. Ова е толку евидентно што кој е да е денешен локален или регионален конфликт ако се анализира малку посериозно, ќе не однесе до истиот заклучок.[49]

Вилијам Кејси, поранешниот прв разузнавач на Америка рекол дека шпионажата е толку сериозен бизнис, кој не треба да се остави на шпиони. Тајната политика, тајната дипломатија и шпионажа отсекогаш биле најбитните реквизити во државните работи. Нивното значење, сепак, особено доаѓа до израз во тешки кризи и во воени ситуации. Еден добар пример за тоа е Втората светска војна и британското разоткривање на шифрираните германски пораки поради кои успеале да ја зачуваат не само Велика Британија, туку и цела Европа од нацизмот. Сепак, постојат примери во кои владетелите не им поверувале на своите шпиони, како што е примерот со Сталин, кој поради својата доверба во Хитлер платил со дваесет милиони жртви.

Историјата на шпионажа, може грубо да се подели во четири временски периоди. До Првата светска војна агентите биле во дворската служба која служела за заштита на круната и династијата, а потоа и на државата. Светските вооружени судири, кои траеле до 1945 година, ја издигнале шпионажа на ниво со тајните воени министерства. Тој карактер тајните служби го задржале и во текот на Студената војна, кога функционирале како штит, но и како удар, на Исток и на Запад.

Колку шпионажа и шпионите биле важни за секоја земја и какви интелектуални и политички вештини се потребни да има еден врвен агент, може да се види од фактот дека многу државни агенти, на крајот успеале да се искачат на кралскиот престол. Сталин диктаторската кариера ја започнал како таен агент на Коба, а Јури Андропов како

[49] http://www.macedonium.org/Macedonium.aspx?jazik=2&kid=7&pid=25&ppid=227&tid=287

претседател на КГБ. Поранешниот руски премиер Евгениј Примаков беше директор на надворешната разузнавачка служба на Русија, а претседателот Владимир Путин беше полковник на КГБ. Израелскиот премиер Јицак Самир беше претставник на Мосад, а и Хајм Херцог, претседател на еврејската држава. Џорџ Буш пред да влезе во Белата куќа беше предводник на ЦИА и во исто време директор на целата разузнавачка заедница на САД. За Јосип Броз Тито е познато дека бил агент на Коминтерната.

Новиот милениум донесе нова светска закана. Исламското политичко насилство, а потоа тероризмот и агресивните толпи. Овие нови политички болести на цивилизацијата станаа главна цел на шпионажата и шпионите во целиот светот. Така започна новото поглавје во историјата на светот на шпионажата.[50]

[50] Марко Лопушина, *Тајните на воените служби за безбедност*, Народна книга, Белград, 2004.

## 3. Економско разузнавање

**Разузнавање** претставува производ кој е резултат од прибирање (собирање), складирање, интегрирање, анализирање, обработка и интерпретација на расположливите информации што се однесуваат на други држави и региони. Разузнавањето претставува збир на информации и факти што се однесуваат на одредени непријатели добиени преку опсервација, истражувања, анализирања или разбирања. Разузнавањето може да се сфати како процес, односно серија од интерактивни чекори познати како „разузнавачки круг", или „разузнавачки циклуси". Разузнавањето може да се разгледува како група мисии изведена од стара на тајните разузнавачки служби.[51]

**Економското разузнавање** е поим кои сеопфатно ги толкува многу богатиот репертоар на активности на современото настојување на сите држави да дојдат до знаењата на другите нации кои ги користат во науката, технологијата и производството, кои отсекогаш постоеле во сите држави. Тоа што денес го нарекуваме економско разузнавање ги прати човековите активности уште од најстарите периоди на историјата. [52]

Економското разузнавање претставува разузнавачка активност која подразбира процес на легално собирање на јавни достапни податоци со етички средства, нивна анализа и претворање во готови економски-разузнавачки анализи (знаење) со цел потпора на раководителите на економските дејности за да донесат и реализираат квалитетни бизнис одлуки насочени кон сочувување на постојните позиции на субјектите во работното опкружување, избегнување на закани и квалитетен напредок.[53]

---

[51] Митко Котовчевски, *Основи на разузнавање*, Филозофски факултет, Скопје, 2013, стр.38-39

[52] Зоран Петрович Пирочанац, *Економска шпијунажа*, Институт за политички студии, Белград, 2005, стр. 5

[53] Javorovic, B., Milandzic, M. *Poslovne informacije i business intelligence*, Zagreb: Golden marketing-Tehnicka knjiga, 2007.

Економската разузнавачка активност може да се дефинира како збир на координирани акции на истражување, обработка и дистрибуции на информации корисни за економски афери, поради нивна експлоатација.[54]

Економското разузнавање подразбира разузнавање за економиите на странските држави, како и за меѓународната трговија и финансии. Економското разузнавање првенствено се реализира преку отворени извори, додека тајното прибирање повеќе се применува за некои посебни (многу сензитивни, доверливи прашања од клучни стратегиски-економски аспекти) на микро-ниво. Дипломатската поддршка во овој контекст се користи за воспоставување на нови трговски мрежи, зачувување и обезбедување на постојните инвестиции, економските преговори и договори.

Предмет на истражување на економското разузнавање претставува економското разузнавање во економското подрачје и инкорпорира три карактеристики:

1. Процес на собирање на податоци и информации кои после соодветна обработка (изработка на аналитички извештаи) постануваат знаење;

2. Фокусирано е на оние информации со основа на кои може да се антиципираат идните процеси, збиднувања, активности;

3. Инструмент кој има улога на потпора во процесот на донесување на одлуки.

**Економска шпионажа** води потекло од зборовите – грч. oikonomikos –стопански; фр.espionnage; гер. Spionage; анг. espionage–следење, поткажување, доставување, а се реализира преку:

3. организирано собирање податоци, што претставуваат деловна тајна, од одделни стопански организации (претпријатија, фирми), во корист на други претпријатија во, или надвор од земјата, обично од конкурентски побуди;

[54] Neskovic S. *Ekonomska spijunaza u savremenoj megunarodnoj konstelaciji*, Ekonomija, teorija i praksa, Godina IV, broj 1, 2011.

4. собирање важни податоци за одделни претпријатија, стопански гранки и за целото стопанство на една држава во корист на друга, што ќе можат да се користат за економски, воени и општополитички државни цели.[55]

Денес, информациите се сметаат како извор на енергија, како што се нафтата и гасот, иако се во нематеријална форма тие имаат моќна улога во секојдневието. Лесниот пристап на економските разузнавачи претставува можност и закана. Економското разузнавање, значи паметно управување со информациите, со цел да се дознае, разбере и да се предвиди надворешната средина, (клучните конкуренти, правила, трендови ...) за да се спречат ризици. Економското разузнавање е тесно поврзано со управување со знаењето и со човечките ресурси, бидејќи луѓето имаат експлицитни и имплицитни знаења кои ќе бидат откриени само ако постои сигурен процес и вистинска мотивација во организацијата. За сите меѓународни играчи, без разлика дали се работи за големи фирми или не-државни организации, економското разузнавање е алатка за конкуренција, како и алатка за управување на националната безбедност.

Крајната цел на економското разузнавање е да произведува вредност, во два чекора: да трансформира информации во знаење, а потоа знаењата во одржлива вредност. Концептот на економското разузнавање обединува неколку други концепти и практики: разузнавачките конкуренти, економската безбедност, управување со ризик, лобирање, јавната дипломатија, државната моќ (влади), бизнис дипломатија (компании).[56]

Во почетоков е битно да се посвети внимание на речиси нерешливиот проблем при преведувањето на зборот intelligence, од којшто се изведени другите поими во областа што, најчесто, се преведува како разузнавање или шпионажа. Во нашата литература нема автохтон израз за она што светот го изведе од англосаксонскиот збор за дефиницијата на

[55]Ристо Фотов и др. *Економско-финансиски лексикон*. Универзитет. Гоце Делчев, Штип. 2013.

[56] Claude Revel, Skema (Expert Centre in Economic Intelligence). Колумна во весникот financial times. 9/2/2012.

поимот economic intelligence. Во расположливата литература досега ретко се користат следниве два израза: економска шпионажа или, пак, економска разузнавачка дејност.[57]

Американскиот економист, Мајкл Потер, во 1980 година го напишал капиталното дело „Конкурентската предност на нациите"(Competetive advantage of nations)[58], во коешто го официјализирал клучниот фактор на економијата – бизнис (економското) разузнавање.[59] Тој во ова дело истражува што ги прави фирмите и индустриите конкурентни на глобалниот пазар, кои всушност ја движат економијата во целина. Претставува нова парадигма која, во прилог на нејзината практична примена, може да го замени 200-годишниот концепт на "компаративна предност" во економската анализа на меѓународната конкурентност.

Е.Голдман, францускиот стручњак за економија и разузнавање, пишува: „Разузнавањето во почетокот на 21 век станува суштинско средство за воспоставување на можните политичко- воени стратегии, обликување на окружувањето, прилагодување и повторно воспоставување на силите. Се советува организација за собирање и анализа, што ќе биде поделена на четири различни ентитети што користат специјална техника, па и посебни средства: геополитика, економија и финансиски текови, одбрана и оружје со масовна разорна моќ и безбедност, што ја вклучува борбата против мафијата и тероризмот". [60]

**Економска контраразузнавачка активност** претставува активност насочена кон безбедност на економските субјекти и воспоставување на механизми за негова заштита. Тоа подразбира активности кои се насочени кон елиминација или редуцирање на последиците на разузнавачките активности од страна на конкурентите, односно заштита

---

[57] Н.Пепе. Општ осврт кон бизнис шпионажата. *Еквилибриум*, бр.6. Економски факултет – Прилеп, март 2012.

[58] https://hbr.org/1990/03/the-competitive-advantage-of-nations

[59] Porter, M.E., "*The Competitive Advantage of Nations*", Free Press, New York, 1998.

[60] Н.Пепе. Општ осврт кон бизнис шпионажата. *Еквилибриум*, бр.6. Економски факултет – Прилеп, март 2012.

на информациите на работните субјекти во однос на економската шпионажа поради остварување на три цели:

1. Задржување на статус кво поврзано со позицијата на економските субјекти во нивното работно опкружување,
2. Проценка на можните опасности,
3. Закани и заштита на економските субјекти од нелегални и неетички интервенции на други субјекти.[61]

### 3.1. Историја на економското разузнавање

Економското разузнавање води потекло од антички времиња. Првите познати активности во оваа област се поврзани со Мојсеј, а се запишани во Книгата на броевите во Библијата на Ерусалим како неуспешна акција на дванаесетте еврејски шпиони кои беа испратени за да ја разгледаат Ветената земја, државата Канаан. Економска шпионажа потекнува од воена шпионажа. Во 1500 години п.н.е. кога Мојсеј избрал 12 шпиони и ги испрати во друга земја, со задача за истражување на земјата, да видат дали таму народот е силен или слаб и колку ги има, дали се добри или лоши, како и градовите што биле таму, дали се утрадени или не (Стариот Завет Библијата). Кога Хитлер дошол на власт и создал нацистичка Германија почнала да расте воената, а потоа и индустриската шпионажа. Се применувал принципот на "целосна шпионажа", која гласи: Нема информација која не е важна, не постои место кое не е интересно, за шпиони се способни сите деца, возрасни, војници, селани, интелектуалци.

Покрај наведените, други добро познат шпионски активности на големи историски личности и завојувачи се: Хамураби, Одисеј, Јулиј Цезар, Џингис Кан, Луј XVI и Наполеон. Значајни студии за шпионажата претставуваат учењата на познатиот стратег на

[61] Bernhardt, D. Competitive Intelligence: How to acquire and use corporate intelligence and counter-intelligence. London: Prentice Hall Financial Times, 2003.

древна Кина, Сун Цу, а потоа индискиот Каутилија, Сер Френсис Валшингам, кардиналот Ришелје и Јосиф.

По Втората светска војна, доаѓа до усовршување на индустриската шпионажа. Во нелегалното истражување на конкурентските активности метите се насочени кон високата технологија, индустријата за вооружување, електроника, информатичка технологија, лекови, вселенските програми, автомобилската индустрија и др. Модерното време, по процесите на глобализацијата, се карактеризира со воспоставување надмоќ во планетарната размена, и не само во војната, туку и економска, технолошка и развојна надмоќ над противниците. Како што некогаш оружјето претставуваше основен аргумент на доминација денес тоа е информацијата. Информацијата е најважниот фактор за постигнување на конкурентна предност. Затоа повеќето развиени земји се повеќе ги користат разузнавачките служби за добивање на строго чувани индустриски, производни или финансиски информации, кои ќе и овозможат на државата или локалната компанија подобро позиционирање на глобалниот пазар.

Првобитните форми на деловните тајни, се појавуваат уште во старите времиња во областа на занаетчиството, а своето комплетно значење го добиваат во капитализмот, во развојот на конкуренцијата на пазарот. Службена тајна може да се дефинира како збир на документи и податоци, чие откривање на трета страна може да биде на штета на интересите на бизнисот и бизнис угледот на компанијата. Исто така, постои мислење дека деловните тајни се субјективно право, со што се исклучува правото на користење на истите информации од страна на друг.

Тајна значи каква и да било информација за една земја (компанија, државен орган, општествена организација - партии, синдикати, здруженија, борци, различни институции како што се институти, универзитети, социјални установи, итн), што е од суштинско значење за таа институцијата и чие разоткривање од страна на неовластени лица кои би можеле да предизвикаат штета на институцијата, како и на самата држава како целина. Затоа, за една земја не се тајна само воените информации, туку и политички, економски, но исто така и технолошки, социјални, културни, образовни, туристички, спортски и други

кои би можеле да послужат на трета земја за да ја постигнат својата цел и со тоа да нанесат штета на државата за која располагаат со такви информации.

### 3.2. Разлика помеѓу економската шпионажа и економските разузнавачки активности

Економското разузнавање, може да се дефинира како збир на координирана акција за истражување, обработка и дистрибуција на информации кои се корисни за стопанските субјекти. Овие акции се водат легално со гаранција неопходна за заштита на претпријатијата за зачувување на наследството. Корисна информација е таа која може да се искористи за различни нивоа на донесување одлуки во компанијата, или колективно, за да се елаборираат и да се воспостави кохерентна стратегија и тактика за постигнување на целите дефинирани од страна на компанијата, со цел да се подобри својата конкурентна позиција. Овие активности се под заштита на компанијата, се уредуваат со континуиран циклус, генератор на заедничката визија за целите што треба да се постигнат.[62]

Врз основа на овие активности се подготвува стратегијата за настап и однесување на претпријатијата на пазарот. Да се биде одговорен современ менаџмент бара неговата конечна одлука за бизнис потфатите да ги донесува врз основа на проучена анализа, која се креира по добиени обработените податоци од економските разузнавачки активности на сопствените специјализирани сервиси или службите на домашни и странски специјализирани агенции. Секоја компанија е со амбиција да го освои пазарот и да остане на врвот, а тоа значи да се има посебни, добро организирани и опремени разузнавачки служби кој ќе работат за компанијата. Малите компании или фирми кои немаат материјални и човечки ресурси за организирање на континуирана работа на овие услуги, како единствено и потребно решение произлегува нарачување на такви информации во различни фази на работењето за економска разузнавачка активност. "[63]

[62] Petrović Z. Piročanac, *Ekonomska špijunaža*, Draslar partner, Beograd, 2005, s. 9.

[63] Prvulović P., *Ekonomska obaveštajna aktivnost*, Originalni naučni rad, Megatrend revija - Međunarodni časopis za primenjenu ekonomiju, Beograd, str.119

"Собирање и анализа на информации од јавен карактер, со цел да се добие слика за своите конкуренти, на пазарот и економската состојба на компанијата, за разлика од нејзината темна сестра-шпионажа, е потполно легална и етичка вештина".[64]

### 3.3. Мотиви за економска шпионажа

Мотивот за корпоративна шпионажа е да се дојде до какви било информации кои ќе и помогнат на компанијата да ги постигне зацртаните цели. Целта може да биде нов производ или имитација, развивање на нови технологии, да се зголеми уделот на пазарот, зголемување на конкурентна предност и така натаму. Компании одат до тој степен за намерно внесување на конкурент базата на податоци со цел нанесување материјална штета на бизнисот на конкурентот. Исто така се користи стратегија преземање (take-over), на компанијата на која добро и оди, но оваа стратегија е сосема од непријателски карактер, а се остварува со "регрутирање" на менаџерите или големите акционери да ги продадат своите акции од компанијата. Економските шпиони веќе се запознаени и точно знаат кој се вистинските извори за шпионажа. Тоа може да биде:

• Формални документи (планови, извештаи, норми, описи на работните процеси, техничка документација)

• Скици, кои се често игнорирани од компанијата, во смисла на тоа по правење на официјалниот документ, скицата станува безвредна. Сепак, тоа станува цел на економската шпионажа.

• Различни парчиња на фрлена хартија, како што се патни билети, разни сметки ... преку кои може да се дознаат идните бизнис потези или планирани активности на конкурентот.

Внатрешната коресподенција (записници од состаноци, одлуки, билтени, итн, може да се полни со детали за работењето на компанијата и идните интенции);

---

[64] Brešan Dž., *članak u časopisu, CIO Enterprise Magazine*, July 15, 1998, s. 4.

• Различни деловни здруженија, потоа Завод за статистика, заводи на патенти и слични институции, кои имаат одредени информации за работењето на компанијата, но ненамерно може да ги споделат со економските шпиони.

• Формални и неформални форми на комуникација во компаниите може да бидат извор на податоци за економските шпиони, особено таму каде што има некој документ како траг, како што се записниците од состаноците со агенда и слично. Вработените често невнимателно зборуваат за работата во компанијата, на ручеци и посети, не размислувајќи за тоа дека се може да се слушне и злоупотреби.

• Системи за информации од јавен карактер, како што се дневни и неделни весници, списанија, телевизија, интернет, итн, исто така може да биде соодветен извор за шпионажа.

Како резултат на тоа, компаниите во овој современ вид на пазарна економија и галопирачка конкуренција мора да се соочат со ризик, односно мора да ја сфатат опасноста од економската шпионажа, би можеле да преземат акција за да ги заштитат своите важни податоци од шпионирање.

### 3.4. Економската шпионажа како конкурентска предност

Целта на користење на економската шпионажа е да се проучат конкурентските компании или земји, бизнис проекти и истражување на нови производи, да се постигне конкурентска позиција, отворање на нови пазари, и конкуренција во нов бизнис и "доминација" на светскиот пазар. Првите задачи на шпионирање беа главно воени или од воена природата, кои ја поставиле основата за понатамошната експанзија на овие активности. Кога една компанија започнува со активности на економска шпионажа, има за крајна цел откривање на деловни тајни на конкурентите.

"Зборот тајна (le secret), во францускиот речникот Le Petit Robert подразбира - збирка на знаење и информации кои треба да бидат резервирани за тесен круг на поединецот и на посредникот (тајни) да не ги откриваат. Во рамките на овој концепт е

дефинирана како деловна тајна (le secret professional ou de fabrication), која го вклучува рецептот или една од формулите (начин) на производство кои мора да се чуваат во тајност и да бидат познати само на производителот. Од овој концепт се извадени и другите поими како таен агент, тајна полиција, државна тајна и други"[65]

Една од трговските тајни претставува производствената тајна, која не е ништо повеќе од: формула, шема, или изнаоѓање на решение кое се применува во бизнисот, компанија која доаѓа до овие информации, може да ги користи за подобрување на конкурентна предност на компаниите во исти или слични активности за кои до сега не знаеле и не се применувале. Со трговски тајни се заштитени сите индустриски, комерцијални, финансиски, маркетинг и техничко-технолошки предности на компанијата што ги има во однос на конкуренцијата на пазарот. Поради оваа причина, во секоја компанија, вработените се должни да чуваат деловни тајни за време на работниот однос во компанијата, па дури и по неговото раскинување. Трговската тајна може да се открие само поради оправдано барање на овластени лица и органи и оние кои се овластени за општите акти на компанијата.

### 3.5. Бизнис етика на економската шпионажа

Да се вратиме за момент, во минатото. Моралот е стар колку и човечкото општество, бидејќи бил присутен и во првобитната човекова заедница. Се разбира, тоа не беше независна форма на општествена свест, но беше чврсто поврзана со религијата. Моралните норми, односно, правилата на однесување на луѓето тогаш имаа ексклузивно верски, мистичен карактер. Носителот на моралните стандарди било општеството како целина (род или племе), кое вршело санкции, кои биле од религиозен карактер. Затоа моралот се појавува, развива и менува во сите области на човековото живеење преку својата историја. Бизнис етика е теоретска и научна дисциплина, бидејќи ги објаснува

[65] Prvulović V., *Ekonomska diplomatija*, četvrto izmenjeno i dopunjeno izdanje, Univerzitet Megatrend, Beograd, 2010, s. 171.

моралните принципи во бизнисот, но во исто време тие дефинирани морални начела се спроведени во практика, преку деловни контакти и комуникација.

Бизнис етиката е од големо значење, односно организациската култура, која заедно со стратегијата и лидерството придонесува за успех во бизнисот на компанијата. "[66] Економската шпионажа е во спротивност на деловната етика. Како што е често случај во воената шпионажа и индустриската шпионажа за добивање на информации во голема мера зависи од изворот на податоци. Информациите внимателно се собираат, сортираат, анализираат а до нив најчесто се доаѓа преку "(зло) употреба" на вработените. Тоа е неетичко преземање на персоналот, како и купување на тајни од нив. На пример, Кина беше обвинета дека на своите вработени во клучните американски компании им поклонува бесплатни летови до Кина, со цел да се зајакне лојалноста и да ги охрабри на интервјуто за работа. Таа, исто така ги праќа студентите да учат во тие сектори на американските универзитети, каде што ќе имаат пристап до информациите за кои владата е заинтересирана

Исто така, неетички се методите за прислушување на телефон, хакирање на компјутерски системи и кражба на пронајдоци и тајните од другите луѓе. Денес следењето и прислушувањето на разговори со мобилен телефон, не е голем проблем. Овие телефони не се безбедни и работат користејќи радио-бранови кои можат да се фатат ненамерно или намерно. Таквото прислушување е незаконско и неетичко, а компаниите и сопствениците на важни телефонски разговори можат да се заштитат само ако зборуваат во шифри. Второто прашање се однесува на превртување на "ѓубрето од компанијата". За да се спречи ова, повеќето компании користат канти за канцелариски отпад кои битните документи ги сецка во отпад. Постапката за ова уништување на доверливи документи го привлече вниманието на заинтересираните за шпионажа. Етиката, ниту ограничува чепкање по ѓубре, ниту го охрабрува моралот за таквите постапки, самите вработени се одговорни за постапката.

---

[66] Krstić Randić J., Uloga poslovne etike u menadžmentu, *časopis Lider*, Horizont, Banja Luka, 2007.

## 4. Национална безбедност

**Безбедноста** е многу широк поим, па затоа поради неговата комплексност, понекогаш се здобива и со епитетот на „неодреден симбол" кој може, но и немора да има некое значење[67]. Безбедноста можеме да ја третираме како состојба во која е осигуран урамнотежениот физички, духовен, душевен и материјален опстанок на поединецот и општествената заедница во односот кон другите поединци, општествени заедници и природата.[68] За да се постигне чувството на безбедност, треба адекватно да се одговори на променливата природа на различните видови закани, ризици и предизвици. И покрај неодредливоста на овој поим, таа го зазема местото на најзначаен атрибут на секоја држава.

**Националната безбедност** е дефинирана како активност на држави-нации со која државите во рамките на нивните општествени капацитети во сегашноста и иднината, имајќи ги предвид глобалните промени и развојот, го штитат својот идентитет, постоење и интереси. Оваа активност вклучува: посебни мерки (во трговијата и економијата, културата, итн) да се заштитат и одбранат самите од која било закана од средината:

-безбедносни мерки на општеството, кои мора да бидат во согласност со капацитетите на општеството (во спротивно тие би можеле да водат до небезбедност);

-овие мерки мора да бидат планирани (долгорочни и краткорочни);

-и прилагодени на глобалните и регионалните промени во светот.

Националната безбедност претставува дејност на националните држави со која тие го заштитуваат својот национален идентитет, опстанок и интереси, во согласност со своите општествени и национални можности, притоа земајќи ги во предвид новите глобални промени и развој. Националната безбедност е дефинирана и како активност на држави-нации со која државите во рамките на нивните општествени капацитети во сегашноста и

[67] Arnold Wolfers, National Security as an Ambiguous Symbol, *Political Science Quarterly*, Vol.67, no.4, 1952.

[68] Митко Котовчевски, *Национална безбедност на Република Македонија*, Скопје 2011 г.

иднината, имајќи ги предвид глобалните промени и развојот, го штитат својот идентитет, постоење и интереси. Оваа активност вклучува: посебни мерки (во трговијата и економијата, културата, итн) да се заштитат и одбранат самите од која било закана од средината.

Кога се зборува за поимот "национална безбедност", се мисли на безбедноста на военото и политичкото поле. Денешното сфаќање на поимот "национална безбедност" е подетално и проширено и покрај овие две полиња ги вклучува економското, социјалното и еколошкото поле, додека економската димензија на националната безбедност е една од централните димензии на овој нов концепт. Во новиот концепт на националната безбедност, економското-разузнавачко дејствување има значајно место во спектарот на инструменти за остварување на економската димензија на националната безбедност. На тој начин, економското-разузнавачко дејствување стана инструмент на националната безбедност, но и израз на информациската и општествената моќ.

Глобализацијата направи крупни промени во многу светски движења, а човековата активност се промени на многу полиња во однос на минатото. Промени во економските, политичките и другите процеси значајно имаат вечаток врз начинот и квалитетот на живот на современиот човек. Драматичните промени, во однос на традиционалните сфаќања, се случија всушност во современите сфаќања на националната безбедност. Националната безбедност е една од темелните категории на безбедноста. Стандардната единица на безбедноста во современи услови претставува безбедноста на суверена национална држава (национална безбедност) која ги одредува сите останати категории на безбедноста (индивидуалната, економската, регионалната, колективната, итн).

Националната безбедност е рамка која доминантно го одредува начинот, квалитетот и условите на живот на современиот човек, односно целокупните економски, политички, социјални, воени, еколошки и останатите трендови и процеси. Последиците на значајните светски промени ги принудија државите на поразлични размислувања и формулирање на националната безбедност. Меѓународната политика, нерамномерниот економски развој, влијанието на западните демократии, силната поларизација помеѓу светската популација и етничките групи, големите недоразбирања и нетолеранцијата, доведоа до глобални

промени со огромни влијанија и последици кон националната безбедност на државите. Влијанието на светската сцена се пренесе и врз новосоздадените транзициони држави. Почетокот на големите промени пропратени се со опасностите од асиметрични закани, посебно од тероризмот, што за меѓународната заедница претставува се уште нејасна и непотврдена одредница, која за жал многу брзо инспирира потреба за истражување на однесувањата на поединци, групи, организации, па дури и цели системи.[69]

Блискиот исток и делови од југоисточна Европа се идентификувани како извори на нестабилност, од каде што на удар дојдоа западните демократии. Последиците се огледаат во масовното користење на формите на глобалните невооружени влијанија врз безбедноста кои се однесуваат на употребата на неконвенционалните средства на војување, субверзивната и пресвртничката дејност, политичката индоктринација, вештачкото создавање општествени кризи и други. Не помалку значајни, кои во последните две децении се максимално екплоатирани, претставуваат политичките, економските и воените притисоци. Многу земји се уште се наоѓаат во транзициониот период, меѓу кои и Република Македонија[70]. На создавањето на ваквот амбиент голем број фактори придонесуваат за појавата на конфликти како што се: сиромаштијата, економската стагнација, нееднаквата распределба на ресурсите, дискриминацијата, угнетувањето на помалите етнички групи, емиграцијата од исток кон запад, социјалната неправда и други[71]. Промените, дел од системите, поедини земји и цели региони ги одвлекоа наназад, што од друга страна генерира кризи на поголеми простори, на кои што ослабените државни уредувања дозволија национал-сепаратистичките движења да добијат подем.

---

[69] Методија Дојчиновски, *Зборник на трудови*, Влијанието на глобалните промени врз системите за национална безбедност, Скопје, 2012.

[70] *„Национална концепција за безбедност и одбрана на РМ"*, Собрание на РМ, 2003.

[71] Т.Гоцевски, О.Бакрески, С.Славески, *„Европската унија низ призмата на европската безбедност"*, Филозофски факултет, Скопје, 2007.

Креирањето на безбедносни мерки води до големи промени во безбедносно-одбранбените текови, особено во земјите на Југоисточна Европа. Намалувањето на воениот фактор е резултат на новите идеи за изедначување на политичките и економските текови и одговор на глобалните промени. Скоро сите поранешни федерални држави ги намалија своите воени капацитети согласно на ново настанатите состојби, пред се поврзани со безбедносната и меѓународната политика. Со намалувањето на бројот на воен персонал и техника, со тоа доаѓа до промена на производството и намалување на пазарите заинтересирани за оружје.

Суштината на влијанието на минимизирање на воениот фактор е во намалувањето на персоналот, заради што општествата се соочуваат со проблем на згрижување на голем дел лица кои се оспособени за ракување со оружје, војување и изведување на специјални операции. Дел од нив, располагаат со (класифицирани) информции, одреден број лица сеуште остваруваат контакти со припадници на безбедносните органи и служби, некои се ангажираат во компании наменети за обезбедување на лица и имот, пооспособените се упатуваат на задачи надвор од сопствените држави, а за определена финансиска сума овие лица вршат било какви други услуги. Ваквиот персонал е интересен за странските разузнавачки служби, што уште повеќе ја усложнува целата ситуација, како и нивното доброволно ангажирање во операциите во кризните региони на светот.

Националната безбедност на државите е поврзана со глобалната политика на земјите од Југоисточна Европа, околу напорите за оставрувањето на мирот и безбедноста во светот, на тој начин што преструктуирањата се вршат заради поефикасно учество во спроведувањето на политиките, создавање на заедничка сила, подобра соработка на полето на безбедноста и поефикасно извршување на поставените задачи. Пример за тоа е граничното обезбедување на Балканските земји, кои добар дел успеаа да го трансформираат во граничната полиција, со што се придонесе во подобрување на соработката и размената разузнавачки информации во делот на попречувањето на активностите со шверцот на луѓе, дрога и оружје, особено во населените места непосредно до граничните реони.

Сите закани кон националната безбедност, поттикнуваат клима за создавање на закани и загрозеност на општетсвените богатства. Со вакивте проблеми поврзани со националната безбедност на една држава треба да се позанимава и пошироката меѓународна заедница, заради коориднирано дејствување и изнаоѓање решенија за надминување на веќе постоечките кризи и воени конфликти. Особено значајни се активностите на локално рамниште во рамки на кое глобалните предизвици и последици, земаат замав. Заради тоа, безбедносната политика треба да ја одигра клучната улога во ставањето под контрола на внатрешните безбедносни проблеми. Балканскиот полуостров е простор кој припаѓа на Европската култура и ориентацијата на населението треба да ги надмудри мрачните сили, кои на многу наивен и едноставен начин сакаат да го засенат патот кон прогресот, напредокот, развојот на цивилизациите, остварувањето на националната безбедност и мирот во светот.[72]

## 4.1. Економските категории-најголема закана за националната безбедност

Дефиницијата за национална безбедност покажува дека терминот значително се проширил со модерното време. Таквите сваќања имаат и своја емпириска потврда затоа која и да било шпекулација се чини непотребна. Асоцијацијата на европските истражувачи на воени и социјални прашања (Europen Research Group on Military and Society - ERGOMAS) пред неколку години[73] ги истражувала ставовите на граѓаните на земјите-членки на Европската унија за изворите на закана. Резултатите од истражувањето овозможиле формирање на ранг листа на размислувањата на Европејците во врска со тоа што се смета за најголема закана за нивната безбедност. Редоследот покажува дека економските категории се сметаат за најголема закана. Според ранг листата, првата и

[72] Методија Дојчиновски, *Зборник на трудови*, Влијанието на глобалните промени врз системите за национална безбедност, Скопје, 2012

[73] Sinisa Tatalovic, Mirko Bilandžić, Osnove nacionalne sigurnosti, Ministarstvo unutarnjih poslova Republike Hrvatske, Policijska akademija, 2005

петтата позиција е окупирана од страна на директни економски теми (Лошото управување и продажбата на општественото богатство), додека другите две места се окупирани со важната економска конотација (закана за животната средина и заостанатоста во наука и технологија). Резултатите од научното размислување и емпириските истражувања покажале дека земјите биле принудени на различна формулација на стратешките документи за реализација на националната безбедност и националните интереси. Во новите стратешки документи во многу земји централното место и припаѓа на економската димензија на националната безбедност. Многу земји сфатија дека економската стабилност, економскиот развој, нејзината конкурентност во глобалната конкуренција и зголемувањето на животниот стандард се нивните најважни национални интереси. Како примери на оваа изјава може да послужи стратешкиот документ на САД во 1995 година и на Русија во 1996 година. Американскиот документ носи име "Ангажман и проширени обврски во стратегијата за национална безбедност" (National Security Strategy of Engagement and Enlargement), додека рускиот е наречен "Нов пристап на проблемите на националната безбедност" (New Approaches to National Security Problems). И во едниот и во другиот документ економската димензија на националната безбедност зема централно место.

## 4.2. Организација на системот за национална безбедност на Р. Македонија

### 4.2.1. Безбедносно-разузнавачки служби на Р. Македонија

Македонските безбедносно-разузнавачки служби[74] не претрпеа некои поголеми организациски промени од раните 1990ти па наваму, иако беа направени неколку измени непосредно по прогласувањето независност во 1991 година и по вооружениот конфликт во

[74] Безбедносно - разузнавачките служби опфатени во оваа магистерска работа се: Агенцијата за разузнавање, Управата за безбедност и контраразузнавање во рамките на Министерството за внатрешни работи и Секторот-Служба за воена безбедност и разузнавање во рамките на Министерството за одбрана.

2001 година.[75] Оваа стагнација е спротивна на заканите и предизвиците за македонската национална безбедност кои значително се зголемија во текот на изминатите дваесет години. Во последните документи за одбрана и безбедност како најнови ризици се посочени сајбер војувањето, опасностите за животната средина, оружјето за масовно уништување и религиозната радикализација.[76]

Како одговор на ова, Македонија од неодамна се обидува да пронајде противмерки со кои ќе се доведат во рамнотежа ефективното зачувување на националната безбедност, зголемената одговорност на Владата и почитувањето на демократските норми. Најверојатно, најголемиот предизвик се наметнува со прашањето како да се најде решение за сè бројните и поразновидни закани за безбедноста, а истовремено да се обезбеди соодветен надзор над безбедносно-разузнавачките служби. Македонија сè уште ја зацврстува својата демократија, па затоа често бара модели на најдобри практики кои истовремено опфаќаат ефективност од една и надзор на граѓанското општество врз безбедносно-разузнавачките служби од друга страна. Меѓутоа, од независноста во 1991 година па сè до денес, земјата се бори да воспостави соодветна рамнотежа во оваа област. Неколку прашања поврзани со разузнавањето, особено со употребата на специјалните истражни мерки[77] и размената на информации меѓу безбедносно-разузнавачките служби.

[75] Оваа магистерска работа за настаните во 2001 година го зема терминот „вооружен конфликт"според дефиницијата дадена од Институтот за мир и истражување конфликти на Универзитетот Упсала: „Вооружен конфликт е судир на заемно некомпатибилни цели и интереси кој ја засега власта и/или територијата каде што употребата на вооружена сила помеѓу две страни, од кои барем една е влада на некоја државата, резултира со најмалку 25 жртви."

(достапно на:http://www.pcr.uu.se/research/ucdp/definitions/definition_of_armed_conflict/?languageId=1)

[76] Ислам Јусуфи. „*Безбедносните политики во Западен Балкан*."Центар за цивилно-воени односи — Белград. (2010 година): стр. 122–123.

[77] Овие мерки се дефинирани во Член 146, параграф (1), од Законот за кривична постапка – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија бр. 15/2005"). За нив може да се добие овластување од истражен судија или јавен обвинител и можат да се применат во криминалните истраги. Дополнително, Законот за следење на комуникациите од 2006 година (Член 29) им дава можност на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана со претходна одлука од Врховниот суд да ги следат комуникациите на лице за кое постојат основи на сомневање дека подготвува извршување кривично дело против државата, против вооружените сили или против човештвото и меѓународното право. Освен тоа судот може да нареди следење на комуникациите и кога се подготвува, поттикнува, организира или учествува во вооружен напад против Република Македонија или во онеспособување на нејзиниот безбедносен систем.

ги усложнија односите помеѓу трите гранки на власта — извршната, законодавната и судската — како и во рамките на самата извршна власт. Покрај овој судир, кај телата одговорни за демократска контрола врз безбедносно-разузнавачките служби (како на пример, собраниските комисии), воглавно, се покажа недостиг од политичка волја да побараат од службите одговорност за нивната работа. [78]

Како последица на оваа криза, македонската разузнавачка заедница беше реорганизирана во две нови тела: Агенција за разузнавање (АР), независно тело задолжено за истражување на заканите кои доаѓаат однадвор,[79] и Управа за безбедност и контраразузнавање (УБК), единица на Министерството за внатрешни работи (МВР) задолжена за истражување на заканите кои доаѓаат одвнатре.[80] Претходно, со Законот за одбрана од 1992 година се основа Сектор-Служба за воена безбедност и разузнавање (ССВБиР) во рамките на Министерството за одбрана (МО). Оваа основна структура сè уште постои.

Одлуката контраразузнавањето да се додели на УБК (и на тој начин да се стави под контрола на МВР) беше невообичаено решение. Повеќето програми за реформи во Југоисточна Европа избраа да го сместат контраразузнавањето во рамките на независни тела кои одговараат директно пред Владата и не се дел од ниту едно министерство. На Претседателот на Македонија му беа дадени широки надлежности врз Агенцијата за разузнавање, вклучително и правото да го назначи и смени нејзиниот директор, доколку смета дека постои потреба за тоа. Понатаму, Агенцијата за разузнавање треба да испраќа извештај директно до Претседателот и дури потоа да ги достави информациите и до останатите владини тела. Оваа реформа беше спроведена за да се урамнотежат надлежностите помеѓу различните ограноци на извршната власт, така што ниту едно

---

[78] Андреја Богдановски, *Управување со безбедносно – разузнавачките служби во Македонија*, Скопје, Април 2012 година, достапно на www.analyticamk.org.

[79] Иако македонското Собрание го усвои Законот за агенцијата за разузнавање во 1995 година, АР не започна со работа сè до 1997 година

[80] Пред оваа промена, функциите за разузнавање и контраразузнавање ги вршеше Службата за државна безбедност во рамките на Министерството за внатрешни работи.

министерство не би имало контрола врз разузнавањето. Понатаму, со поделба на задачите за разузнавање и контраразузнавање меѓу трите различни служби, создавачите на овој систем се надеваа дека ќе ја поттикнат диверзификацијата на изворите на информации.

Правно-политички документи врз основа на кој работата на разузнавачките и безбедносните служби на Република Македонија се: Националната стратегија за безбедност, Законот за Агенцијата за разузнавање и Законот за внатрешни работи. Во Република Македонија одвоени се активностите на разузнавање и на контраразузнавањето, така да цивилното разузнавање е ставено во надлежност на Претседателот на Република, додека контраразузнавањето е поделено помеѓу Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана. Разузнавачко - безбедносниот систем на Република Македонија се состои од: Совет за безбедност на Република Македонија, Агенцијата за разузнавање, Секторот за безбедност и контраразузнавање и на Катедрата за безбедност и разузнавачки работи.[81]

Агенцијата за разузнавање на Македонија, е основана со Законот за Агенцијата за разузнавање и Агенцијата собира податоци и информации кои се од интерес за безбедноста и одбраната на Македонија, **економски**, политички и други интереси. Ги анализира собраните податоци од истражувања и ги доставува до претседателот на Републиката. Владата и другите државни институции кои потоа добиените информации да можат да им бидат од значење. Надзор над работата на Агенцијата се врши од страна на Собранието на Република Македонија. Агенцијата е составен од Одделот за меѓународна соработка и Одделението за оперативни работи, кој се состои од шест дирекции и тоа: за оперативната работа, прибирање разузнавачки информации за меѓународниот тероризам и организираниот криминал, аналитички центар, примена на технички методи и поддршка, за обезбедување и за општи работи.[82] Одделот за безбедност и контраразузнавање е систематизиран во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

[81] Управување со безбедносно – разузнавачките служби во Македонија, достапно на www.analyticamk.org

[82] Закон за внатрешни работи. Указ за прогласување на законот за внатрешни работи.03.03.2014. Службен весник.Скопје

Надлежности на дирекцијата се во областа на истражување, превенција и контрола на насилни акти кои се насочени кон поткопување на вредности на уставниот поредок, со посебен осврт на тероризмот и организираниот криминал.

### 4.2.2. Дирекција за безбедност на класифицирани информации

Со искажаната определба за интеграција во евроатлантските структури, РМ започна да ги презема неопходните чекори за приближување кон НАТО и кон ЕУ, што подразбира и размена на класифицирани информации. По потпишувањето на Безбедносната спогодба меѓу Република Македонија и НАТО во 1996 година, во рамките на Министерството за одбрана е формирана Службата за реципрочна безбедност за заштита на информации што се разменети меѓу РМ и НАТО. За безбедна дистрибуција на класифицираните информации до крајните корисници, во Службата е формиран Централен регистар, а во Министерството за внатрешни работи и во Министерството за надворешни работи подрегистри.

Во март 2002 година со Одлука на Владата на Република Македонија[83] е формиран Националниот безбедносен авторитет на Република Македонија во НАТО контекст (НБА) како стручна служба на Владата. Во таа насока, Република Македонија презеде активности за промени во безбедносниот сектор поврзани со класифицираните информации, поради што се презедоа активности за изработка и донесување на Законот за класифицирани информации. Законот за класифицирани информации[84] влезе во сила на 5 март 2004 година и со тоа поранешниот НБА прерасна во Дирекција за безбедност на класифицирани информации како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице. Согласно Законот, во ноември 2004 година беа донесени Уредбата за административна безбедност на класифицирани информации, Уредбата за физичка безбедност на класифицирани информации и Уредбата за безбедност на лицата корисници на класифицирани информации, а во март 2005 година беа донесени Уредбата за

---

[83] „Службен весник на РМ", бр. 21/02

[84] „Службен весник на РМ", бр.9/04

индустриска безбедност на класифицирани информации и Уредбата за информатичка безбедност на класифицирани информации.

Во септември 2007 година беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации[85] со којшто се воспостави целосна контрола не само врз странските туку и врз националните класифицирани информации, односно се воспостави инспекциски надзор врз сите државни органи и други физички и правни лица за доследна примена на Законот за класифицирани информации. Донесени се и други интерни правни акти сврзани со заштитата на класифицираните информации согласно безбедносните стандарди на НАТО и ЕУ.

#### 4.2.3. Агенцијата за разузнавање

Македонија ги спои своите цивилни агенции за разузнавање во рамките на една институција, МВР. Ваквото уредување постоеше до 1995 година кога со Законот за Агенцијата за разузнавање беше основана Агенцијата за разузнавање (АР).[86] Оттогаш законот не е изменет, иако Уставниот суд поништи неколку одредби.[87] Едната од нив на вработените во Агенцијата за разузнавање им го ускратуваше правото на штрајк против одлуките на директорот на Агенцијата за разузнавање при донесување на подзаконски прописи за правилата на работа на Агенцијата за разузнавање. Одредбата беше прогласена за неуставна. [88]

Агенцијата е надлежна да собира податоци и информации од значење за безбедноста и одбраната на Република Македонија и стопанските, политичките и другите интереси на државата. Агенцијата врши анализи и истражувања на податоците и информациите и

[85] „Службен весник на Република Македонија", бр. 113/07

[86] Закон за Агенцијата за разузнавање. Службен весник на Република Македонија бр. 19/1995.

[87] Одлуки на Уставниот суд бр. 76/2000 и 211/2000.

[88] Андреја Богдановски, Управување со безбедносно – разузнавачките служби во Македонија. Скопје, Април 2012 година, достапно на www.analyticamk.org

задолжително ги известува претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и други државни органи за прашања од значење на нивниот делокруг.

Агенцијата за разузнавање беше создадена како независно тело, подредено на претседателот. Меѓутоа, постојат некои области на надлежност кои ѝ дозволуваат на Владата директно да влијае врз работата на Агенцијата за разузнавање. Тука спаѓаат одобрувања поврзани со кадарот, како и одобрувања на методите и средствата на Агенцијата за разузнавање. Дополнително, Владата може да побара одговорност од директорот на Агенцијата за разузнавање за неговата работа и има контрола врз буџетот на агенцијата.




Слика бр. 1 Агенција за разузнавање

Целите на Агенцијата за разузнавање се во согласност со утврдените стратешки приоритети на Претседателот и Владата на Република Македонија. Задачата на Агенцијата за разузнавање е реализација на активности и развој на капацитети за навремен одговор на безбедносните закани, ризици и предизвици во тековниот и идниот период. Агенцијата создава стратешки цели преку воспоставување и развој на соодветни ефикасни механизми за идентификација, превенција, предвидување, рано предупредување и информирање. Целите имаат големо значење во процесот на носење решенија и при креирањето на политиката на Претседателот и Владата на Република Македонија за заштита на виталните и трајни национални интереси на РМ и нејзините интереси во странство.

Приоритет во активностите на Агенцијата за разузнавање се следните стратешки области на делување:[89]

- Идентификација на заканите и оперативно-разузнавачко делување
- Превенција на заканите
- Информирање на државниот врв
- Меѓународна билатерална и мултилатерална соработка
- Меѓуинституционална соработка
- Законитост и јавност во работата

Активностите на Агенцијата за разузнавање се планираат и насочуваат согласно Програмата за работа која се изготвува во почетокот на секоја година и претставува краткорочен плански документ за приоритетната разузнавачка активност при што целокупното делување се заснова и на стратешките документи на државата – Националната концепција за безбедност и одбрана каде се дефинирани конкретните ризици и опасности по безбедноста. Согласно законот за Агенцијата за разузнавање, со

[89] Закон за Агенција за разузнавање, Сл. Весник на Р.Македонија бр.19/95 од 06.04.1995 година

изготвените анализи и информации задолжително се известуваат Претседателот на Република Македонија, Владата и другите државни органи на Република Македонија за теми од нивниот делокруг. Делокругот со надлежности на Агенцијата за разузнавање пропишан во Законот за Агенција за разузнавање опфаќа:

- рано предупредување, процена и прогнози за тенденциите и можните безбедносни ризици по националната безбедност на РМ,
- прибирање податоци и информации од значење за безбедноста и одбраната, стопанските, политичките и другите витални интереси на државата,
- прибирање податоци и информации за спречување на меѓународниот тероризам и транснационалниот организиран криминал,
- анализи и истражувања на податоците и информациите кои се од значење за безбедноста и одбраната на Република Македонија и за стопанските, политички и други интереси на државата,
- техничка поддршка,
- активности за логистичка поддршка и безбедност во работата на Агенцијата за разузнавање.[90]

Според законските одредби за разузнавачко делување, може да се наведат следните овластувања на Агенцијата за разузнавање на Република Македонија:

- вработените имаат право да собираат податоци, известувања и информации од делокругот на работата,
- вработените на посебни работни места во Агенцијата имаат Службени документи што ја издава директорот,
- службениците кои поседуваат Службени документи, можат да се идентификуваат кога ги исполнуваат официјалните задачи во Република Македонија.[91]

---

[90] Закон за Агенција за разузнавање, Сл. Весник на Р.Македонија бр.19/95 од 06.04.1995 година

### 4.2.4. Управата за безбедност и контраразузнавање

Во рамките на Министерството за внатрешни работи, како посебен орган функционира Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК), која ги извршува работите на системот на државната безбедност. Системот на државна безбедност се работи кои се однесуваат за заштита од шпионажа, тероризам или други активности насочени кон загрозување или уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Македонија со насилни средства, како и заштита од потешки форми на организиран криминал.[92]

Со Управата раководи директор кој е самостоен во извршувањето на работите на Управата, а за својата работа му одговара на министерот за внатрешни работи и Владата на Република Македонија кои воедно и го именуваат за време од четири години. На предлог од директорот на Управата, министерот донесува акти за организација и работа и за систематизација на работните места на Управата. Во вршењето на работите од својата надлежност, работниците на Управата имаат право да собираат податоци, известувања и информации од граѓани, органи, претпријатија и други правни лица кои се должни да им овозможат уредно вршење на работите.

Иако мандатот и надлежноста на Управата за безбедност и контраразузнавање произлегуваат од Законот за внатрешни работи од 1995 година, УБК од организациски аспект претставува обединување на веќе постоечки единици во МВР. Оттогаш Законот за внатрешни работи претрпе неколку измени, а последен пат во 2009 година.[93] Во него следниве области се посочени како надлежности на УБК:

- контраразузнавање;
- тероризам;

---

[91] http://ia.gov.mk/nadelzni.html

[92] http://www.mvr.gov.mk/ и Управување со безбедноста – разузнавачките служби во Македонија, достапно на www.analyticamk.org

[93] Закон за внатрешни работи. („Службен весник на Република Македонија бр. 92/09")

- активности кои ги загрозуваат демократските институции на земјата или поддржуваат нивно насилно отфрлање;
- организиран криминал кој потекнува од или е насочен кон демократските институции на земјата.

При своето работење, УБК, со претходно одобрение од истражен судија, јавен обвинител или врховниот суд[94], може да се служи со специјални истражни мерки како прислушување, тајно надгледување, вршење претрес на приватен имот и користење лажен идентитет. Дополнително, дел од вработените во УБК имаат и полициски овластувања, вклучително употреба на огнено оружје и овластувања за апсење.[95]

### 4.2.5. Управување со кризи во РМ

Системот за управување со кризи на Република Македонија е дефиниран во стратегијата за национална безбедност во која преглед се врши во три основни делови од страна на Управниот одбор, во оддел за проценка и оддел за поддршка на првиот и вториот сегмент или центар за управување со кризи. Управниот одбор го води претседателот на Владата на Република Македонија, и се состои од министрите за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство и овластениот претставник на претседателот. Групата за процена се состои од претставници на министерствата кои се во Управниот одбор, или во овој случај на ниво на државни секретари, заедно со директорот на Агенцијата за разузнавање, и заменик-началникот на

---

[94] Врховниот суд може да издаде дозвола за следење на комуникациите за дела кои се наведени во член 29 од Законот за следење на комуникациите. („Службен весник на Република Македонија бр. 121/2006").

[95] Управата за безбедност и контраразузнавање врши следење на комуникациите за случаи поврзани со безбедноста и одбраната на земјата како што е наведено во Законот за следење на комуникациите (чл. 29 – 40). За други кривични дела, утврдени со Законот за следење на комуникациите (чл. 8) мерките за следење на комуникациите се спроведуваат од Одделението за организиран криминал во рамките на Министерството за внатрешни работи. Организација за безбедност и соработка во Европа - Набљудувачка мисија во Скопје. Специјални истражни мерки (2010 година): 19, 22. (достапно на: http://www.osce.org/skopje/78152)

Генералштабот на Армијата на Република Македонија, кој е на оперативно ниво.

Главната цел на Центарот за управување со кризи е да се одржува постојано ниво на готовност во земјата, консултации и континуирана меѓународна соработка и координација, соодветно давање на резултати при ризиците, со кои предизвици и закани за безбедноста на Република Македонија и да се предложат и да ги усвојат мерките и активностите за решавање на кризата, додека усогласување на комуникација и информативниот систем на целата територија на Република Македонија е активност која допрва престои. Системот за управување со кризи, меѓу другите работи, е и главен носител на помошта (технички, организациски, административни и други форми на поддршка кои се потребни со цел да работат на системот).

### 4.2.6. Националната стратегија за безбедност на РМ

Националната стратегија за безбедност на Република Македонија (национален концепт за безбедност и одбрана) ги третира областите и интересите на Македонија, безбедносното опкружување, политиките за национална безбедност и одбрана. Треба да се нагласи дека безбедносното опкружување на РМ зависи од околното безбедносно опкружување и според позицијата на Република Македонија, а потоа според безбедносни карактеристики и безбедносни ризици и закани, исто така, еден сегмент посветен на политиката на националната безбедност е поделена на три дела, на цели и насоки за спроведување на политиката за национална безбедност, управувањето со кризи и органи и инструменти за реализација на националната безбедност, кои се претставени со надворешната политика, економската политика, безбедносната политика, политиката за внатрешни работи и политиката за заштита на животната средина.

Македонскиот законодавен систем овозможува неколку тела за надзор директно или индиректно да ја контролираат работата на безбедносно-разузнавачките служби. Во оваа студија се истражува работата на органите за надворешен надзор, бидејќи низата различни контролни механизми со кои тие располагаат детално го покрива целиот опсег на надзор и

контрола врз безбедносно-разузнавачката заедница во Македонија. Дополнително, фактот дека телата за надворешен надзор мораат детално да одговараат за својата работа пред јавноста го прави нивното испитување поизводливо.

За директен надзор над работата на безбедносно-разузнавачките служби задолжени се две собраниски комисии:

• Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање

• Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана

Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање беше основана во 1995 година како дел од реформите со кои се воспоставија Агенцијата за Разузнавање и Управата за безбедност и контраразузнавање. Таа има специфично задолжение да надгледува дали овие две служби при својата работа го почитуваат законот, како и правата и слободите на граѓаните, претпријатијата и други правни субјекти. Комисијата е одговорна и за вршење проценка на материјалната, кадровската и техничката опременост на двете безбедносно-разузнавачки служби.[96] Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање ја сочинуваат девет членови и осум заменици (на членовите) кои ги заменуваат редовните членови во случај на отсуство. Комисијата нема советничка служба и независен буџет, а за водење на нејзината администрација е задолжено само едно лице. Седниците на Комисијата се од затворен карактер поради специфичноста на дискусиите за време на кои се разменуваат класифицирани информации.

Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана постои од неодамна. Истата ја сочинуваат пет членови и четири заменици на членовите, а беше

---

[96] Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање може да се прочитаат на
http://sobranie.mk/en/defaulten.asp?ItemID=07129CC529687F479390CEB4A34DDEE1.

создадена од страна на Собранието со Законот за следење на комуникациите во 2006 година со цел да се изврши надворешна проверка на употребата на електронски надзор од страна на МВР и МО.[97] До 2008 година задолженијата на оваа Комисија ѝ припаѓаа на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање.

Во 2010 година Собранието воведе нови промени меѓу кои и измени и надополнувања на Законот за електронски комуникации со цел да им се наметне на интернет провајдерите и мобилните телефонски оператори да инсталираат технологија за следење на електронските комуникации од страна на безбедносно-разузнавачките служби.[98] И двете комисии располагаат со неограничен пристап до класифицирани информации и се овластени да спроведуваат теренски посети на безбедносно-разузнавачките служби над кои вршат надзор.

97 Закон за следење на комуникациите. („Службен весник на Република Македонија бр. 121/2006").

98 Измена и дополнување на законот за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија бр. 83/2010").

## 5. Бизнис разузнавање

*„Во бизнисот нема сентименталности, затоа искористете го вистинскиот момент и навреме целосно уништете го конкурентот, пред тој да ја преземе иницијативата и да Ве уништи". - Бил Гејтс*

Економското натпреварување станало планетарно. Извозувајќи повеќе производи, услуги, вкупно знаење (што Англосаксонците гоословуваат како know-how, а Французите savoir-faire) секаде низ светот, секоја нација се стреми кон тоа да ја добие оваа војна од нов вид, во којашто жртви се компаниите со непосредни последици по вработувањето и бруто националниот производ. Како што американскиот геополитичар, Е. Лутвак, има речено: „тоа е продолжување на дипломатските и воените стратегии со трговски и економски стратегии".[99]

За да се знае што е бизнис разузнавање или деловно разузнавање, потребно е прво да се дефинира поимот за да се знае на кој начин, во кој случај се користи терминот и што мислиме кога велиме Бизнис разузнавање. Бизнис разузнавањето се појавува во седумдесеттите години на дваесеттиот век, а некои од дефинициите се:

"Бизнис разузнавање е употребата на колективното знаење на организацијата со цел да се постигне конкурентна предност ".

"Бизнис разузнавање е процес на собирање на расположливи внатрешни и соодветни надворешни податоци и нивното претворање во корисни информации кои можат да им помогнат на бизнис корисниците при донесување на одлуки."

**"Business intelligence"** подразбира такво разузнавачко дејствување во областа на стопанството, каде со континуирано собирање на јавно достапни податоци се врши и облагодарување и дообликување на податоците собрани по пат на класично разузнавање.

[99] Н.Пеце, Општ осврт кон бизнис шпионажата, *Еквилибриум*, бр.6, Редакциски одбор, Економски факултет – Прилеп, март 2012.

Во оваа сфера преовладува мислењето дека со континуираното собирање и со темелна анализа на таквите податоци може да се дојде и до содржините на тајните податоци, кои разузнавачките служби ги добиваат на класичен начин.[100] Разузнавањето претставува производ кој е резултат од прибирање (собирање), складирање, интегрирање, анализирање, обработка и интерпретација на расположливите информации што се однесуваат на други држави или региони"[101].

Според дефиницијата, од макро аспект, **економското (бизнис) информирање** е поим што, генерално, опфаќа богат репертоар на активности и современи напори на сите држави да дојдат до знаењата што другите нации ги поседуваат и ги користат за своите потреби во технологијата и производството, а коишто отсекогаш постоеле во светот. Од микро аспект, пак, тоа се сите активности и напори на деловните субјекти и големи и силни комплекси во една иста или различни национални економии да дојдат до знаењата што другите конкурентски деловни субјекти и трговски комплекси ги поседуваат и користат за своите потреби во технологијата и производството, а сè со цел да се присвојат нивните строго чувани деловни тајни, што натаму ќе се користат за остварување поголем профит и обезбедување повисоко конкурентско место во дејноста.

Бизнис шпионажа како нова економска дисциплина, иако некаде запоставена, некаде омразена, зазема значајно место во односите меѓу две земји и водечки транснационални компании. Економска шпионажа е процесот на трансформирање на податоците во знаење. Основната цел на бизнис шпионажа е да се здобијат со конкурентна предност во однос на конкуренцијата, тоа е и причината зошто има "сива зона" меѓу деловната интелигенција и економска шпионажа. Во Македонија, за разлика од другите земји во транзиција, излезот на вакви информации и не се смета за некоја голема штета. Дури и кога ќе се случи бизнис шпионажа, апсолутно се негира. Згора на тоа, дури и преземањето на некои важни деловни информации не се смета за некој голем криминал. Како појаснување за не ангажирањето при вакви случаи е тоа дека не се работи за крадење

[100] Котовчевски.М. *Основи на разузнавањето*, Филозофски факултет, 2013

[101] Котовчевски, М. *Македонско-англиски речник на разузнавачка терминологија*, Боматграфикс, Скопје, 2009.

на пари, опиплив предмет или некакво друго материјално добро-машина. За разлика од нашиот неодговорен однос, светот и земјите во нашето соседство, придаваат големо значење на бизнис шпионажата, издвојуваат добар дел на финансии и обучуваат луѓе.

Шпоинажата како поим означува дејност којашто се состои од откривање или соопштување собрани податоци или факти на друго лице коишто претставуваат тајна. Бизнис шпионажата претставува користење на разузнавачките служби во интерес на одредена компанија. Во тој процес се користат сите достапни легални и нелегални методи за собирање на информации.

### 5.1.Бизнис разузнавачки служби

Организационата структура на разузнавањето вклучува два вида единици: собирачки и информативни единици. Главната цел на разузнавачките единици е добивање на информации, документи, предмети и други материјали кои претставуваат или можат да претставуваат разузнавачки интерес. Затоа во составот на овие единици треба да бидат структурирани следните групи (сектори):

- ✓ за работа со информатори;
- ✓ пребарување и збир на отворени и затворени публикации;
- ✓ скриено набљудување;
- ✓ техничко обезбедување на тековните операции;
- ✓ спроведување на истрага и
- ✓ документирање на однесувањето на проучуваниот објект/фирма.

Добиените резултати потоа продолжуваат низ процес на собирање, пренос, чување, акумулација, побарувачка и преработка на информациите и на крај пренос на крајниот корисник-нарачателот. Основна задача на информатичката единици на разузнавањето се состои во оценувањето, класификацијата, анализа и обезбедување на раководството на

фирмата обработени разузнавачки информации. Во составот на овие единици влегуваат: аналитичко-просторен сектор, единица за стратешко планирање, референтно-информативен фонд, група експерти и консултанти.

Функции на фирмата за разузнавање се:[102]

1. Проучување на негативните и криминални аспекти на сивата економија и пазар.

2. Утврдување на степенот на сигурност на деловните партнери.

3. Обезбедување на раководството на фирмата на потребните информации пред и за време одржувањето на деловни преговори.

4. Утврдување на фирми кои се занимаваат со нелојална конкуренција.

5. Собирање на податоци за лица кои не работат во фирмата, а извршиле или планираат да извршат злосторства против нејзиниот персонал и / или имот.

6. Проверка на лицата кои склучиле трговски договори со фирмата.

7. Утврдување на факти за присвојување на загубен имот од други физички или правни лица.

8. Проверка на кредитоспособноста на деловни партнери.

9. Утврдување и документирање на факти за кршење на правата на сопствениците на трговската марка.

10. Собирање на информации од правни лица или граѓани, оштетени од фирмата.[103]

---

[102] Cole G.A., *Organizational Behaviour*, D.P. Publications Ltd., Aldine Place, London, 1995

[103] Андреев А. *Заговорът на шпионите. Нужни ли са тайните служби?* Дойче Веле и Атлантис. КЛ София, 1998.

## 5.2. Бизнис разузнавањето како инструмент на национална безбедност на современите држави

Економската димензија на националната безбедност врамени во фразата "економска благосостојба" секако е еден од најважните фактори на националната безбедност. Економската димензија на националната сигурност подразбира можност за пристап до природните ресурси на една држава, пазари и финансиски средства, кои го одредуваат прифатливото ниво на благосостојба. Оваа област на националната безбедност во однос на националните интереси може да се видат (иако не се во целост засебни) од два аспекти. Првиот аспект е почитувањето на националните интереси на општо ниво, при што тие се сметаат како вредности и цели, кои се насочени кон развој на националната заедница,[104] а кои се тесно поврзани со националната сигурност.

Националните интереси се јасно дефинирани намери во земјата од која утврдувањето на целите и начини за развој на националната заедница и националната безбедност претставуваат организиран пристап на државата кон нив или механизам за заштита за нивно остварување. Оваа дефиниција на националните интереси покажува дека тие имаат внатрешна и надворешна димензија, која им овозможува да го набљудуваат вториот аспект. Ако ги погледнеме во димензии тогаш станува збор за јавниот интерес кој до одреден степен се разликува од националните интереси. Општоприфатена дефиниција на јавниот интерес е тешко да се најде во социолошката и политичката литература. Според Дејвид Розенблум јавниот интерес ги застапува интересите на сите граѓани[105]. Поимот "јавен интерес" во литературата често се нарекува општ интерес под што се подразбираат оние интереси кои содржајно се поврзани со благосостојбата на заедницата.[106] Јавните интереси, според тоа, се поврзани со внатрешниот просперитет на земјата, додека националните интереси се тесно насочени кон надворешната средина, а одредени се како

[104] Tatalović, S. "Nacionalni interesi i nacionalna sigurnost Hrvatske". *Međunarodne studije*. Zagreb: HUMS. Vol. I., 2000: 53-64.
[105] Rosenbloom, A. D. *Public Administration*. New York: The McGraw-Hill Companies, 1998: 9-10.
[106] Šeparović-Perko, I. *Izazovi javnog menadžmenta, dileme javne uprave*. Zagreb: Golden marketing-Tehnička knjiga, 2006: 15

видливи потреби и аспирација на една земјата во однос на другите суверени држави кои го сочинуваат нејзиното меѓународно опкружување.[107]

Богатството овозможува поголеми инвестиции во оние инструменти за национална безбедност, кои се директно одговорни за остварување или за спречување и отстранување на загрозеност (на пример воена компонента). Разгледувајќи од аспект на умереност према странство (националните интереси во тесна смисла на зборот), национално економските интереси вклучуваат промоција на меѓународната трговија на земјата, нејзиниот пристап до материјалот и финансиските средства и пазари, како и заштита на приватните економски интереси во друга земја.

Економската моќ е составен дел на целокупната власт на една држава. Моќта е притоа сватена како влијание и контрола[108], како и способноста да се воспостават свои намери, цели и задачи, способност и вештина за контрола на други или способност на земјата различно да се однесува во согласност со нивните аспирации (да прави што сака). Во однос на надворешната средина на државите им стои на располагање нивната економска моќ, со цел да ги реализираат своите интереси према други земји (тука не се вклучени во проценка вредноста и рационалноста на овие цели). Примена на економската моќ на државата може да влијае на однесувањето на другите земји. А серија на инструменти од "економски ефект" до "економска војна" една држава може да се обиде да постигне голем број на сопствени интереси (економски, политички, воени, разузнавачки, итн) или, пак, да тежат на слабеење или зајакнување на можностите за други земји во зависност од своите цели и интереси. Меѓународните економски односи се хетерогени и

[107] Радован Вукадиновиќ националните интереси ги дефинирана како она што сакаме да се постигне или зачувува во однос на другите земји. Теоретски гледано, националните интереси се користат како континуирана линија на надворешната политика на земјата или како нешто што е надвор од било кој внатрешно-политички договори или несогласување. Како еден од главните национални интереси на секоја држава, најчесто се нагласува зачувувањето на мирот, остварување на целосна национална безбедност и стабилен развој. И покрај издржливоста и универзалноста на категории од национален интерес, би било погрешно да се идентификуваат со интересите на народот во најширока смисла. Зборот е во тоа дека националните интереси не ги поставуваат широките народни маси туку конкретна политичка елита, односно носителите на политичката одлука. Види Вукадиновиќ, Р. (1998) *Меѓународни политички односи*, Загреб, Барбат, стр. 145-151.

[108] Plano, C. J. *The International Relations Dictionary*. (4. izd.). Oxford: Abcelio, 1988: 20.

комплексни процеси.[109] Поради нивната комплексност на земјата и стојат на располагање неколку техники на економски инструменти кои може да се користат со цел задржување на постоечкото однесување на друга држава или, пак, нејзините измени. Овие техники може да бидат позитивни (награда) или негативни (санкции, пориви) по карактер. Некои од овие техники се: даноци, квоти, бојкот, ембарго, блокада, заеми и монетарна манипулација, т.н. црна листа, контрола на увоз / извоз, замрзнување на средства, обезбедување на/или елиминирање на странска помош.

Се поставува прашањето, што е улогата на бизнис разузнавањето во рамките на јавните/општи и националните интереси. Со други зборови, почнувајќи со гореналедените фактори се прашува каква е врската на националната безбедност и бизнис разузнавањето. Од погорната дискусија јасно е дека за постигнување на националната безбедност пред се е одговорна државата или државните инструменти уште да имаат доминантна улога во остварувањето на националната безбедност и националните интереси. Прашањето е каде и како во тие рамки се лоцира бизнис разузнавањето, кога е пред се бизнис функција која се применува во рамките на компанијата. Одговорот е многу јасен, тој има многу важна улога во националната безбедност. Тоа подеднакво важи за економските системи на сите земји, без оглед на тоа каков вид на економскиот систем е во прашање: американскиот претприемачки капитализам, кој се карактеризира со нерегулиран или слободен пазар без влијание на влада, европските области каде што има ефективен социјален капитализам (Германија и скандинавските области), Франција и Израел каде што има форма на "државен капитализам" или, пак, Јапонија, која се карактеризира со колективистички капитализам.

Бизнис разузнавањето, како функција на разузнавањето е фокусирано на собирање и анализа на информации кои служат како основа за донесување одлуки може да бидат распоредени во било која од економските инструменти, кога станува збор за националните интереси во странство. Доминантна улога во областа на националната безбедност има во областа на јавниот/општ интерес во насока на реализација на внатрешниот економски

[109] Миле, В. За економските аспекти на меѓународните односи, областите на меѓународните економски односи и начинот на нивното регулирање. (1988) *Вовед во меѓународни Економски односи* (1988) Загреб: Службен весник.

просперитет, висок степен на развој, висока стапка на вработеност, повисок животен стандард и така натаму. Бизнис радарот, како и управувањето со бизнис информациите, им овозможува на компаниите да прават квалитетни бизнис одлуки и на тој начин да постигнат успех во бизнисот[110].

Постигнување на успех на некои компании и да придонесе за постигнување на успех, развој и раст на националната економија. Зајакнување на националната економија претставува, пак, да се зајакне економската димензија на националната безбедност, а со тоа и националната безбедност во целокупната смисла и содржина. Зајакнување на економските моќи придонесува можност и богатството на народот, кое е како што е претходно наведено, централен фактор на националната безбедност, е од две причини: прво, државата мора да обезбеди прифатлив стандард на нејзините граѓани за живеење, и второ, повисоко ниво на развој и поголемото богатство ќе овозможи поголеми инвестиции во тие инструменти на националната безбедност кои се директно одговорни за остварување или спречување и отстранување на заканата.

Бизнис разузнавањето има посебно значење во бизнисот и дека придонесува за успех во бизнисот, а за тоа има емпириска потврда. Еден од аргументите се резултатите од истражувањето спроведени во 2002 година од страна на Европската унија. Според резултатите од овие истражувања, 82 отсто од компаниите во земјите-членки на Европската унија, кои имаат годишен приход во износ поголем од $ 10 милиони евра, има специјални одделенија за бизнис разузнавање. Во ноември 2001 година, истакнатиот Business Week објави дека компаниите кои користат деловна бизнис разузнавање имаат зголемени приходи до 20 проценти за разлика од компаниите кои не ја користат оваа функција во нивниот бизнис.[111] Резултатите од истражувањето на примерок од 4.500 менаџери во 2004 година спроведено од Институтот за технологија во Масачусетс покажа дека со правилна примена на бизнис разузнавање се зголемува ефикасноста на донесување на одлуки и го намалува ризикот од правење погрешни процени и погрешни одлуки. Истражувањата на Даглас Бернард, професор по Бизнис разузнавање на Американскиот

[110] Javorović, B., Bilandžić, M. *Poslovne informacije i business intelligence*. Zagreb: Golden marketing-Tehnička knjiga, 2007: 275-284.
[111] Javorović, B., Bilandžić, M. *Poslovne informacije i business intelligence*. Zagreb: Golden marketing-Tehnička knjiga., 2007: 277, 285.

факултет за Меѓународен менаџмент и Факултетот за бизнис на Универзитетот во Кејп Таун, го поставија бизнис разузнавањето во ранг на основните деловни функции (јадро надлежност) при што оваа функција придонесува кон:

• Зголемување на продуктивноста;

• Обезбедување на "рано предупредување" во врска со заканите кои доаѓаат од бизнис средината;

• Подобрување на интерфинкционалните односи во деловниот субјект;

• Добивање информации во врска со безбедноста на деловниот субјект;

• Зголемување на степенот на "конкурентската култура" во деловен субјект поради насоченост на бизнис разузнавањето на надворешните закани и влијанија.[112]

До слични резултати дошол и Артур Вајс член на компанијата AWARE, реномирана британска фирма од областа на бизнис разузнавањето. Според него, вредноста на бизнис разузнавањето се состои во следното:

• Дефинира конкурентна предност на деловниот субјект;

• Да се идентификуваат и да ги корегираат слабостите и недостатоците;

• Штити од закани, вклучувајќи и претходна веројатна активност на конкурентите;

• Придонесува за постигнување успех во бизнисот;

• Подготовка на деловниот субјект за иднината[113]

Резултатите од истражувањето ги потврди Бадами Винода. Според овие студии бизнис разузнавањето реализира корисноста на работа во пет основни категории:

- зголемување на приходите,
- зголемување на профитот,

[112] Bernhardt, D. *Competitive Intelligence: How to acquire and use corporate intelligence and counter-intelligence.* London: Prentice Hall Financial Times, 2003: 70.

[113] Weiss, A. "Defining Management Intelligence Needs". *Competitive Intelligence Conference*. Zagreb, 2005.

- подобрување на задоволството на клиентите,
- заштеда на енергија,
- зголемување на уделот на пазарот.

Исто така, националната безбедност придонесува и кон другата страна на бизнис разузнавањето и контраразузнавање (бизнис контраразузнавање). Бизнис контраразузнавањето е првенствено насочено кон постигнување на безбедност на претпријатијата и на воспоставување на механизми за нејзина заштита. Тоа значи активности во насока на елиминирање или намалување на ефектите од разузнавачките активности на ривалите и да се заштитат информациите на деловниот субјект во однос на економска и индустриска шпионажа.[114]

За да се постигнат три основни цели неопходни се активности во насока на:

- одржување на статус кво врзано за позицијата на бизнис лице во бизнис средина,
- проценка на можните опасности и закани и
- Заштита на деловен субјект на незаконски и неетички напади на други субјекти.[115]

Зајакнување и реализација на бизнис безбедноста, придонесува зајакнување на економската безбедноста на одредена земја како непобитен придонес како и целокупната национална безбедност на таа иста држава.

Бизнис-разузнавачките активности (busines intelligence) не е само инструмент на националната безбедност. Бизнис разузнавањето е израз на општествена моќ. Постојат различни дефиниции за општествена моќ. Одредиштата се движат од управување на изворите на општествена моќ до упатување на политички, репресивни, идеолошки извори

[114] Bernhardt, D. *Competitive Intelligence: How to acquire and use corporate intelligence and counter-intelligence.* London: Prentice Hall Financial Times, 2003.
[115] Javorović, B., Bilandžić, M. *Poslovne informacije i business intelligence.* Zagreb: Golden marketing-Tehnička knjiga., 2007: 214.

на енергија, духовно и информации извори на енергија, физичка сила, легитимност и разузнавачките служби како извор на моќ.[116] Преку важноста на општествената моќ и надворешно влијание во дефинирањето на општествена моќ како целина на индивидуална моќ. Во современите услови за бизнис, бизнис информацијата е претставена во исто време како енергија, капитал, знаење и стратешко управување со ресурсите. Бизнис разузнавањето е кутија која ги претвора информациите во знаење. Бизнис разузнавање е израз на ИТ моќ.[117]

Бизнис информирање едноставно резултира со знаење кое на оние што го имаат им дава предност во споредба на оние што го немаат. Тоа е знаењето кое оние што го поседуваат ги става во позиција на супериорност, во споредба со оние кои не се. Поради ова, бизнис разузнавањето институционализирано како бизнис функција во бизнис системите има способност да влијае на другите бизнис системи во реалното бизнис опкружување. Затоа, бизнис разузнавањето е инструмент на информациски, а со тоа и општествена моќ.

## 5.3. Корпоративно разузнавање

Индивидуалното користење на разузнавачки информации не претставува нова појава. Првиот пример потекнува од XIVвек, кога Италјанските банкари Де Барди и Перуци, користеле добро развиена мрежа на шпиони за исполнувањето на своите потреби.[118] Почетокот на XXIвек претставува период за засилен развој на приватниот разузнавачки сектор. Големи меѓународни компании во тој период ги зголемија своите активности, со што тие на своите клиенти им обезбедија различни разузнавачки информации. Како добар пример за вакви меѓународни компании за обезбедување се " Kroll"[119] и "Control Risks"[120]

[116] Giddens, A. *A Contemporary Critique of Historical Materialism*, London: Macmillan, 1981.
[117] Bučar, F. *Upravljanje*, Ljubljana: Cankarjeva založba, 1981.
[118] Alem Jean-Pierre, *L'espionage: Histore methods*; Paris, Lauvauzalle, 1987, str.239
[119] Kroll е приватна консултантска компанија која нуди услуги за разни безбедносни-разузнавачки и технолошки солуции за развој на бизнисот. За повеќе информации види на http://www.kroll.com пристапено на 26.11.2016.

Ваквите компании доставуваат разузнавчки информации за глобалната безбедност за средини кои имаат висок степен на ризик. Кога станува збор за економско разузнавање, тоа во суштина е собирање на информации кои биле собрани на легален начин, истите биле употребувани за надоградување на континуитетот на одредена компанија. Доколку во вакви или слични случаеви би се употребувале нелегални технички средства, во такви моменти станува збор за индустриска шпионажа.

Корпоративно разузнавање претставува склоп на добро планирани и стручно изведени активности со цел собирање на доверливи економски информации, коишто се од корист за деловните активности на одредена компанија или заштита на економските интереси на државата. Овој вид на шпоинажа претставува нелегално собирање на податоци и информации, коишто конкурентските фирми ги чуваат во тајност. За таа цел најчесто се вработуваат блиски луѓе во конкурентските компании, се ангажираат специјализирани агенции и слично. Во пракса најчесто како деловна тајна се среќаваат оригинални производни процеси, нова технологија, состојки на специфични производи, деловни договори со клиенти и нивната содржина, состав и квалитет на менаџментот. Вработените во секоја компанија се должни да ги чуваат деловните тајни додека се вработени во таа фирма, но и по престанокот на работниот однос. Деловната тајна може да се открие само пред овластени лица и надлежни органи.[121]

Одговорот на дилемата како некои компании успеваат да се задржат на врвот цели децении е преку правилна употреба на информации за конкурентите. Токму тоа им овозможува на светски познатите, а и на други успешни компании да одржуваат високо ниво на конкурентност. Во динамичниот свет на XXI век е од големо значење да бидеш добро информиран со новостите за активностите на конкурентите. Оваа потреба е призната во целиот свет како важен услов за управување со еден сериозен бизнис. За целите на корпоративниот свет специјалистите во информациско-аналитичката сфера ги

[120] Control Risks е приватна консултантска компанија која нуди помош на организациите во справувањето со политичките, развојните и безбедносни ризици во нестабилни средини. За подетално види на http://www.control-risks.com/SitePages/Home.aspx пристапено на 26.11.2016

[121] http://bi.mk/shto-e-industriska-shpionazha

пренамениja своите погледи кон разузнавачките служби. Тие создадоа таканаречена нова индустрија "Корпорациско разузнавање". Веќе не е тајна за никого дека со вешто користење на информации за конкурентите, може да се стигне до повисок профит. Со методот таргетинг или корпоративно разузнавање, може да се постигнат исклучителни резултати во развојот на успешниот бизнис.[122]

Овие служби имаат за цел да оценуваат, управуваат и дефинираат комерцијални ризици. За својот клиент тие можат да доставуваат информации за нивните клиенти, добавувачи, партнери. Исто така нудат информации за стекнување на објекти, спојувања, правни спорови, како и враќање на акцизи препишани нелегално.

Останати услуги кои може да ги понудат се:

• Поставување на реални сопственици при нејасно или неразјаснето право на сопственост.

• Истражување на други комерцијални ризици како право на сопственост, што евентуално би можело да биде оспорувано во судот.

• Најнови карактеристики за професионална и лична репутација на носителите на главните акцизи, менаџери, вработени и партнери.

• Обезбедување на информации- неетички и незаконски активности од страна на конкурентот, партнерот или клиентот. Информациите вклучуваат: корупција, сомнително или несоодветно присвојување на претпријатија, а и незаконски измени на цените.

• Навремена анализа за можните политички ризици како ризик од мотивирано државничко гонење.[123]

---

[122] Панчев Ј. *Конкурентно разузнавање*. Софија, јануари, 2007.

[123] Замислете фирма производител, која подготвува да пушти нов производ на пазарот. На развојот на овој производ се посветени неколку месеци работа и средства. Кога тој е подготвен, излегува на пазарот. Но на големо изненадување на неговите основачи, конкурентната компанија буквално пред недела го пушта на пазарот истиот тој производ и веќе ги зазела важните позиции во дистрибутивната, а соодветно и во маркетинг мрежата. Дефинитивно ниту еден менаџер или комерцијален директор не би сакал да се најде во таква ситуација. Затоа, за да се избегне и предвидат слични околности е потребно стратешко планирање за

**Шпионски софтвер**

Тоа се програми кои откако ќе бидат инсталирани на домашен или службен компјутер, лаптоп, телефон или таблет можат да запишат сè што се прави, кои документи се отвараат и какви промени се прават во нив, кои интернет сајтови се посетуваат, какви писма се испраќаат како и сите имиња и лозинки и содржината на секое испратено писмо или порака, што се пишува на Фејсбук, Скајп и сите слични програми.

Оваа услуга најчесто луѓето/ фирмите ја користат во следните случаи:

-кога се сомневаат дека во фирмата има нелојални вработени

-кога вработените им работат зад грбот за сопствени интереси, а не за интересите на фирмата

-кога се сомневаат дека може да станат жртва на заговор или измама

-кога имаат мали деца или тинејџери и постои сомнеж дека тие комуницираат со погрешни луѓе во виртуелниот простор

-кога еден од сопружниците е неверен или се сомневаат во тоа

-кога се сомневаат дека некој друг им го користи компјутерот и не знаат кој и за што го користат.[124]

---

се да биде максимално ефикасно. Токму тука се вклучува конкурентното разузнавање и го спасува бизнисот од слични непријатни ситуации, достапно на: spyera.com.mk.

[124] Viviani A., *Servizi segreti italiani*, And Kronos Libri s.r.l.,Roma,1985

## 5.5. Важноста и вредноста на бизнис информациите

Информациите постојат од почетокот на човештвото, со тек на времето се развивале, снимале, чувале и пренесувале. Секој ден човек од околината добива голем број на информации, неопходни, есенцијални и неесенцијални, поврзани со работното место или во приватниот живот и човекот станува зависен од информации. Всушност, може да се каже дека човекот дознава многу информации, но само кога таквите информации се исористат за да се направи некоја акција, тогаш оваа е информација. Некои податоци само ќе ги игнорира, а некои со среќа ќе бидат прифатени, или пак со нетрпение ги чека.

Јаворович и Биланџич[125] ги поделиле информациите на десет критериуми, со под-критериуми:

1. Според појавата
   - Изворни
   - Изведени
2. Влијанието
   - Корисни
   - Бескорисни
3. Според изворот
   - Сопствени, внатрешни
   - Туѓи, надворешни

[125] Javorović, B.; Bilandžić, M. Poslovne informacije i business intelligence, Zagreb, Golden marketing-Tehnička knjiga, 2007.

4. Според обликот на појава

- Гласовни
- Пишани
- Сликовни
- Звучни
- Знаковни

5. Според веродостојноста

- Точно, тоа е вистина
- Криви, невистинити

6. На полето на дејствување

- Економски
- Организациски
- Политички
- Воспитно образование
- Безбедносни
- Верски
- Здравствени
- Културни
- Научни
- Информациско –комуникациски

7. Според отвореноста на:

- Јавни
- Тајни

8. Според нивото на:

- Локални
- Под-регионали
- Државни, национални
- Регионални
- Планетарни, глобални, светски

9. Според содржината на:

- Лични
- Општи
- Бизнис, функционални

10. Според пристигнувањето на:

- Навремени
- Доцни, застарени.

Гледајќи од перспектива на светот на бизнисот, сите информации се важни, дури и оние бескорисните може да бидат корисни за другите. Информациите може да бидат основа за различни аспекти на бизнисот, како што се да се олесни процесот на донесување на одлуки, прогнозирање, бизнис операции, да обезбеди поголема безбедност, олеснување на преговори и така натаму. Затоа е многу тешко точно и објективно да се оцени колку

информација е битна, тоа ќе зависи од неколку критериуми, како што се- времето на добивање на информации, целите, корисноста на информациите, на субјективното доживување на важноста на информациите и слично.

**Крадење на податоци од фирми**

Во германското стопанство постојат редица лукративни цели на напади. Многубројни мали и средни по големина фирми во своите сектори се водечки производители во светот. Германските производи се синоним за технолошки напредок и висок квалитет. Шпионажата и копирањето во тој сегмент се побрзи и првенствено поевтини решенија отколку долготрајното истражување и развој на сопствени истражувачки центри. Конкуренцијата е заинтересирана за технологијата, но и за маркетиншките и преговарачки стратегии. Информациите за конкурентските понуди на меѓународни натпревари, на пример за брзи возови или авиони, можат да одлучат за тоа дали некој ќе успее или не да склучи зделка.

Тоа го сфати и Европскиот парламент уште во 2001 година во еден извештај за американскиот глобален систем за прислушување Ешалон. И тоа на конкретни примери: американската тајна служба НСА, според сомневањата, им ја проследила комуникацијата меѓу Ербас и саудиските преговарачки партнери на американските конкуренти МекДонел-Даглас и Боинг. На крајот зделката тешка шест милијарди долари сепак ја заврши на „јадицата"на МекДонел-Даглас.

Во меѓувреме, германските фирми стануваат се посвесни за проблемот. Но, често кај малите претпријатија сигурноста на податоците воопшто не е составен дел на нивната деловна политика. Често вработените за сигурност од ИТ-одделот мораат да се бранат пред членовите на својата управа. Ако не се случи ништо, во принцип не може да се докаже колкава би била штетата доколку нешто се случило. Но, претпријатијата кои еднаш биле погодени од шпионажа, брзо учат. Тоа е и нужно потребно-посебно поради трендот на т.н. клауд комјутинг и индустрија 4.0, кои ги карактеризира натамошно вмрежување на производните постапки. Со секое дополнително вмрежување и секој

натамошен јазол за пренос на податоците, расте и ризикот неовластени лица да „прочитаат"што се случува на него.[126]

Иако трошокот во пари и време за собирање конкурентски податоци е висок, трошокот е повисок ако не се собираат. Сепак, компанијата мора да го дизајнира својот систем за конкурентско разузнавање на начин кој не чини повеќе од потребно. Конкурентскиот разузнавачки систем прво мора да ги идентификува виталните типови на конкурентска информација и најдобрите извори на оваа информација. Тогаш системот постојано собира информации од теренот (продажна сила, канали, снабдувачи, фирми за истражување на пазарот, трговски асоцијации) и од издадените податоци (владини публикации, говори, натписи). Следно, системот ги проверува информациите дали се валидни и веродостојни, ги објаснува и ги организира на соодветен начин. И на крај, испраќа клучни информации до релевантните луѓе кои одлучуваат и одговараат на распрашувањата од страна на менаџерите во врска со конкуренцијата. Со овој систем, менаџерите на компанијата ќе добијат навремени информации за конкурентите по телефон, билтени и извештаи. Покрај тоа, менаџерите можат да го контактираат системот кога им треба објаснување за ненадејниот потег на конкурентот.

## 5.7. Примери на бизнис шпионажа

### 5.7.1. Renault

Во Рено уште пред неколку години почна да се јавува сомнеж за бизнис шпионажа. Тогаш работеа на истражување на електричните возила, се инвестираше во нив, но во исто време на истиот проблем работеше и јапонскиот Nissan. Но тогаш почнале да пристигаат анонимни белешки во врска со технологијата на електричните автомобили. Тројца вработени, сите тројца на високи позиции, се најдоа под сомнение дека примиле поткуп продавајќи доверливи информации за Рено, биле отпуштени, но им била дадена можност

[126] Бизнис инфо број 224, Стопанска комора на Македонија, Скопје, 21.5.2015

да зборуваат за обвиненијата пред да се случи ништо. Одлуката за отпуштање на овие вработени била со цел да се заштитат стратешките, интелектуални и технолошки планови кои ги имале во Рено. Рено јавно им се извини на тројцата вработени со цел да се врати угледот на компанијата.

Друг важен дел од оваа афера е дека Патрик Пелата, главен оперативен директор на Рено, а често споменуван како еден од најдобрите стратези за производство, беше дел од тимот предводен од Карлос Гош откако Рено го купи контролниот пакет-акции во кинеската компанија. Откако Нисан успеа повторно да се врати на подобро место на пазарот, Патрик се вратил во Париз како десна рака на Карлос Гош, ја предводел маркетинг стратегијата за пробивање на Рено, а потоа станува главен оперативен директор. Патрик бил одговорен за дел од истрагата, но се изјаснил дека тој никогаш немал причина за да се посомнева во валидноста на оптужбата на тројцата вработени.

Француската влада, која е сопственик на дел од акциите на Рено, сфатиле дека тие се целта на шпионажа, т.е. дека нивните менаџери соработуваат со конкурентите, го повикале Гош да поднесе оставка, но биле лути бидејќи никој од Рено не ги информирал за ситуацијата. Тогаш истапил Патрик Пелата, се побунил против одлуката на Владата со образложение дека ако Гош си поднесе оставка може да дојде до пропаѓање на соработката Renault-Nissan. Владата се откажала од оставката на Гош, но тие се уште барале некој да ја преземе одговорноста, тогаш Пелата си поднел оставка како главен оперативен директор.

Во некои статии се споменува дека овие тројца вработени се погрешно обвинети, и им било понудено да се вратат на своите работни места, но тие не сакале да ја прифатат понудата, бидејќи не сакале да се вратат во непријателска работна средина. Последиците за Рено во овој случај можеле да бидат сериозни. Освен губење на угледот, имаше скандал со компанијата, се вмеша и политиката, медиумите и други индустрии, разузнавачката служба, во играта беа многу пари и многу дезинформации.

Во овој пример, се користи метод на инсајдери и мито за да добијат информации. Исто така, имаше и ширење на дезинформации.[127]

Верувам дека до бизнис шпионажа во овој случај дошло поради конкуренција на претпријатијата во иновации. Една компанија има идеја, истражува и инвестира, а другата компанија, најлесно би било да ја земе студијата и да ја доработи, потоа да си ги земе заслугите за иновација и патентиран производ, а на тој начин да заработи многу пари и да има монопол на пазарот. Тешко е да се избегне шпионажа, политиката и културата би требало да бидат области кои не подлежат на корупција и шпионажа, но исто така, треба да се вработат креативни и квалитетни работници, кои ќе се борат за позиција и профит на компанија на чесен начин.

### 5.7.2. McLaren против Ferrari

Познатиот пример поврзан со бизнис шпионажа се случил во 2007 година, пред почетокот на трката во Унгарија, за која и јавноста е запознаена. На овој настан се случија и многу интриги поврзани со шпионажата.

Фернандо Алонсо беше возач на формула во Рено, а потоа се префрли во McLaren, каде што, бидејќи бил повеќекратен шампион во Fomrule 1, го доби првото место во тимот, а веднаш зад него беше Луис Хамилтон, кој постигнуваше се подобро и подобри резултати. До афера дојде, најнапред бидејќи двата тима, McLaren и Ферари има извонредни возачи, за Ферари возеа Раиконен и Маса, и Ферари победи на трката за Големата награда на Монако. По освојувањето на оваа награда, во болидот на Ферари е пронајден бел прашок и поради тоа е осомничен за саботажа.

Она што следеше беше дека главниот дизајнер на McLaren Мајк Коглан, од Најџел Степнаја, инженер на Ферари, добил целосен нацрт на конструкцијата на италијанскиот болид кој Италијаните планирале да го направат. Документацијата на конструкцијата имала околу 780 страници и содржела детални технички цртежи, скици, описи,

[127] Rechtin M, 2013; Schofield, H, 2011; D.Ko., 2011; Nepoznat autor, 2011, republikainfo

информации за одржување и подготовка за трката. Коглан ја испратил својата жена да направи копија, а работникот во копирницата направил дополнителна копија за да има доказ кога ќе ги пријави во Ферари, што и го направил. Коглан призна дека тој го доби од Степнаја, а лидерство на McLaren се оградиоја од тоа, бидејќи тие не знаеа што работи Коглан. И Степнаја и Коглан беа избркани од работа. McLaren не беше казнет бидејќи немало докази дека документација се користи. Меѓународната автомобилска федерација (ФИА), исто така, прифати дека кражбата на документи е индивидуален чин, додека не се покажат нови факти. Целата приказна застана таму, и се чинеше дека оваа афера е завршена, но не беше така.

Потоа на ред доаѓа Алонсо, кој поради страв за својата позиција во McLaren постани некоректно кон тимскиот колега, Луис Хамилтон. Во квалификациите, тој се натпреваруваше со Хамилтон, кои ќе имаат подобро време, со цел да се добие подобрата пол-позицијата во трката. Хамилтон имаше најдобро време, но кога влезе во бокс, по него влезе и Алонсо кој запре на излез од боксот, а со тоа го спречи Хамилтон да извози уште еден круг. За овој трик судиите го казнија, така што тој не ја доби првата стартна позиција, туку шестата, а Хамилтон благодарение на првата стартна позиција победи на трката. Шефот на McLaren, Денис збеснал поради Алонсо и неговото лошо однесување, и му се закани дека ќе има санкции ако повторно се случи. Алонсо врати со ист тон, заканувајќи се дека ќе открие на јавноста дека возачите знаеле за документот од Ферари и дека ќе ги покаже електронските пораки што ги разменил со италијанскиот резервен возач, Педро де ла Роса. Денис не го сфатил сериозно, но во паника отиде во ФИА и на претседателот Мозли му ја раскажа сторијата на Алонсо со изјава дека блефира. Ферари цело време налагаше да се казни McLaren, аргументирајќи дека ФИА го поддржува шпионирањето. И покрај доказите дека McLaren не ја користи документацијата, тоа не исклучува дека тие ќе бидат корисни во иднина. McLaren беше казнет со 100 милиони долари, додека возачите не се казнети.

Во овој пример, ние може да се види дека не постои етика ниту во спортските натпревари, веројатно затоа што во Формула 1 се работи за големи суми на пари, па секој гледа само од сопствена корист. Последиците за McLaren беа големи - освен пари, тие,

исто така, ја изгубија довербата во својот возач, беа принудени будно да го следат бидејќи и понатаму одбиваше тимска соработка. Не можеа ниту да го казнат бидејќи беше заштитен од страна на ФИА. Ферари, пак, загуби поради тоа што, вреден документ подели со McLaren.

Методот кој го користат Коглан и Најџел е примање, односно откривање на деловна тајна, улогата на Најџел е инсајдер, поради која се здоби со голема сума на пари. Исто така, пораките кои беа разменети помеѓу Алонсо и Де ла Педро припаѓаат на корпорациска шпионажа, а се работи за ширење на информации и дезинформации, а подоцна и уцена.[128]

Верувам дека овој инцидент се случил од неколку причини. Најголема причина е алчноста, алчноста во името на тимот и многу пари што се вртат во овој спорт. Исто така, причина е човечката завист и желба за првото место, што е спротивно на етичкиот морал во рамките на тимот. Неказнивост за Хамилтон како член на тимот кој ги саботира другите возачи во тимот беше политичка одлука, а се спречија и поголеми инциденти во медиумите. Овој настан може да се избегне, на сличен начин како и во претходниот пример, со чесни членови кои работат за доброто на својот тим, а не со кражба и мито. Во вториот дел од оваа приказна, Хамилтон саботира негов колега, што тешко може да се спречи, бидејќи алчност потешко може да се контролира во однос на тоа каде членот на тимот се чувствува ограбено и желно за одмазда да биде прв.

### 5.7.3. Ericson

Уште еден пример кој посегна дури и по националната безбедност е случајот Ериксон. За Ериксон секој знае дека произведува мобилни телефони, но ретко кој знае дека се занимава со развој и производство на софистициран радарски и ракетен систем за насочување на шведскиот Грипен борбен авион, во главно напаѓачки авион. Двајца вработени заедно со уште еден поранешен вработен се товарат дека издале информации на

[128] Mihovilović M. 18.09.2007. *Ucjenjivač Alonso upropastio McLaren*. Nacional br. 618. http://www.nacional.hr/clanak/37955/ucjenjivac-alonso-upropastio-mclaren

странска разузнавачка служба, така што им доставиле тајни документи. Овие вработени дури и не беа на високи позиции. Случајот стана многу посериозен кога било откриено дека се вклучени двајца руски дипломати, кои потоа се протерани од земјата. Ериксон не сакаше медиумите да створат фама околу овој настан, тие сфатија дека беа цел на руските разузнавачки служби. Последиците за Ериксон можеше да биде губење на угледот и на вредноста, поради украдените информации. Во овој случај, методот е ист како и во претходните два примери, со употреба на инсајдери со поткуп за издавање на деловни тајни.[129]

Овој пример, на индустриска шпионажа се должи на личната алчност и можната желба за одмазда врз претпоставените, ако работниците не се во добра состојба на работното место. Таков инцидент би можел делумно да се спречи со добра работна клима, соодветни плати на работниците, а можеби и добар избор на вработени лица, но нема начин да се знае со сигурност дали работниците се предмет на мито и корупција, бидејќи на тестовите многу луѓе знаат како добро да се прикријат или можеби да се променат во меѓувреме. Но целта да се преживее и лесно да се заработи, митото им изгледа како сосем чесно заработени пари.

### 5.7.4. Hewlett-Packard

Компанијата Hewlett-Packard (HP), позната во светот за производство на персонални компјутери и печатачи, одлучи да се шпионира сам себе и на тој начин да бидат прислушувани линии, да се следат e-mail на директори, новинари и вработени, со цел да се открие изнесување на информација надвор од компанијата. Биле ангажирани разузнавачи, кои ја следеле целата компанија. Компанијата инвестираше во тогашната технологија и вложи многу пари во купување на нова опрема, но и во платите на разузнавачите. Причината поради која започна шпионирањето е објавување на

[129] Crane A., 2003, *In the company of spies: The ethics of industrial espionage*, ICCSR Nottingham University, http://195.130.87.21:8080/dspace/bitstream/123456789/1105/1/15-In%20the%20company%20of%20spies%20The%20ethics%20of%20industrial%20espionage.PDF

информации од компанијата во медиумите, како на пример внатрешни дискусии од компанијата. Разузнавачите користеа методот на "pretexting", спроведуваа повици на телефоните во компанијата и зборуваа со секој вработен се додека не успеат да добијат информации за компанијата. Исто така, ги проверуваа мејловите, чет и се друго што се користи од страна на вработените.

Тогашниот претседател на управниот одбор, Патриша Дан, која ја одобри оваа акција на шпионажа, беше отпуштена, но откази беа дадени и на некои други официјални лица, а компанијата се согласи да ги плати сите трошоците само да се заврши истрагата. Овој метод е нелегален, бидејќи вработените беа снимени без нивно одобрување, што е казниво со закон. [130]

Раководството на HP станало параноично бидејќи во медиумите се испратени дел од внатрешните информации и мислеле дека мора некако да се излезе на крај со тоа, така што ги шпионирале сопствените работници. Го прекршиле човеково право, правото на вработените да бидат информирани дека се под надзор. Ова можело да се реши на многу различни, помалку ригорозни и поевтини начини. Управителите можеле да разговараат со вработените од сите сектори, да ги предупредат дека давањето на внатрешни информации е кривично дело и дека понатаму сите ќе бидат снимени и следени, тоа најверојатно ќе ги заплаши. Е дури тогаш можеле да воведат евидентирање и следење, иако тогаш постои можност работниците кои изнесуваат информации внимателно да се однесуваат и да најдат нов начин да дистрибуираат информации во јавноста. Исто така, мислам дека ова би можело целосно да биде избегнато од страна на компанијата, ако од почетокот имаше јасни предупредувања за работниците во врска со изнесување на информациите, и пропишани мерки за казнување на таквите работници. Културата на компанијата во голема мера може да влијае на такви настани.

[130] Мартин, 2006 година; Непознат автор, 2011 година, Business Week

### 5.7.5. Хакерски напад на сметки на компании

По три примери на напад од инсајдери, следува еден пример од Хрватска, а тоа е хакерски напад на банкарските сметки на компаниите. Најпогодени беа компаниите и граѓаните кои користат интернет банкарство преку USB, но граѓаните не беа главна цел на хакерите.

Хакери избрале време за напад пред крајот на работното време, затоа што е помала веројатност да се провери прометот на парите и имаа само една шанса да се префрли поголема сума, но не преголема, не повисока од она што банката вообичаено исплаќа, за да не предизвикаат сомневања. Овој начин на крадење пари обично започнува со тоа што некој во компанијата ќе закачи вирус кој вади лозинки, ПИН броеви и слични информации потребни за влез во интернет банкарството, а потоа се врши трансфер на пари на друга сметка. Во овој случај, не се нападнати банките, туку клиентите на банката, но проблемот е во тоа што USBто од интернет банкарството често се остава вклучено во компјутер, а со тоа остава можност за хакерски напад на системот. Трансакција на сметка, односно користењето на интернет банкарство не е можно ако USB не е поврзано на вашиот компјутер, па така компанијата може да се заштити, а веројатно и да извлечат поука од овој случај. Од сметка на компанијата за една година беа украдени околу два милиони евра, а банката успеа да врати дванаесет милиони на сметките на компанијата. Хакерите знаат дека банките, ако забележат сомнителна трансакција треба за 24 часа да ги вратат парите на сметка од која се извлечени парите, а постапката за наплата по тоа е долг временски процес и зависи од кривична постапка за решавање која може да трае со години, додека не се открие кој ги украл пари.

Во овој случај се работи за хакерски напад, последиците се од финансиска природа, за фирмата од чија сметка се конфискувани парите. Заштитни мерки кои компанијата може да го направи е редовно да го следи трансферот на пари во одредени временски интервали и да ги пријавува сите сомнителни банкарски трансакции. Клиентите да внимаваат кога не користат интернет банкарството, USBто и физички да се исклучи од

компјутер, затоа што не е доволно само да се одјавите. Исто така, препорака за компаниите да инвестираат во анти-вирусна програма и редовна надградба на неа.[131]

Во овој пример, причина за кражба е алчност и желба за богатство, искористувајќи го знаењето што хакерите го имаат. Ова би можело делумно да се спречи со едукација на луѓето за тоа како доаѓа до хакерски напади, што може да биде нападнато, и како да се заштитат себе си. Исто така, компаниите треба да ги предупредат вработените да бидат одговорни и претпазливи. Да го исклучуваат USBто од компјутер, веднаш штом ќе завршат со негово користење. Проблемот е во тоа што во повеќето компании работат луѓе над 40 години, кои немаат тенденција да се справат со технологијата и не се грижат, ниту се подготвени да научат за предностите и недостатоците на технологијата. Исто така, банките делумно можеле да го спречат, со обука за она што најлесно може да се хакира, во склад со тоа да направат токени или читачи на картички за онлајн банкарство, кои не мора физички да ги вклучите во компјутер.

[131] Kavain, M., 02.05.2014, *S računa hrvatskih tvrtki hakeri ukrali 2 milijuna kuna sve je počelo instaliranjem virusa...*, Slobodna Dalmacija, http://www.slobodnadalmacija.hr/Crna-kronika/tabid/70/articleType/ArticleView/articleId/243641/Default.aspx

## 6. Меѓународно економско разузнавање

Современиот концепт на меѓународното економското разузнавање се базира на дела на американскиот теоретичар Харолд Вилнус и Мајкл Портер, како и делата на Швеѓанецот со српско потекло, Стеван Дедијер. Како предвесник на систематското проучување на економското разузнавање во меѓународните односи, Харолд Вилнус во своето дело "Организациска шпионажа: знаење и политиките во владата и индустријата", покрена две основни тематски единици во оваа област. Првата е примена на колективни стратегии во формулирање на заеднички концепт за создавање конкурентна предност на пазарот, додека другата е разоткривање во областа на економијата и индустријата, како стратешки двигатели на развојот. Значаен прилог за модерното сфаќање на економското разузнавање промовира и Стеван Дедијер. Тој ја нагласува важноста на прибирање бизнис информации и нивниот тренд во современата меѓународна заедница.[132]

Една од клучните промени во светот и на глобалниот пазар е дека државите го губат приматот, а власта ја преземаат транснационалните компании, кои стануваат клучни фактори во интегрираниот глобален систем. Тоа се должи на фактот дека компаниите бараат големи количини на квалитетни информации за свои цели и создаваат свои разузнавачки агенции, со што се ослободуваат од зависноста од државните институции за оваа намена. Тоа доведува до промена на власта, од државите на транснационалните компании.

Врз основа на горенаведеното, економското разузнавање може да се дефинира како збир на многу сложени, планирани и професионално изведени активности за собирање на доверливи информации корисни за бизнис проекти на сопствени компании, организации, држави или за заштита на нивните деловни интереси. За да се запознае начинот на пристап

[132] Dedijer, S., *Development and Management by intelligence/Japan*, 1991, pp. 9.

до доверливи информации, неопходно е да се утврди кои информации се најчеста мета на економските разузнавачи. Тие се поделени во пет групи:[133]

- Финансиски,
- Организациски,
- Маркетиншки,
- Технички,
- Научни.

Над 95% од потребните информации во економскиот сектор може да се добијат легално. Постојат повеќе начини да се дојде до бараната информација без користење на нелегални средства или метод. Интернетот претставува најлесен и најчесто користен начин за наоѓање на потребните информации. Според некои истражувања, во периодот меѓу 1990 и 1995 година има зголемување на економските разузнавачки активности и преку 300%, а главниот виновник е интернетот и информациите кој ги нуди. Најчест метод за добивање на информации е преку електронската пошта, како и преку разни пребарувања. Евидентно е дека информатичката образованост на вработените е многу ниска кога станува збор за безбедноста на интернет. Пристапот до социјалните мрежи од типот на Фејсбук, Мајспејс, Твитер или разни чет- соби се од голема опасност за секоја компанија, бидејќи вработените имаат тенденција во потполно неврзан разговор, дури и со странци да зборуваат за доверливи информации.

Популарноста на интернетот, како и начинот на добивање на доверливи информации, овозможува и анонимност која може многу полесно да се постигне преку интернет отколку во некои други ситуации. Можноста за лесен пристап на Интернет од јавни места како што се библиотеките, интернет кафе, нудат големи можности за целосно анонимни економски разоткривања. Пребарувањето на кандидатите на оглас за

[133] Luttwak, E., *From Geopolitics to Geo-economics*. The national interest, 20, 1990, pp. 17.

вработување е вообичаен начин за добивање на информации за идниот персонал, од страна на компаниите. Со оглед дека нема да бидат интервјуирани некои од кандидатите, овој метод е многу неетички, а во некои ситуации може да се смета за кривично дело. Заедничките вложувања и спојувања на фирми е уште еден легален начин за добивање на релевантни информации. Ако еден вработен од компанијата А долго време работи заедно со вработените од компанијата Б, може да се очекува дека со тек на времето тие ќе се сметаат за партнери, а со тоа попуштаат и безбедносните протоколи и им се овозможува пристап до доверливи информации и технологии.

Исто така, постои уште едно легално решение за да се дојде до посед на посакуваната технологија, тоа е со купување или стекнување на компанијата, но тоа е прилично скапо решение. Конференции, изложби, семинари и саеми се добро место за да се дојде во директен контакт со важните информации. Најчесто добрите познавачи и експерти се ангажирани од компаниите или од страна на влади, со цел да се добијат информации. Директните посети веќе долго време се важен извор на информации од технологијата или производствените компании. Посетителите-разузнавачи се обучени како да се добијат вредни информации, со намерно влегување во забранета зона, недозволено фотографирање или поставување на прашања надвор од границите на дозволеното.

Иако тие се само мал дел од економските разузнавачки податоци, информациите добиени нелегално, најчесто се највредните, бидејќи тие се толку важни така што до нив не може да се стигне по легален пат. Организираниот криминал стана многу чест начин на добивање на информации од компаниите. Глобализацијата на бизнисот овозможи некои нови транснационални видови на криминал. Криминалците веќе не се двоумат да извршат притисок и уцена врз деловните луѓе за да влезат во најголемите компании. Со својата сила и моќ, која честопати е поголема од локалните власти, претставуваат голема закана за бизнисот и индустријата. Во суштина тоа се приватни детективи, најмени од компаниите заради собирање на информации кои компанијата-најмувач ги смета за потенцијално корисни за себе.

Без оглед на тоа кое лице собира информации, постојат неколку начини на кој компанијата или дури и владата доаѓаат до информации. Вработените (инсајдери) со право на пристап претставуваат голем безбедносен проблем за компаниите. Според некои студии, над 75% од економското разузнавање се врши преку инсајдерите, луѓе кои доаѓаат од иста фирма или имаат пристап до доверливи податоци. Се разбира, постојат голем број на луѓе кои случајно одаваат битни информации, што не би требало. Исто така се прават прибирање на информациите од страна на обучен професионалец кој индиректно и на вешт начин може да ја збуни жртвата и таа сама да каже информации што не би требало. Ова се нарекува социјален инженеринг, и иако не е кривично дело, тоа може да биде увертира на други кривични дела.

Инфилтрација меѓу вработените е добар метод за шпионски активности. Имајќи во предвид дека во многу случаи, без поголеми тешкотии, слободно може да се влезе во некоја институција со помош на фалсификувани лажни документи. Благодарение на овој метод, разузнавањето е драстично зголемено. Регрутирање на персоналот е еден од најефикасните начини за разузнавање. Кога веќе еден инсајдер или "крт" е регрутиран со помош на поткуп или на друг начин, од него може да се бараат одреден вид специфични информации. Собирачот на информации не треба да биде извршен директор или истражувач, подобар резултат ќе се постигне ако се регрутира персонал од понизок ранк во компанијата како секретари, компјутерски техничари дури и персоналот за одржување на чистота. Предноста е во тоа што овој тип на вработени се помалку воочливи и често имаат поголем пристап до информации и нивната цена може да биде многу помала, а волјата за соработка многу поголема отколку што би била со генералниот менаџер.

Компјутерските упади се уште еден метод за добивање на информации. Со оглед дека компјутерите се повеќе се користат за обработка и складирање на податоците, се поголем е бројот на "упад" во системите на компаниите, со цел нелегално добивање на информации. Додека голем број на т.н. хакери го прават тоа од чиста досада или омраза кон глобализацијата и мултинационалните компании, постојат професионалци кои крадат информации со цел да се продаваат на црниот пазар. Конкурентните компании и разузнавачките агенции ги ангажираат овие професионалци кои упаѓаат во туѓи

информациони системи. Се проценува дека над 90% од компаниите се жртва на упади во системот за информирање, а директните загуби само во 2002 година изнесувале повеќе од 170 милиони долари, од крадење информации. Упадите и кражбите се традиционален начин да се добие битна информација. Иако во повеќето случаи е физичка кражба на документи, односно негово отуѓување, тоа може да биде само провалник кој ги фотографира или го умножува бараниот документ, така што жртвата не знае дека е украден. На тој начин се продолжува да функционира нормално, но тоа му овозможува на конкурентот да го прати развојот на конкуренцијата. Овој начин обично е поврзан со други методи на економски известувања.

Со напредокот на електронските надзорни камери, можно е да се издвои еден глас меѓу илјадници гласови на стадион или да се прислушува мобилниот телефон на жртвата. Иако на почетокот оваа опрема беше достапна само за државните разузнавачки служби, денеска е можно за малку пари да се купи на најквалитетен уред за прислушување и следење. Како што може да се види, постои широк спектар на алатки и техники за добивање на информации. Традиционалните пазари сега се претворија во вистинско воено поле, а таму целта ги оправдува средствата, односно секоја компанија мора да мисли пред се на сопствената безбедност.

## 6.1. Односот на Америка, Јапонија, Франција и Србија кон економската шпионажа

Сите овие земји поинаку ја дефинираат економската шпионажа, и со разни мерки се бори против неа. На пример, во САД е јасна разликата помеѓу индустриската и економската шпионажа. Индустриската шпионажа вклучува шпионажа меѓу компаниите, додека за вклучување на економска е потребна владата. Екипите за бизнис шпионажа вклучуваат ИТ, техничката и кадровската помош. Кога зборуваме за обучен кадар, се нагласува тоа дека постојат посебни училишта во кои се обучуваат луѓе за индустриска шпионажа. Во прилог на обуката што ја добиваат, со цел ефикасно спроведување на шпионажата, мора да имаат и соодветна компјутерска опрема.

Први кои основале таквите училишта се Јапонците. Тие создале научна елита за економска дипломатија во рамките на Matsushita школа за бизнис и менаџмент. Факултет за економска војна, е основан од страна на Французите, односно групата ESLSCA. За да се постигне унифицираната национална цел - освојување на светскиот пазар Јапонците ги мобилизираа сите сили на политиката, економијата и општеството. Главните сектори го сочинуваат MITI, во негови рамки се групирани неколку министерства: меѓународна трговија, индустрија, финансии, надворешни работи и она што на Западот спаѓа во рамките на Министерството за внатрешни работи.

"Во MITI спаѓаат и државни и пара-државни агенции како "Jetro" (Јапонската надворешна трговска организација), бизнис организација наречена "Šogo Soša", која вклучува големи компании, како што се "Мицубиши". На нив се надоврзуваат уште десетици групи на компании, здруженија, здруженија на работодавачите, синдикатите. Не се изоставени ниту државните разузнавачки служби, како и политичарите. Помеѓу сите нив се имаат развиено повеќе директни врски, со примарна цел за одржлив економски развој, Јапонија да стане светска трговска, индустриска и технолошка сила. "[134]

Франција и Јапонија, може да се издвојат како земји кои посветуваат многу внимание на ефикасноста на националната економија, а не само на успешноста на одделни компании, за кои се смета дека се профитабилни, а со тоа и повеќе важни за државата. За нас, е речиси нормално некои од врвните експерти и менаџери да прејдат од една во друга конкурентна компанија, домашна па дури и странска и да продолжи да се занимава со истата работа како и претходно, како ништо да не се случило. Во многу развиени земји, по таквото "пребегување" најмалку две години е забрането да извршува слични задачи, со цел да ги зачува важните информации за компанија од која тој заминал.

Во Србија, одземањето на важни информации сѐ уште не се смета за голема штета. За економијата на Србија, без оглед на очигледното технолошко заостанување, постојат многу интересни информации за конкурентите, но на нивната заштита се посветува многу малку внимание. Дури и кога има случај на бизнис шпионажа, тој се негира, затоа што не

[134] Petković T., *Poslovna špijunaža i ekonomsko ratovanje*, Beograd, 2006, s. 322.

може да се објасни, тоа не се пари, објект или материјално добро - опрема. За разлика од тој неодговорен однос, светот и земјите во нашето соседство, посветуваат многу внимание, пари и обучуваат луѓе. Исто така, информациите од луѓе, нивното знаење и ресурси се израмнуваат во вредност од злато. Истражувањата покажуваат дека економските прекршоци и корупцијата, која исто така вклучува и внатрешна шпионажа, ги чини американските компании многу милиони евра годишно, а таа сума од година во година расте. Со сличен проблем се соочуваат и европските земји, само на економијата на Германија, поради индустриска и комерцијална шпионажа, годишната загуба на приходи е меѓу 15 и 50 милијарди евра.

Речиси сите успешни компании во Србија и во странство, се соочуваат со проблемот на економска шпионажа, и тие можат да бидат добар пример за почетниците во бизнисот како и за оформената конкуренција. Со начинот и модел за успешен бизнис со помош на економската (бизнис) шпионажа, се обидуваат да имитираат, односно да преземат други. Најчесто во тоа успеваат со помош на вработените во компанијата што ги означиле како цел. Шпионите на некои компании ги регрутираат вработените со наметнување на дружење на коктели, деловни ручеци, семинари и слично. Голем број, особено странските компании кои работат во Србија, имаа договори кои ги обврзуваат вработените на службена тајна, и често им се забранува на вработените кои ја напуштаат компанијата во одреден период на време да не се вработуваат во сродна компанија. Интересен е фактот дека опишаните должности, многу малку или воопшто не се почитуваат. Од особена важност е фактот дека во Србија, сопствениците на компаниите и управителите со истите, не се плашат од економска шпионажа, како да не им е јасно дека активностите на шпионажата на конкурентите може целосно да ги преземат нивните техничко-технолошки решенија, методи на производство и на пазарот. За разлика од тоа иако во голема мера се заостанува во технологијата и модерните решенија, компаниите во развиените земји преземаат огромна заштитата на нивните успешни операции, процесот на заштита и иновации, како и воопшто на мерките за спречување на економската шпионажа.

## 6.2. Школи за економско разузнавање

Сите големи економии имаат развиено свои специфични системи за економско разузнавање, па дури и специјални училишта за обука на економските разузнавачи, т.н. "школи на економско војување". Во понатамошното разгледување на феноменот разузнавање, ќе ги анализираме индивидуалните пристапи, во овој случај на највлијателните земји во светот.

### САД

Како единствена вистинска суперсила во воена и економска смисла, Соединетите Американски Држави особено во втората половина на 20тиот век доминирале во областа на економското разузнавање. Тргнувајќи од фактот дека американските компании се лидери во технолошките пронајдоци, се уште е реална опасноста за шпионажа, која се случува секојдневно.

Американската транспарентност им овозможува на странските разузнавачки сили, речиси 90% од бараните информации да ги добиваат од легални извори, без користење на нелегални начини. Мета на разузнавање се како граѓански така и воени технологии, а шпионираат сите без разлика дали се непријатели и сојузници. Присуството на шпионажата во американските компании е таква што се смета дека САД годишно губат помеѓу 100 и 250 милијарди долари[135] поради разузнавачките активности.

Во текот на т.н. "студена војна" против СССР, американската разузнавачка служба главно беше фокусирана на воените капацитети, но со текот на времето таа постепено се префрла во сферата на економското разузнавање. Доста голем пресврт во ова претставува победата на Бил Клинтон, на претседателските избори во 1992 година. Тој формира Национален економски совет, чија доминантна улога беше подобрување на конкурентноста во трговијата.[136] Целото внимание беше насочено кон развој на нови

---

[135] Петровић, З. П., *Економска шпијунажа: мали водич кроз историју економске обавештајности, до десете револуције човечанства*. Београд: Драслар партнер – Центар Југоисток, 2005, стр. 94.

[136] Исто, стр. 94.

пазари, како и собирање на економски податоци која станува една од најважните задачи на разузнавачките служби. Компаниите се охрабрија и почнаа да ги делат меѓу себе разузнавачките информации поради севкупно подобрување на конкурентноста, додека ЦИА секојдневно даваше брифинг од економското разузнавање, кој ги содржи податоците добиени преку економско разузнавање.

Покрај тоа, владата на САД спроведе агресивно лобирање кај странските држави во корист на американските компании, со цел да се добијат профитабилни договори. Како последна опција за изнудување се користи воената моќ, каде што на друг начин не успеваат. Проблемот кој постои во американската економија е културата што го форсира индивидуализмот, така да често се разликуваат личните и национални цели, поради тоа се отежнува постигнувањето на единствените цели. Во работата на економското разузнавање се вклучени сите разузнавачки структури: ЦИА, НСА, воени агенции, воени шпионски сателити, односно системи за прислушување како што се "Ешалон", "Големи уши" и други. Преку овие високо-технолошки и софистицирани проекти, Владата на САД секој ден, собира и анализира голем број на податоци од кои се издвојуваат најбитните и како такви ги пласираат на релевантните општествени субјекти.

**Јапонија**

Јапонија има специфична технолошка инфраструктура во сферата на економското разузнавање. Земјата, која од Втората светска војна излезе уништена, со голем број на човечки жртви и две атомски бомби фрлени на нејзината територија, мигу брзо се поврати и зазема важно место на светската економска сцена. Главните причини за ова треба да се бараат во неколку специфики. Пред се, Јапонија се разликува многу од останатите западни сојузници: поради оддалеченоста од други земји, специфичниот јазик и култура. Оваа држава се карактеризира со висок степен на патриотизам, а јапонската елита на време сфатила дека единствениот начин за брзо заздравување е економското заздравување на земјата. Јапонија има уникатен пристап во корпоративното управување, каде што секој од вработените се чувствуваат како дел од семејството и секој е апсолутно верен на една заедничка идеја-освојување на светскиот пазар. Во Јапонија има многу испреплетени фактори кои влијаат на економскиот развој на земјата: МИТИ (Министерство за

меѓународна трговија и индустрија). ЈЕТРО (Јапонска надворешна трговска организација), како и големи компании, синдикални организации и разузнавачките служби.

Најважните карактеристики на јапонското економско разузнавање се:

• Интензивна употреба на информациите во одбранбената индустриска политика за развој, како и пристап до конкурентските информации;

• Динамично управување со тајните, со јасно обележување на стратешките тајни кои по секоја цена треба да се заштитат од други земји.

Исто така, големо внимание се посветува на нивното влијание во светот, лобирање, а за економско разузнавање се користи секој Јапонец во која било земја во светот и се што може да биде од корист на државата. Јапонската Мацушита школа за бизнис и менаџмент, во која се школува елитата на Јапонија, претставува најдобар објект од ваков вид. Школата гарантира долг и зрел просперитет во економското разузнавање, бидејќи квалитетот на персоналот и единствената култура за единство и заедничка цел, дава сигурна гаранција за тоа.

**Франција**

Франција е прва во светот што отвори училиште за обука на економските раузнавачи, наречена Школа за економско војување. Французите имаат неколку стотици агенции вклучени во индустриската шпионажа во корист на државата, кои се нарекуваат "генерали на надворешната безбедност". Тие се единствената земја во економското разузнавање, кои немаат проблем да се спротивстават дури и на САД, од која сите се плашат. Основата на француското економско разузнавање е економската одбрана на земјата. На компаниите им се дава огромна автономија, а во исто време се стимулираат за размена на искуства и информации се со цел да има заеднички напредок, и создавање на заедничка информациона мрежа. Претставуваат главни разузнавачи противници на САД во Европа. Главна служба е ДГСЕ (Генерален директорат за надворешна безбедност).

**Израел**

Главна институција за економско разузнавање во Израел е Лаками (Канцеларија за специјални задачи), што е пандан на шпионски задачи. Иако се сојузници на САД, Израелците не се двоумат да ги шпионираат. Најголемото достигнување е кражбата на збогатен ураниум од САД, кој им овозможи да развијат свое нуклеарно оружје, што е главниот гарант за опстанокот на нивната земја меѓу непријателските арапски држави. Посебна област во сферата на меѓународното економско разузнавање претставува кражбата на нова воена технологија.

**Кина**

Кина претставува растечка, економска и разузнавачка сила. Над 70.000 лица се вклучени во разузнавачката служба и се под покровителство на ИСТИЦ (Институт за научни и технолошки информации на Кина). Во последните десет години се насочени кон шпионирање на САД и тоа во сферата на високата технологија, како што се компјутерската и вселенската. Посебен случај е вметнувањето на агент во Лос Аламос, американска лабораторија за развој на нуклеарно оружје што претходно се сметаше за невозможно. Главен проблем претставуваат кинеските пиратерии на познати брендови, со што се кршат правата на интелектуална сопственост. За да ги натераат Кинезите да ги почитуваат меѓународните закони, ги примија во СТО (Светска Трговска организација), но тоа не го реши проблемот. Благодарение на одличните разузнавачки служби, тие се во состојба да дојдат до било кој производ за кој е заинтересирана кинеската економија.

## 7. Индустриска шпионажа

Соединетите Американски Држави преку државни и приватни агенции одделуваат повеќе од 30 милијарди долари годишно, за да ги заштитат индустриските тајни од љубопитноста на странските фирми. Американското друштво за индустриска безбедност ASIS направи анкета на 1700 американски претпријатија - членови на оваа асоцијација, а целта е да се утврди кои од нив биле неодамна жртва на кражба или обид за кражба на индустриски тајни. Иако, поради доверливост, се добиени само 165 одговорот помалку од 60-тина признаваат дека имале инцидент од ваков карактер. Но според Американците ова не дава јасна слика за значењето на феноменот. Голем дел од она што се случува, останува во сенка. Мислењето на експерт во областа на информациската безбедност е дека случаите на индустриски шпионажа, се меѓу 100 и 200 секоја година. Според него 10% од решените случаи се вистински шпионски афери во кои се вмешани странски држави.[137]

На крајот на Студената војна ЦИА и NSA - Националната агенција за безбедност, една од најпознатите тајни агенции за безбедност, задолжена исклучиво за откривањето на ваквите активности, водат напорна битка во Вашингтон со цел да издејствуваат средства за борба против економското разузнавање. Во почетокот на 90-тите години во декларација раководителите на овие организации потврдија дека САД се почесто станува жртва на ваквата практика. Тие дури ги посочуваат земјите "непријатели", најактивни во овој сектор се: Јапонија, Израел и Франција. Директорот на ЦИА, откри еден мал број на техники со кои се остваруваат индустриските кражби: систематско запишување на телефонските разговори на кадрите, поставување на микрофони во хотелските соби, претресување на службените чанти, фаќање вибрации на прозорецот за да се наслушнат разговорите водени во соба. Можат да бидат прочитани избришани податоци од меморијата на компјутерите, да се испратат тајно шифрирани и одвлекување на вниманието со цел да не се забележат уредите за прислушување. Во август 1994 година NSA порача на производителот на суперкомпјутери Cray Computer компјутер за повеќе од

[137]http://www.capital.bg/politika_i_ikonomika/1995/03/06/1165333_industrialniiat_shpionaj_e_edin_dobur_biznes/

4 милиони долари, која ќе служи исклучиво "да работи со програми за економска шпионажа". А за каков вид на компјутер станува збор, NSA не сакаше да прецизира.

Повеќето експерти се убедени дека овој нов компјутер ќе ги има истите функции како тој во 1993 година, создаден за Агенцијата за борба против дрога (Drug Enforcement Agency-DEA) со задача тајно да ги дешифрира радиотелефонските разговори кои се водат помеѓу шверцерите на дрога, во колумбиската џунгла. Благодарение на сличен потфат локалните власти успеаа да направат заседа на шефот на картелот Меделин - Пабло Ескобар. Една програмска апликација успеа да го препознае неговиот глас меѓу бројните радиокомуникации кои беа систематски анализирани. Компјутерот на NSA исто така може да служи за флеш-пресметки, да користи визуелни и слушни податоци добиени по традиционален пат преку сателитите на американската армија, поставени со "граѓанска цел".

Во оваа област, најмоќна софистицирана технологија има Америка. Таа се снабди со оружје, најверојатно без еквивалент во светот. Се однесува на Intelink опишан како "супермагистрала на економскиот разум". Сите официјални организации, својот развој на технологии во пребарување на податоци со економски карактеристики, го ориентираа кон начинот на функционирање на Internet, за да создадат еквивалентна структура. Последниот има физичка архитектура се состои од кабелска мрежа обезбедена на високо ниво, кој служи со години за меѓусебна размена на информации од воен карактер. Значителен број агенции се меѓусебно поврзани преку таа мрежа и доаѓаат во контакт благодарение на посредувањето на интерфејс од тип Mosaic - идентична на онаа што се користи во мрежата на Internet. Но според Мартин Феиг, генерален директор на Center for Integrated Intelligence Systems, компанија која помогна за изработка на Intelink, само околу 100 лица можат да навлезат во оваа мрежа. Intelink служи за да се запре кражбата на информации, но и да се разменуваат многу побрзо меѓу заинтересираните страни.

Новите следбеници на Џејмс Бонд, од ерата на електрониката можат (преку Internet) да создадат свои бази на податоци и така да ги пренесат на колегите информациите со кои располагаат - слики од сателити, видеокарти, телефонски повици, скратувајќи ја двојно работата. Овие податоци можат да преминат преку брзата мрежа благодарение на

нејзината мултимедијална технологија. Големите американски претпријатија не се потпираат единствено на услугите кои може да им се понудат директно или индиректно од Intelink. За да се заштитат од индустриска шпионажа тие сами поставуваат свои уреди. Така компанијата за градежни материјали Caterpillar разви свој систем за електронски трансмисии, а еден конструктор на атомски централи вгради во неа апарат, кој автоматски пишува со шифрирани ознаки.

Во САД се формира нов поширок пазар - пазарот опфаќа понуда на услуги кои би го олесниле чувањето на трговските тајни. Десетици приватни агенции се појавуваат секој ден, составени во повеќето случаи од поранешни агенти на ЦИА - невработени поради крајот на Студената војна и поради буџетски рестрикции. Разликата од минатото е што организациите од нов карактер не се принудени да ја задржат анонимноста. До одреден степен политичката власт дури и ги поттикнува да вршат индустриска шпионажа. Дури може да добијат помош од официјалните американски агенции (ЦИА, NSA). Овој пазар на шпионски информации е оценет на 30 милијарди долари годишно. И од оваа сума (според ЦИА) 40% се трошат со цел да се соберат информации од економски карактер, за да се заштитат американските претпријатија од странската љубопитност.

## 7.1. Врската помеѓу индустриската и економската шпионажа

Прашањето што ги поврзува економијата и компаниите во либералните општества со разузнавачките служби е сложено, но и има влијание на самата суштина на слободната иницијатива и на демократијата како таква.

"Индустриска шпионажа е шпионажа на некои компании кои управуваат со одредени компании од земјата и странство. Всушност создава директна штета на компанијата која е жртва на шпионирањето, но и индиректно, на земјата на која и припаѓа компанијата".[138] Од друга страна, ова шпионажа директно ги користи компаниите, а индиректно им штети на државите во кои се наоѓаат овие компании.

[138] Modly Duško, Korajlić Nedžad,"*Kriminalsitički rječnik*", Tešanj, 2002. str. 172.

"Американските закони прават разлика помеѓу "индустриска шпионажа"- помеѓу различни претпријатија – и "економска шпионажа". За да се смета за економска шпионажа, мора да биде поддржана од страна на владата. Не е доволно само некоја странска компанија да се обидува да украде тајни од некоја американска компанија, туку мора зад овие обиди да стои и странска влада".[139]

Економскиот информативен систем е составен дел од процесот на донесување одлуки на бизнис компаниите. Тоа вклучува откривање и добивање на чувствителни финансиски, трговски, економски, комерцијални информации и критични технологии, од отворени извори и тоа само по себе не е нелегално. Најчесто тоа е само основа за индустриска и економска шпионажа. Индустриската шпионажа е активноста на странските компании кои најчесто се поддржани од странски влади, со цел да се соберат економски тајни за самата земја. Оваа дефиниција не ги вклучува приватните субјекти кои собираат информации од економска природа на нелегален начин и тоа претставуваат економски криминал по некоја друга основа. Криминал е секоја неовластена активност, со цел да се соберат потребни информации во име на друго лице или компанија. Многу е тешко да се направи разлика помеѓу информации од јавен карактер, односно информации кои се достапни за сите под еднакви услови и податоци кои се доверливи. Во суштина индустриската шпионажа не се разликува до толку од економската шпионажа, но се разликуваат во методот на собирање на информации.

Американските истражувања во оваа област, кражба на информации, покажаа MOS (modus operandi), а процентот на индустриска шпионажа е следниот:

1. Официјални посети надвор од организацијата, кои резултираат со кражба на информации 12%

2. Барања за административни информации, најчесто некои дополнителни технички појаснувања, доведуваат до губење на клучните информации - 45%

3. Продажба и маркетинг услуги - 11%

[139] Richard Ktanz," *Industrijska špijunaža nanosi veliku štetu američkom poslovnom sektoru*", достапно на: www.croatiabiz.com, 04/05/2005.

4. Набавка и купување на компании со технологијата во нив - 11%

5. Употреба на интернет и компјутери, крадење на информации- 6%

6. Заеднички добиени истражувања и заеднички деловни соработки - 5%

7. Меѓународни изложби и саеми - 5%

8. Вработени кои потекнуваат од друга земја- 2%

9. Поранешните вработени како извори на информации- 1%

10. Искористување на културни сличности - 2%.




Слика бр. 1 Индустриска шпионажа изразена во проценти

Како што е во моментот, економски тренд на консолидација на капиталот и глобализација на бизнисот, конкуренцијата станува поинтензивна, а пазарот динамичен и непредвидлив. Односот меѓу корпорациите и државата станува неразделен. Економската стабилност зависи од стабилноста на општеството, а потребата за врзување на потенцијалот и заедничкиот настап е само прашање на интерес.

Најсложеното морално, но и правно прашање е како слободните друштва и друштва со либерални идеи, би ја прифатиле институционализираната економска шпионажа како дел од економската култура.[140]

Официјалните податоци објавени во 1997 година, покажаа дека 12 земји претставуваат отворена закана за САД. Се верува дека САД е земја која е цел на голем број на индустриски шпионажи, бидејќи американската економија е една од најразвиените со најсовремени лаборатории и истражувачки центри.[141]

Во фокусот на индустриската шпионажа се оддели за развој и производство, особено во индустриите кои по природа се иновативни, но каде иновацијата не трае долго време, како што се автомобилската индустрија, воздушната индустрија, фармацевтската индустрија, информатичката индустрија, сензори и ласери, оружје и енергетскиот сектор. „The industry magazine- Public Administration Review" дава листа на земји кои најчесто

[140] Кога владата на САД и автомобилските компании се вклучија во проектот за дизајн на автомобил кој ќе биде три пати поефикасен од претходните модели, кој ќе вклучува ултралесни материјали, виртуелен дизајн и вклучување на овие достигнувања и во воената индустрија на тенкови, за проектот се заинтересирале Пентагон и разузнавачката заедница. "Клучните технологии во спроведените студии вклучуваат потрага по хемиски катализатори кои ќе ги намалат штетните емисиите и согорување на моторот, силни и лесни материјали со кои ќе се намали тежината на возилото, со керамички мотори и батерии кои им овозможуваат придвижување на хибридните или електричните возила. ЦИА вели до кога ќе им се допушта на јапонските компании да добиваат тајни информации од нивното Министерството за трговија и дали на ЦИА, исто така, ќе им биде дозволено да проследи класифицирани информации, на што поранешниот шеф на Џенерал Моторс вели дека ова може да се случи за да владата се чувствува подобро и дека овие декласифицирани податоци ќе ја подобрат конкурентноста на нивните компании. ", "Индустриска шпионажа", 8 мај 2005 година.

[141] Според проценките на FBI од минатата година, САД доживеа помеѓу 130 и 330 милијарди долари оштета за индустриска шпионажа. Се сомневаат дека околу 15 земји имаат прилично агресивна програма на индустриска шпионажа, во насока на САД. Меѓу нив најагресивни се Кина и Русија. "Индустриска шпионажа", 8 мај 2005 година

користат индустриска шпионажа: Франција, Германија, Израел, Кина и Јужна Кореја. САД е земја број еден како предмет на шпионските напади.

Претседателот Клинтон на крајот на неговиот мандат официјално потврди дека Централната разузнавачка агенција ЦИА може да собере комерцијални информации, со цел да им помогне на автомобилската индустрија. Тоа значело дека јапонските компании се нашле на ударот на индустриската шпионажа. Контролата и употребата на шпионажа со цел да се добијат економски податоци, како дел од политичката и воена шпионажа е составен дел од активностите на тајните служби. Од 50те години, кога службите на големите сили за контрола на производство и откуп на сурова нафта, увоз и извоз на клучните ресурси, технологија и економската политика на владата, индустриска шпионажа доби глобален карактер.

## 8. Економско разузнавање и новите технологии во глобализираната заедница

Економското разузнавање во современата меѓународна заедница вклучува голем број на специфични мерки и агресивни постапки, чија цел е загрозување на ривалите на светските пазари. Примената на легални и нелегални средства, кои најчесто не се во согласност со етичките принципи на бизнис заедницата, водат до елиминирање на конкурентот. За разлика од разузнавачките активности, меѓународното економското разузнавање ги користи сите расположливи средства, од медиуми па се до најсурови методи. Глобалната доминација на САД, проследено со триумфалната прекуокеанска политика за национална безбедност, предизвика радикални промени во структурата на меѓународната заедница. Информатичко-комуникациските ресурси и поседувањето информации ја одредуваат позицијата на земјите во планетарната заедница. Технолошки доминантните оператори во процесот на глобализацијата формираа нов комуникациски поредок преку злоупотреба на медиумите, јавното мислење и други фактори во општеството. Важна улога имаат информациските инфраструктури кои навлегуваат во сите сфери на јавниот живот, а се во служба на националните интереси. Тие создаваат постмодерни предизвици и ризици во меѓународните односи. Ова особено ги засега малите и неразвиени земји, бидејќи претставуваат голема закана за нивниот опстанок и темелите на меѓународниот систем.[142]

Современиот систем на меѓународни економски односи е обновен по завршувањето на Втората светска војна, на конференција во САД во градот Бретон Вудс каде се усвоени основните принципи за формирање на меѓународниот финансиски и монетарен систем. Неколку години подоцна е формиран ГАТТ, во чиј статут беа регулирани соодветните принципи на меѓународниот трговски систем. Во 1995 година, се внесени во основачките документи на Светската трговска организација и на овој начин е поставена основата и е дефиниран правецот на создавање на поствоениот меѓународен економски поредок.

---

[142] Слободан Нешковиќ, *Економско разузнавање и новите технологии во глобализираната меѓународна заедница*, Факултет за економија и менаџмент , Нови Сад.

Економското разузнавање претставува добро планирани и професионални извршени активности, со цел добивање на доверливи економски информации, кои можат да бидат корисни за бизнис проекти на компаниите или заштита на економските интереси на сопствената држава. Всушност, економската или индустриска шпионажа значи нелегално собирање на економски (индустриски) податоци и информации, кои конкурентните компании ги чуваат во тајност. За таа цел, се користат разни методи, како што се вработување на свои луѓе во конкурентни компании, ангажирање специјални агенции, употребата на дипломатски претставништва во странство, каде што компанијата има бизнис интереси итн.

Главниот предизвик во текот на следната деценија ќе биде подобрување на пристапот, комуникацијата и користење на просторните податоци за поддршка на мноштво на одлуки на сите во општеството. Географските информации се битни во областите на здравството, образованието и социјалната политика, каде што насобраните информации од различни извори се користат за следење на проблеми и идентификување на тенденции. Во моментот најголема е потребата за просторни податоци и информации од областа на управувањето со животната средина. За да се постигнат целите, како што се во областа на одржливиот економски развој и заштита на загрозените природни ресурси, планерите и сопственици на имот треба да знаат кои информации им се достапни, како да ги добијат и како да дојдат до информации од други извори. Новите технологии (GIS, GPS, далечинско набљудување и просторно моделирање) пружаат можност да одговорат на овие и на други потреби.

## 8.1. Шпионирање без граници во дигиталната ера

Индустриска шпионажа имало отсекогаш. Но во дигиталната ера таа „цвета": крадењето деловни тајни од фирмите е полесно од кога било. Шпионираат и државите и претпријатијата додека штетите се енормни. Германскиот синдикат на дигиталната економија Битком годишната штета од економска шпионажа ја проценува над 50 милијарди евра. Тоа е резултат на неодамна објавената студија со која се прави обид за

внесување малу светлина во мрачното подрачје на стопанска шпионажа. Битком анкетирал 1.074 претпријатија кои вработуваат над 10 работници. Околу половина од нив навела оти барем еднаш биле жртва на економска шпионажа, саботажа или крадење податоци. Дополнителни 28 проценти изразиле сомнеж дека се шпионирани. Главна мета на шпионажата е автомобилската индустрија, по што следат хемиската и фармацевтската бранша, а на трето место е финансискиот и осигурителниот сектор. [143]

Глобалното вмрежување им ја олесна работата на шпионите на кражбата на податоци никогаш не била поедноставна отколку сега. Веќе не мора да се влезе во некоја зграда, лабораторија, истражувачки центар. Хакерите со државен или приватен налог преку оптичките кабли продираат во ИТ-системите. Незадоволните соработници можат да копираат гигантски количини податоци и да ги проследат до конкуренцијата.

Од растечката опасност од индустриска шпионажа е алармирана и германската власт. Сојузната служба за заштита на уставниот поредок, БфВ лани објави брошура во која уште во првата реченица на предговорот се предупредува: „Економската шпионажа е опасност која треба сериозно да биде сфатена и која во пракса често се потценува во нашиот глобализиран, вмрежен свет." БфВ предупредува од „разузнавачките и безбедносни служби на другите држави кои располагаат со врвни стручњаци, наведувајќи повеќе руски и кинески тајни служби кои се занимаваат со индустриска шпионажа, според сомнението, по налог на тамошните влади. Истовремено се потсетува дека и западните земји со помош на такви служби ги шпионираат своите конкуренти.

[143] Достапно на сајтот на Дојче Веле http://www.dw.com/mk/

## 8.2. Современа технологија и општествената моќ на информациите

Промените во политичките односи на глобалната светска сцена се резултат на американската доктрина, за создавање на голем број цуцести држави кои ќе станат потенцијален пазар за мултинационалните корпорации, извор на евтина работна сила и природни ресурси.

За разлика од сите претходни војни, во кои приоритет беа масовните, вооружани и национално-патриотски чувства, денес борбата се одвива во умот на човекот со посредство на мас-медиумите и слични информациско-разузнавачи средства. Редефинирање на методите, техники и инструменти наменети за разузнавање подразбираат софистициран, суперкорективен проток на информации, со задача за создавање на единство на јавното мислење, како психолошка основа за продолжување на воените интервенции и политички притисок за промена на владејачкиот курс. Поради тоа, изворите на доминација се скриени во технолошката супериорност која на водечките земји им овозможува врвна позиција во областа на располагањето со информации.

Само оние кои управуваат со информациите може да водат војни, зошто оние кои ги поседуваат информациите владеат со планетата. Според истражувањето спроведено за потребите на Европскиот парламент, на почетокот на 2010 година, во светот имало 134 сателитски системи за следење. Единствената земја која ги контролира сите нив е Америка, која преку глобално разузнавачката-сателитска организација "Vortex" (основан во 1947 година, заедно со Англија) и анализите на најголемата разузнавачка организација Ен-Ес-Еј обезбедува речиси 70% разузнавачки податоци. Во Форт Мид, град во Мериленд, постои седиштето на оваа мистична институција, вработувајќи 38.000 службеници, кои претставуваат очи и уши на Агенцијата за електронско разузнавање.

"Многу работи се променија, од тогаш кога можевме да негираме дека оваа агенција постои, а би сакал да додадам дека имаше претседатели кои дури и не знаеја за постоењето на оваа институција, нако нејзините услуги и тоа како се користат", вели

Роберт Стил, директорот на оваа мистична компанија[144]. Некои аналитичари сметаат дека оваа агенција е поуспешна од службата на ЦИА или ФБИ, што на некој начин го оправдува нејзиното учество во сите војни во последните неколку децении. Постојат голем број на европски соработници во оваа област, меѓу кои најголема е Велика Британија, а потоа следат и Германија, Франција, Австрија и Турција.

Супертајниот систем "Ешалон" со седиште во Глостер, Велика Британија, го контролираат целиот европски простор. За комуникации со Пацификот е одговорен центарот за прислушување Јакима. Станиците во Норвешка и Кипар се под директна контрола на НАСА, а за ја смири јавноста официјално се занимаваат со "економска" а од неодамна и со "антитерористичка" шпионажа. "Ешалон" има 120 сателити и речиси 1.320 моќни компјутери, што му овозможува да се прислушува сите воени разузнавачки и политички комуникации во Европа и светот.[145]

Контрола е термин кој во иднина ќе доминира во светот, со што се доведува во прашање слободата на секој поединец. САД создаде специјална единица за насилна неутрализација на странските медиуми, како и експерти во Генералштабот "US Strategic Command" во воздухопловната база Офту, во Омаха, кои имаат посебни задолжувања во областа на масовната комуникација и пропаганда. Системот за превентивна контрола на патниците, воспоставен со договор со Европската комисија и властите на САД преку компјутер, прават проверка на идентитетот на секој граѓанин, одбележувајќи ги со зелена боја (безопасен), жолта (сомнителен) и црвена (опасен). Во оваа смисла не сме напреднале многу од времето на нацистичка Германија, само што луѓето денес се "обележани" со невидливи траки, а посебно внимание се посветува на муслиманите или на оние чие потекло е од Средниот Исток.

САД без знаење и согласност од нивната Влада воведе 75 милиони Мексиканци, 42 милиони Колумбијци и 33 милиони Централно-американци, во својата датотека. Од ова не

---

[144] "Вашингтон пост", 11. 12. 1999 година

[145] Schmit, M., N., CAN and the jus in Bello: *An introduction. K. Bustrom*, op. cit. 2005, pp. 17.

се поштедени ни државјаните на САД, па поради тоа се доведува во прашање приватноста и слободата на човековите права.[146]

Иако во светот е зголемена поделбата и разликата, во едно сите сме исти - сите сме потрошувачи на различни информации. Медиумите создадоа технолошки парадокс - колку повеќе ТВ програми, печатени весници и списанија, радио станици и интернет толку помалку слободно време. Така, значењето на животот станува алчност и задоволување на се поголемите потреби, додека цивилизациски однос кон културата и комуникативноста исчезнува во морето на зголемените хедонистички побарања. Тоталитаризмот ја исклучува слободата на изразување, развојот на критичко размислување и спротивставени аргументи, а демократијата е комисија базирана на медиумите. Новото општество почива на светот на слики, кои често може да се формирани врз медиумски лаги. Интелектуалниот морален човек, новиот поредок на иднината, го темели на изборот и мислењето, и е со почит на мислите на Монтескје: "Политичката слобода не се состои во тоа што секој го прави она што сака .... Слободата е право сите да прават она што им го дозволува законот."

[146] Nešković S., *Ikonomičeskata diplomacija v konteksta na nacionalnata i globalnata sigurnost*, Veliko Trnovo, Bugarska: Univerzitet Sv. Kiril i Metodij, 2011, str. 91.

## 9. Модел на бизнис разузнавачки активности

Концептот на competitive intelligence настанува по Втората светска војна, кога се разгледувала можноста за примена на разузнавачките активности во рамките на бизнис субјектите. Требало да ги "исфрли" сите елементи на незаконитост на разузнавачките активности, односно од шпионажа, кои претходно биле дел од разузнавачките операции во економија.

Competitive intelligence се дефинира како разузнавање, или собирање на податоци преку правни средства и преку јавни извори, обработка на овие податоци и правење на анализи кои се користат во процесот на донесување одлуки во бизнисот поврзани со целокупната конкуренција на пазарот, одредени конкуренти во пазарот и конкурентноста на претпријатијата.

Competitive intelligence (CI) е само дел на модерното бизнис разузнавање

Бизнис разузнавањето не е нелегална активност, не е шпионажа. Бизнис разузнавањето (бизнис - разузнавачката активност) е разузнавачка активност во светот на бизнисот кои планираат, организираат и водат бизнис субјекти, а таа активност е правен процес на собирање на јавни и достапни за сите средства, нивна анализа и претворање во готова бизнис разузнавачка анализа ("знаење") за поддршка на управувањето на бизнис субјектите со цел донесување и спроведување на најдобри бизнис одлуки со цел зачувување на постојната позиција на деловниот субјект во деловното опкружување, избегнување на сите закани, и на крајот квалитативно подобрување на деловниот субјект.

Како разузнавачката активност во светот на бизнисот, бизнис разузнавањето има три карактеристики:

1) Тоа е процес на собирање на податоци и информации кои по соодветна обработка (по аналитички извештаи) стануваат "знаење".

2) Бизнис разузнавањето се фокусира на информации врз основа на кои се предвидуваат идните процеси, настани, активности или движења.

3) Бизнис разузнавањето е инструмент кој има улога во процесот на донесување на одлуки.

Бизнис разузнавањето е циклична - кружна – активност во која постојат неколку основни фази:

а) планирање и управување со животниот циклус business intelligencea – planning and direction.

б) собирање на податоци – collection.

в) обработка и анализа (изработка на разузнавачки анализи).

г) дистрибуција на готови разузнавачки производи и нивната употреба.




Слика 1. Модел на бизнис разузнавање

### *9.1. Планирање и управување*

Бизнис разузнавачкиот систем за да може успешно да ги исполни барањата на центрите за одлучување мора да има јасна идеја за типот на податоци кои се собираат. Затоа, потребно е да се утврдат целите што се во надлежност на раководството на компанијата. Тоа мора да ги претстави прецизно целите, односно да спроведе барања кои претставуваат конкретен интерес. По утврдувањето на интересот на крајниот корисник, во рамките на претпријатието се пристапува кон изработка на планови за задоволување на тој интерес, давање задачи и воспоставување на механизми за координација на процесот за прибирање на податоци ако во него учествуваат повеќе субјекти.



Слика. 2. Модел на бизнис разузнавачки активности[147]

[147] Извор: Bilandžić, M. (2008) Poslovno-obavještajno djelovanje - Business Intelligence u praksi, Zagreb, AGM.

Со цел да ги претстави што попрецизно Јан Херинг[148] има воспоставено клучни разузнавачки точки (Key Intelligence Topics), според кои во однос на приоритетите се дефинираат одредени барања на кои бизнис разузнавањето мора да одговори. Клучни разузнавачки точки се:

• стратешки бизнис одлуки (decision topics)

• клучни конкуренти, добавувачи и клиенти (key player topics)

• рано предупредување во врска со можните закани и рано откривање на можностите за бизнис (early warning topics)

• бизнис контраразузнавачки точки (counterintelligence topics).

### *9.2. Собирање на податоци*

Втората фаза од циклусот бизнис разузнавање се однесува на собирање на податоци и тоа е она фаза околу која се кршат копја и при спроведувањето на истата се откриваат основните разлики помеѓу бизнис разузнавачките активности, како легален и етички процес на економската и индустриска шпионажа, и како незаконски и неетички процес подложен на судско гонење. Разликите, се разбира, лежат во методите и техниките кои се користат во текот на активностите во насока на добивање на бизнис информации во врска со друг оперативен систем.

Пред утврдувањето на методите и техниките за собирање на податоци треба да се утврди кои се всушност категориите на податоци на одреден бизнис субјект кои претставуваат посебен интерес за бизнис разузнавачките активности и од која категорија доаѓаат податоците кои една компанија треба да ги знаете, со цел успешно да се престави на конкурентниот пазар. Биланџич[149] ги класифицира во три најважни категории:

[148] Herring, P.J. (2005) Create an Intelligence Program for Current and Future Business Needs, Competitive Intelligence Magazine, vol. 8, No. 5.

[149] Bilandžić, M. (2008) Poslovno-obavještajno djelovanje - Business Intelligence u praksi, Zagreb, AGM.

• **Податоци за опкружувањето во кој делува бизнис субјектот:** Во оваа категорија спаѓаат информации кои се однесуваат на глобалното опкружување. Таквите информации се од големо значење, бидејќи речиси сите настани, процеси и појави во денешното глобално опкружување може да имаат материјално влијание врз бизнисот на компанијата. Податоците се однесуваат на општите политички и економски состојби во земјата и во светот и на правната рамка во целина, а особено на онаа која се однесува на бизнисот.

• **Податоци кои се однесуваат на пазарот:** Се разбира, главна цел на секој ентитет е профитот. Затоа, собирањето на податоци од пазарот е од големо значење за секоја компанија. Наведените податоци се во врска со случувањата на домашните, регионалните и глобални пазари преку кои компанијата мора да дознае каде се соодветните можности и прилики, како и каде да ги пласира своите производи, односно како да ги задржи постојните клиенти и како да привлече нови.

• **Информации кои се однесуваат на конкуренцијата:** Пазарната игра се одвива помеѓу нејзините конкуренти и затоа треба да се дознаат што повеќе информации за конкуренција, со цел конкурентно да настапат на пазарниот натпревар. Наведените податоци се однесуваат на деловните стратегиски конкуренти, нивни финансиски извештаи, нови производи и услуги што имаат намера да ги пласираат, цените на овие производи и услуги, како да се дојде до потрошувачите, дистрибуција на производи и услуги, истражувачки-развоен оддел, структура на персоналот итн.

Како што беше наведено во воведот дека фазата на собирање на податоци на бизнис разузнавачките активности во кој највидливо беа разграничени легалните, неетичките и незаконски методи. Во следниот дел ќе се претстават сите методи на собирање на податоци и потоа специјално ќе се коментира за оние методи кои се користат во правни и етички бизнис разузнавачки активност. Методите за собирање грубо се делат во четири категории:

1. **Човечки извори (Human intelligence – HUMINT):** Се однесуваат на човечките извори надвор од компанијата, а ги вклучуваат вработените кај конкурентите, клиенти и добавувачи, како и професионални експерти, аналитичари, научници

и слично. Човечките извори најчесто се користени поради нивното знаење и насочување кон други извори.

2. **Отворени извори (Open source intelligence – OSINT):** Се однесуваат на јавно достапните информации во јавниот домен. Најзначајниот извор на информации е Интернет, но исто така и статии во весници, јавните документи на компании, студии, научни статии, итн. Отворените извори ја даваат неопходната почетна точка во собирањето на податоци и обично се најкорисни за упатување во човечките извори.

3. **Сликовни извори (Imagery intelligence – IMINT):** Се однесуваат на копнени и воздушни извори на слики. Првенствено се мисли на фотографии од воздух, електро-оптичка слика, сателитска, радарска и инфрацрвени снимања.

4. **Сигнални извори (Signals intelligence – SIGINT):** Се однесуваат на информациите собрани по пат на "фаќање" на радиски и сателитски сигнал, прислушување и телеметрија. Може да се дели на COMINT (Communications intelligence) и ELINT (Electronic intelligence) кој е метод на собирање на податоци со сечење и пренасочување на комуникациите и електронските сигнали.

Горенаведените методи на собирање на податоци претставуваат целокупноста на методи кои се користат за време на собирање на информации од било која област. Бизнис разузнавачките активности не ги вклучуваат сите овие методи, само оние кои ја вклучуваат законитоста и етиката. Така, во процесот на бизнис разузнавањето се собираат преку OSINT и HUMINT методите. Треба да се забележи дека методите HUMINT работат исклучиво врз основа на разговори, интервјуа и доброволен пренос на информации. Претходно, да разграничиме дека методите HUMINT се однесуваат на економската и индустриската шпионажа, кои работат главно врз основа на уцена, мито, кражба, итн. HUMINT методите кои се користат во процесот на бизнис разузнавањето може да обезбедат потврда за податоците стекнати преку други легални методи, како насочување на други извори на податоци или на луѓе.

### *9.3. Анализа на податоци*

За време на фазата на собирање на податоци се добиваат голем број на различни податоци. Овие податоци се нарекуваат "сурови" податоци кои е потребно да се разложат, да се одвои важно од неважно, да се категоризираат, оценат, систематизираат и што е најважно, објективно да се толкуваат. Фазата на анализа на податоци претставува составување на мозаик од фрагменти, односно остварувањето на крајната цел на аналитичкото работење - производство на бизнис разузнавачката информација.[150] Технолошките достигнувања во областа на дизајнот и апликации го револуционираа овој процес и тој драстично се забрза.

### *9.4. Стратешки систем за рано предупредување (Strategic early warning system)*

Целта на овој систем е што е можно побрзо да се идентификува динамичната содржина или карактеристиките на настаните и ситуациите кои може да влијаат на интересите на компанијата. Тоа е механизам преку кои деловните субјекти може да предвидат, откријат и кога е можно, да спречат стратешки изненадувања.

Бизнис разузнавачкиот процес, кога станува збор за стратешки систем за рано предупредување, се одвива во рамките на системот, кој се состои од неколку фази.[151] Графичкиот модел на овој процес е прикажан подолу.

---

[150] Bernhardt, D. (2003) Competitive Intelligence: How to acquire and use corporate intelligence and counter-intelligence, London, Prentice Hall Financial Times.

[151] Bernhardt, D. (2003) Competitive Intelligence: How to acquire and use corporate intelligence and counter-intelligence, London, Prentice Hall Financial Times.




Слика 3: Идентификација на клучни разузнавачки точки

Првата фаза вклучува идентификација на клучни разузнавачки точки (key intelligence topics) кои ги претставивме порано.

Втората подразбира развој и анализа на сценаријата во однос на заканите и бизнис можностите.

Третиот вклучува создавање на листа на индикатори за да се следат, а четвртата вклучува правење планови за следење на индикаторите, односно планирање да се соберат податоци врз основа на кои ќе се направи анализа за предупредување.

## 10. Модел на бизнис контра-разузнавање

Преставениот процес започнува со планирање, односно внимателно утврдување на планираните и поставени задачи со највисоко ниво на донесување одлуки кои поаѓаат од прашањето: зошто бизнис субјект може да биде цел на мета? Да се даде одговор на ова прашање, потребно е да се погледне вистинската позиција на компанијата во бизнис средината, анализа на квалитетот на своите планови и анализа на деловниот субјект и конкурент. Во следната фаза се пристапува кон анализа на конкурентот кој може да го загрози деловниот субјект, односно анализа на потенцијални извори на опасност за бизнис информациите на деловниот субјект и по деловниот субјект во целина.[152] Потоа да се забележи кои се точките на интерес на конкурентот, кои извори и методи за собирање на податоци ги користи. Следи анализа на сопствените слабости, која вклучува прецизно одредување на слабите точки преку кои и конкурентот може да стигне до интересни податоци. Следната фаза вклучува дефинирање и развој на контра-мерки каде што треба да се биде претпазлив и тактичен, имајќи ги во предвид социјалните и културни карактеристики на вработените. Основаната контра-мерка треба континуирано да се следи со цел точно да се утврди степенот на ефикасност и потребата за можни промени во нивниот развој и имплементација. Конечно, резултатите од преземените активности се презентираат на раководството на компанијата кои со планирање и утврдување на задачи го започнуваат бизнис контраразузнавачки циклус.

[152] Bilandžić, M. (2008) Poslovno-obavještajno djelovanje - Business Intelligence u praksi, Zagreb, AGM.



Со оперативен приказ на бизнис контраразузнавањето на момент ќе се задржиме на четвртата фаза на бизнис контраразузнавачкиот циклус и ќе се претстават некои од мерките кои се укажуваат на поголем дел од компаниите. Претставените мерки се:

• **Едукација за бизнис контраразузнавачкиот циклус** кое има за цел да се подигне свеста на вработените за навремено да знаат како да ги препознаат потенцијалните закани за бизнис информациите. Овие практики вклучуваат стекнување на знаење за правни, незаконски и неетички техники кои се употребуваат за придобивање на бизнис информации.

• **Одбранбени мерки** вклучуваат програми што се насочени кон идентификување на потенцијалните закани меѓу вработените. Системот е дизајниран на начин кој ги препознава корелација помеѓу личните проблеми на вработените и ризикот од губење на информации, и да дејствува на начин за подобрување на благосостојбата на вработените

со дефинирани проблеми и да го спречи нивното регрутирање од страна на разузнавачките професионалци кои користат незаконски и неетички HUMINT методи.

• **Контрамерки технички надзор** претставува голем број на мерки со цел да се идентификуваат нелегални технички уреди поставени за да соберат доверливи деловни информации. Овие техники веќе долго време се во употреба и треба сериозно да се сфатат со обѕир на богатите архиви на документирани случаи.

• **Тест на инфилтрација** се однесува на проценка на ранливоста на системите за безбедност кои се однесуваат на згради и области кои се чувствителни со обѕир на активностите, процеси и информации кои се врши или чуваат во нив.[153]

Конечно, треба да се забележи дека заканата од губење на бизнис информации преку правни, неетички и незаконски методи на разузнавање е реално, иако многу компании сметаат дека развојот на квалитетот на системите за бизнис контраразузнавање не се потребни. Спроведување на бизнис контраразузнавањето како дел од корпоративната стратегија на раководството ќе ја зајакне конкурентноста на претпријатијата. Покрај тоа, бизнис контраразузнавање не преставува засебен чекор во рамките на комплетното бизнис разузнавање, но е систематски процес интегриран во процесот на бизнис разузнавањето. Претходно презентираните два графички модели на бизнис разузнавање и бизнис контраразузнавање за крај ќе се постави како еден интегриран модел на разузнавачки активности.

[153] Bernhardt, D. (2003) Competitive Intelligence: How to acquire and use corporate intelligence and counter-intelligence, London, Prentice Hall Financial Times.




Интегриран модел на бизнис разузнавање[154]

[154] Bilandžić, M. (2008) Poslovno-obavještajno djelovanje - Business Intelligence u praksi, Zagreb, AGM.

# 11. ЗАКЛУЧОК

Овој труд претставува обид да се објасни местото, задачите и дисциплините на разузнавањето во борба против "невидливиот" непријател. Заканите постојано се менуваат, но оној кој секогаш е прв да ги открие намерите на оние кои сакаат да ја загрозат државата и граѓаните се разузнавачките служби. Едноставно кажано разузнавањето никогаш не спие. Дури и 90% успех на разузнавањето може да донесе уште еден голем неуспех.

Гледано назад низ историјата, лидерите на државите, владите како и сите останати раководства имале потреба однапред да ги знаат опасностите поради што се појавила и потребата од прибирање на различни видови на информации и податоци. Прибирањето и обработката на информациите за намерите на другите земји всушност претставува разузнавање. Разузнавањето постои откако постои и човекот. Ако знаењето е сила тогаш тајното знаење е скриена сила и има огромна моќ бидејќи познавањето на противникот претставува половина од успехот на било која операција. Разузнавањето е секогаш поврзано со некоја информација, но таа информација ќе биде уште поголема доколку противникот не знае дека имаме податоци за неговите капацитети. Разузнавањето претставува неопходен дел од безбедносниот ситем на секоја држава. Тоа претставува збир на информација, знаење и паметење, всушност означува тајно прибирање на информации со цел истражување на определена област, предмет или лице. Денес разузнавањето претставува витален елемент на секоја меѓународна активност на сите земји во светот, бидејќи разузнавачките информации имаат огромно значење за економијата, политиката, одбраната како и за националната безбедност на земјите. Разузнавачките служби се всушност „очи и уши"на современите држави со помош на нив иднината може да се предвиди, а таа е од голема важност за националната безбедност.

Со брзиот развој на новите информациски системи, податоците стануваат брзо достапни. Банките на податоци располагаат со огромен број информации, но сега проблем е нивното обработување и систематизирање. И покрај меѓународните бази на податоци, кои се мошне транспарентни, се уште постојат (и ќе постојат) документи и податоци кои

се чуваат како тајност, што пред разузнавачките служби поставуваат нови предизвици, нови и посложени задачи. Новите корисници се заинтересирани за целосни и за студиозни информации, а не само за податоци што неминовно придонесува и за повисок степен на интелектуално збогатување на конкретното општество.

Разузнавачката служба како специјализиран дел на државниот апарат придонесува за успешно функционирање на државниот апарат на внатрешен и надворешен план, и нејзина основна цел е да ги сочува сопствените, а истовремено да ги открие тајните на другите држави. Целокупната нејзина активност, дејност и задачи се строго усклaдени со целите и задачите на државата, односно нејзините раководни органи. Како дел од државниот апарат, на истиот му доставува информации и податоци за политичките, воените и економските состојби во соседните и другите држави. На тој начин разузнавачката служба на секоја национална држава и овозможува целисходно да ја води надворешната политика и да ги усклaдува сите облици на меѓународни односи и врски.

Економското разузнавање е основен инструмент за постигнување на соодветни придобивки на компанијата, јакнење на националната економија и реализација на националните интереси на секоја земја во меѓународната заедница. Во современиот свет, двигателите на процесот глобализација ги користат сите легални, но и нелегални, најчесто нехумани методи и процеси за делување на глобалниот пазар во контекст на остварување на проектираните цели. Меѓународното економско разузнавање претставува софистицирана област на делување на меѓународните заедници во услови на глобализацијата. Една од приоритетните активности во кои државата и нејзините ентитети користат конкурентска предност во глобалниот пазар е економското разузнавање, односно способноста да се располага со релевантни информации. Благодарение на добро организираните институции и квалификувани ресурси во сферата на економското разузнавање, една земја може да ги реализира предвидените надворешни економски цели и да постигне значајни ефекти за својата заедница. При тоа важна е конкретна стратегија на функционирање на сите органи на државата на национално и меѓународно ниво.

Имплементација на концептот на меѓународното економско разузнавање се базира на примена на нови технологии во информатичката и комуникациската сфера.

Револуционерниот напредок во информатичката и комуникациска технологија има две влијанија врз земјите во развој. Прво, се отвораат низвонредни можности за забрзување на социјалниот и економскиот развој. Второ, се создава потребата за реформа во политиката и инвестициите, со цел да ги искористат предностите на новата можност и да се избегне пад на меѓународната конкурентност.

Важноста на информатичката инфраструктура е фактот дека со нивното онеспособување ќе се оневозможи работата на сите други критични инфраструктури. Особено се важни информациските инфраструктури кои ги следат и контролираат битните општествени институции и услуги (дистрибуција на електрична енергија, телекомуникации, банкарски услуги, контрола на железнички и воздушен сообраќај, системи за вонредни ситуации, берза и контрола на безбедноста).

Современите национални држави се соочуваат со ризици и закани по националната безбедност, кои се манифестираат преку нелегалната трговија со оружје, дрога и луѓе, корупцијата, тероризмот, организираниот криминал, поседување големи количества илегално оружје, нуклеарни закани со низок интензитет, компјутерски криминал итн. Ако кон ова ја додадеме и промената на геополитичката карта на светот, глобализацијата, невоените закани и притисоци, неминовно го условуваат новиот систематски пристап кон дефинирање, одредување на организациската структура и функционирање на разузнавачките служби, но се и јасен повик за засилување на разузнавањето и разузнавачката дејност. Целите на формирањето и дејствувањето на разузнавачките служби е во функција на извршување на задачите кои се важни за одржување и унапредување на националната безбедност, истите се неопходни за заштита на земјата од опасности и закани насочени кон нејзината безбедност и одбрана, и истите се основа за водење на надворешната и внатрешната политика и за управување со воените и економските работи на земјата. Разузнавањето е доста чуствително подрачје на истражување, и истото се карактеризира со доста тајни и специфични карактеристики. Потешкотии во дефинирањето на разузнавачката дејност и службите што ја извршуваат, произлегува и од самиот факт што разузнавачките служби како специјализиран дел од државниот апарат се легални организации со утврден законски делокруг на работа, но тие

истовремено нелегално работат против други земји, и ова бара висока стручност, професионалност, специјализација и работа на нејзините кадри во сложени услови како и следење на најновите достигнувања на науката и технологијата.

Разузнавањето односно разузнавачките способности на една земја претставуваат решавачки инструмент за интегрално остварување на националната безбедност. Со разузнавањето се обезбедуваат податоци и информации, неопходни за заштита на земјата од опасностите и заканите насочени кон нејзината безбедност и кон нејзината одбрана и други интереси; обезбедување податоци и информации, примарни и обработени, кои служат како основа за водење на внатрешната и надворешната политика и за управување со економските работи на земјата; како и за помагање на политиката за да може да ги предвиди заканите насочени кон нејзината безбедност и да се информираат безбедносните структури за успешно извршување на нивните задачи.

## 9. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Abram N. Shulsky and Gary J. Smith, *Silent warfare-Understanding the world of intelligence*, Potomac Books, 2002.
2. Arnold Wolfers, National Security as an Ambiguous Symbol, Political Science Quarterly, Vol.67, no.4, 1952.
3. Adams J., „Exploring the Frontiers of Espionage", Pimliko, London, 1995.
4. Андреев А. Заговорът на шпионите. Нужни ли са тайните служби? Дойче Веле и Атлантис, КЛ София, 1998.
5. Алекса Стаменковски, *Основи на разузнавањето*, Ѓурѓа, Скопје, 1999.
6. Андреја Богдановски, Управување со безбедносно – разузнавачките служби во Македонија, Скопје, Април 2012 година, достапно на www.analyticamk.org
7. Alem Jean-Pierre, L'espionage: Histore methods; Paris, Lauvauzalle, 1987.
8. Бакрески Оливер и др, Корпорациски безбедносен систем, Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, Стеда графика, 2012.
9. Батковски, Т. Разузнавачка, безбедносна и контраразузнавачка тактика, Скопје, 2008.
10. Bernhardt, D, Competitive Intelligence: How to acquire and use corporate intelligence and counter-intelligence. London: Prentice Hall Financial Times, 2003.
11. Born H., Democratic and Parlamentary Oversight of the intelligence Services: Practices and Procedures, во Sourcebook on Security Sector Reform, Fluri P., Hadić M. (eds.) Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces/Centre for Civil-Military Relations, Belgrade, Geneva/Belgrade, 2004.
12. Brešan Dž., članak u časopisu, CIO Enterprise Magazine, July 15, 1998.

13. Bučar, F. *Upravljanje*. Ljubljana: Cankarjeva založba. 1981.
14. Вукадиновиќ, Р. (1998) Меѓународни политички односи, Загреб. Барбат.
15. Viviani A., Servizi segreti italiani, And Kronos Libri s.r.l.,Roma,1985
16. Вашингтон пост", 11. 12. 1999 година
17. CoESS General Secretariat, *The socio – economic added value of private security services in Europe*. 14 March 2013.
18. Cole G.A., Organizational Behaviour, D.P. Publications Ltd., Aldine Place, London, 1995.
19. Claude Revel, Skema (Expert Centre in Economic Intelligence). Колумна во весникот financial time.
20. Dedijer, S., *Development and Management by intelligence/Japan*, 1991.
21. Десете револуције човечанства, Београд: Драслар партнер Центар Југоисток. 2005.
22. For an in depth description of the intelligence cycle, see Central Intelligence Agency, 2009; United States Intelligence Community, 2009; Federal Bureau of Investigation, 2009.
23. Golsby M. MSc CPP, *Police and private security working together in a co – operative approach to crime prevention and public safety*, Australia, February 1998.
24. Гоцевски, Т. Основи на системот на национална одбрана, Филозофски факултет, Скопје, 2006.
25. Giddens, A. *A Contemporary Critique of Historical Materialism*. London: Macmillan. 1981.
26. Graeme R. Newman & Ronald V. Clarke. 2010. „Policijska dejavnost proti terorizmu". učbenik za vodilno osebje na policijskih postajah. urednika dodanih slovenskih prispevkov Iztok Podbregar, Andrej Sotlar. - Ljubljana: Fakulteta za varnostne vede, Ljubljana, стр. 48.

27. Gunter Whitney D., Hertig Christopher A., CPP, CPOI., *An introduction to theory, practice and career development for public and private investigators*, August 2005.

28. Holmqvist C., Private security companies, *the case for regulation*, SIPRI Policy paper no. 9, SIPRI – Stockholm international peace research institute, January 2005.

29. Зоран Петрович Пирочанац. *Економска шпијунажа*, Институт за политички студии, Белград, 2005.

30. Javorovic, B., Milandzic, M. Poslovne informacije i business intelligence, Zagreb: Golden marketing-Tehnicka knjiga, 2007.

31. Joint Publications 2-0: Joint Doctrine for intelligence Support to Operations, Joint Chiefs of Staff, Washington, 1995.

32. Квигин Томас. *Да се види невидливото-Разузнавањето за националната безбедност во несигурно време*, Магор, 2007.

33. Krstić Randić, J., Uloga poslovne etike u menadžmentu, časopis Lider, Horizont, Banja Luka, 2007.

34. Luttwak, E., *From Geopolitics to Geo-economics*, The national interest, 20, 1990.

35. Љубомир Стајиќ, Основи безбедности, Полициска академија - Београд, 2004.

36. Masleša R., Teorije I sistemi sigurnosti, "Magistrat" Sarajevo, 2001.

37. Мартин, 2006 година; Непознат автор, 2011 година, Business Week

38. Миле, В. За економските аспекти на меѓународните односи, областите на меѓународните економски односи и начинот на нивното регулирање, (1988) Вовед во меѓународни Економски односи (1988) Загреб: Службен весник.

39. Milašinović R., Eyclopaedia Britanica, 1970/XII, Tajne paralele – obaveštajna služba u medunarodnim odnosima, NIRO, 4. Jul, Beograd, 1981.

40. Марко Лопушина, Тајните служби во светот, Србија, 2005

41. Марко Лопушина, Тајните на воените служби за безбедност, Народна книга, Белград, 2004.

42. Митко Котовчевски, Национална безбедност на Република Македонија, I, II, и III книга, Македонска цивилизација, Скопје, 2000.

43. Митко Котовчевски, Тајни Служби, Македонска Цивилизација, Скопје, 1999.

44. Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Македонска цивилизација, Скопје, 2002.

45. Митко Котовчевски, *Национална безбедност*, Филозофски факултет, Скопје, 2013.

46. Митко Котовчевски, *Основи на разузнавање*, Скопје, Филозофски факултет, Скопје, 2013.

47. Митко Котовчевски, *Речник на разузнавачка и контраразузнавачка терминологија*, Скопје, 2013.

48. Милан Милошевиќ, Систем државне безбедности, Полициска академија, Београд, 2001

49. Мухамед Ибраими, Југослав Ачкоски, Зборник на трудови од конференцијата МИЛКОН'12, Современи трендови на разузнавањето во борба против тероризмот, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" – Скопје, Министерство за одбрана на РМ.

50. Методија Дојчиновски, Зборник на трудови, Влијанието на глобалните промени врз системите за национална безбедност, Скопје, 2012.

51. Милошевич, М. Систем државне безбедности, Полицијска академија, Београд, 2001.

52. Modly Duško, Korajlić Nedžad,"Kriminalsitički rječnik", Tešanj, 2002.

53. М. Херман, *Моќта на разузнавањето во мир и во војна*, Академски печат, Скопје, 2009.

54. Masleša R., Teorije i sistemi sigurnosti, "Magistrat", Sarajevo, 2001.

55. Management of Defence, Democratic and Civilian Control, Including Integration of Security Sector.

56. Панчев Ј. Конкурентно разузнавање, Софија, јануари, 2007.

57. Nadieh Nasheri, *Economic Espionage and Industrial Spying*, Cambridge University Press, 2005.

58. Н.Пеце, Општ осврт кон бизнис шпионажата, Еквилибриум бр.6, Економски факултет – Прилеп, март 2012.

59. National Policy Summit: *Building private security/Public policing partnerships to prevent and respond terrorism and public disorder*, 2004.

60. Neskovic S, Ekonomska spijunaza u savremenoj megunarodnoj konstelaciji, Ekonomija, teorija i praksa, Godina IV, broj 1, 2011.

61. Nešković S., Ikonomičeskata diplomacija v konteksta na nacionalnata i globalnata sigurnost, Veliko Trnovo, Bugarska: Univerzitet Sv. Kiril i Metodij, 2011.

62. Operation partnership, Trends and practices in law enforcement and private security collaborations, U.S. Department of justice, Office of community oriented policing services, July 2009.

63. Porter, M.E., "The Competitive Advantage of Nations", Free Press, New York, 1998.

64. Polmer, N. & Allen. B.T. 1997, „Enciclopedia of Espionage", Gramercy Books, New York.

65. Prvulović V., Ekonomska diplomatija, četvrto izmenjeno i dopunjeno izdanje, Univerzitet Megatrend, Beograd, 2010.

66. Petrović Z. Piročanac, Ekonomska špijunaža, Draslar partner, Beograd, 2005.

67. Prvulović P., Ekonomska obaveštajna aktivnost, Originalni naučni rad, Megatrend revija, Međunarodni časopis za primenjenu ekonomiju, Beograd.

68. Petković T., Poslovna špijunaža i ekonomsko ratovanje, Beograd, 2006.

69. Петровић, З. П. Економска шпијунажа: мали водич кроз историју економске обавештајности.

70. Plano, C. J. *The International Relations Dictionary*. (4. izd.). Oxford: Abcclio, 1988.

71. Richard Ktanz,"Industrijska špijunaža nanosi veliku štetu američkom poslovnom sektoru", www.croatiabiz.com, 04/05/2005.

72. Ристо Фотов и др, Економско-финансиски лексикон, Универзитет, Гоце Делчев, Штип, 2013.

73. Rechtin M, 2013; Schofield, H, 2011; D.Ko. 2011; republikainfo.

74. Rodić S., Obaveštajna služba kao društveno-politička kategorija, Beograd, 1969.

75. Roy Godson, Intelligence and National Security vo Rishard Shultz, Roy Godson, Ted Grenwood (eds.) Security Studies for the 1990s, Washington, New York, London: Brassey' s /US/, A Maxwell Macmillan Company, 1993.

76. Rosenbloom, A. D. *Public Administration*. New York: The McGraw-Hill Companies, 1998.

77. Слободан Нешковиќ, Економско разузнавање и новите технологии во глобализираната меѓународна заедница, Факултет за економија и менаџмент, Нови Сад.

78. Savić A., Delić M., Bajagić M., Bezbednost sveta: od tajnosti do javnosti, Beograd, 2002.

79. Smith Bowers B. and Manzi T., *Private Security and Public Space: New Approaches to the Theory and Practice of Gated Communities*, 2006.

80. Šeparović-Perko, I. *Izazovi javnog menadžmenta, dileme javne uprave*. Zagreb: Golden marketing-Tehnička knjiga, 2006.

81. Schmit, M., N., CAN and the jus in Bello: An introduction, K. Bustrom, op. cit. 2005.

82. Strom K., PhD; Berzofsky M., MS; Shook-Sa B., MAS; at all, *The Private Security Industry: A Review of the Definitions, Available Data Sources, and Paths Moving Forward*, December 2010.

83. Стајич, Љ. Основи безбедности. Полициска академија. Београд, 2004.

84. Стоянов Ж. История на шпионажа. И-во "Албатрос". 1998.

85. Tatalović, S. "Nacionalni interesi i nacionalna sigurnost Hrvatske". *Međunarodne studije*, Zagreb: HUMS, Vol. I., 2000.

86. Татјана Гергинова, Научно и теоретско одердување на поимите разузнавачка дејност и разузнавачка служба, Факултет за безбедност – Скопје, 2013.

87. Т.Гоцевски, О.Бакрески, С.Славески, „Европската унија низ примата на европската безбедност", Филозофски факултет, Скопје, 2007.

88. Valasek K., Reforma *sektora bezbjednosti i rodna pitanja*. Set prirucnika o rodnim pitanjima i reformi sektora bezbjednosti. Ur. Megan Bastick i Kristin Valasek. Ženeva: DCAF, OEBS/ODIHR, UN-INSTRAW, 2008.

89. Weiss, A. "Defining Management Intelligence Needs". *Competitive Intelligence Conference*. Zagreb, 2005.

90. Wolfers A., National Security as an Ambiguous Symbol, Discord and Collaboration, John Hopkins University Press, Baltimore, 1962.

91. Wakefield A., *The public surveillance functions of private security*, 2005.

## ДОКУМЕНТИ

1. Бизнис инфо број 224, Стопанска комора на Македонија, Скопје, 21.5.2015

2. Собрание на РМ, „Национална концепција за безбедност и одбрана на РМ“, 2003.

3. Службен весник на РМ“, бр. 21/02

4. Националната концепција за безбедност и одбрана објавена во Службен весник на Република Македонија, бр. 40 од 23 јуни 2003 година.

5. Закон за класифицирани информации, Службен весник на Република Македонија бр. 9 од 27 февруари 2004.

6. Закон за внатрешни работи, Указ за прогласување на законот за внатрешни работи.03.03.2014, Службен весник.Скопје

7. Закон за Агенција за разузнавање, Сл. Весник на Р.Македонија бр.19/95 од 06.04.1995 година

8. Закон за одбрана („Службен весник на Република Македонија“бр. 42/2001), 1 јуни 2001 година.

9. Закон за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија бр. 121/2006“).

## ИНТЕРНЕТ СТРАНИ

1. Crane A., 2003, *In the company of spies: The ethics of industrial espionage*, ICCSR Nottingham University, http://195.130.87.21:8080/dspace/bitstream/123456789/1105/1/15-In%20the%20company%20of%20spies%20The%20ethics%20of%20industrial%20espionage.PDF

2. https://hbr.org/1990/03/the-competitive-advantage-of-nations

3. http://dbki.gov.mk/

4. http://www.finance.gov.mk/

5. http://www.morm.gov.mk/

6. http://www.macedonium.org/Macedonium.aspx?jazik=2&kid=7&pid=25&ppid=227&tid=287

7. http://www.capital.bg/politika_i_ikonomika/1995/03/06/1165333_industrialniiat_shpionaj_e_edin_dobur_biznes/

8. http://www.dw.com/mk/

9. http://bi.mk/shto-e-industriska-shpionazha/spyera.com.mk.

10. http://www.macedonium.org/Macedonium.aspx?jazik=2&kid=7&pid=25&ppid=227&tid=287

11. Kavain, M., 02.05.2014, *S računa hrvatskih tvrtki hakeri ukrali 2 milijuna kuna: sve je počelo instaliranjem virusa...*, Slobodna Dalmacija, http://www.slobodnadalmacija.hr/Crnakronika/tabid/70/articleType/ArticleView/articleId/243641/Default.aspx

12. Mihovilović M, 18.09.2007, *Ucjenjivač Alonso upropastio McLaren*, Nacional br. 618, http://www.nacional.hr/clanak/37955/ucjenjivac-alonso-upropastio-mclaren

13. https://hbr.org/1990/03/the-competitive-advantage-of-nations

14. Управување со безбедноста – разузнавачките служби во Македонија, www.analyticamk.org.

15. www.dcaf.ch/Project/UN-Compilation-of-Good-Practices-on-Intelligence-Services-and-their-Oversight